

ИЛИЈА АЦЕСКИ

# СОЦИОЛОШКИ ОГЛЕДИ

Проф. д-р. ИЛИЈА АЦЕСКИ

# СОЦИОЛОШКИ ОГЛЕДИ

Скопје, 2008

# Прв дел

- Постсоцијалистичка трансформација
- Умирање на рати
- Враќање во иднината
- Коктел на идеи и сметки
- Едноумие и инфлација
- v Егалитаристичка идеологија
- Приватизација
- Пазарна економија
- Повеќепартиски систем
- Homo sovieticus
- Културна траума
- Корупција
- Аморален фамилизам
- Социјален и културен ризик
- Демографско – етнички договор
- Антисегрегациски договор
- Балканот во вртлогот на глобализацијата
- Мултукултурализам,идентитет, глобализација
- Македонија како мултикултурна држава

# СОЦИЈАЛИЗМОТ И ПОСТСОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ РАЗВОЈ УМИРАЊЕ НА РАТИ

Општествените науки во Југославија, прашањето за историската објективност на социјализмот – социјализмот како научен поглед на светот, во глобални аспекти, најчесто го согледуваа како перспективно општесто, а неговата „недоследна" реализација, како критика на самоуправниот социјализам, како недоследна реализација на концептот, а ретко како негација на самиот концепт! Или со други зборови, концептот на самоуправниот социјализам, како можен и историски оправдан, само што е потребно време тој целосно да се реализира. Слично како со експериментот во природните науки, кој ќе успее само ако се присутни сите елементи и ако се доведат во соодветна меѓусебна положба. Но, не и дали е можен таквиот експеримент.

За кризата на социјализмот се говори десетина години, а прашањето дали таа е негов составен дел од почетоците на создавањето и претставува негова инхерентна суштина никогаше не било поставувано!

## Неуспешен експеримент

Социјалистичкиот систем, како експеримент во практиката онака како што се реализира, завршува неуспешно, што по сè изгледа е беспредметно да се докажува и се земе за „очигледно". Наместо тоа се поставува прашањето за кризата на општеството која започнува со „пропаста" на социјализмот, со што се обновува интересот за карактерот на кризата на општествениот систем кој е во тек на настанување. Пропаста на социјализмот се покажува како почеток на „крајот на историјата", како „враќање во иднината", како повторно „зададена утопија".

Целта која е овде поставена има скромни намери: прашањата не се целосно елаборирани и се без потребната логичка структура. Таа се движи околу прашањето за генезата и карактерот на кризата

во донеодамна наречените, „социјалистички општества", а која произлегува од односите меѓу идеологијата, политиката и економијата без нивно поконкретно определување. На почетокот едно неодминливо прашање: Имено, дали кризата (како процес на распаѓање на легалните институции и истовремено како процес на формирање на нови) во која заплива општеството произлезе од логиката на историските закони за неможноста да се гради општествен и политички систем надвор од законите на пазарната економија и приватната сопственост, на овој степен на развој на глобалното општество. И уште нешто, ако позитивно се одговори на ова прашање, како и дали воопшто мое да се врати општеството во „нормална состојба „како состојба на пазарна економија и приватна сопственост, или, некој друг тип на општество, исклучувајќи ги општествената или државната сопственост и еднопартискиот систем? Размислувањата кои се овде присутни се базираат на социолошките анализи до оној момент до кога социјализмот се подразбираше како можен историски облик на општеството. Она што излегува надвор од тоа може да се разбере само како хипотеза и никако на друг начин.

Идеолошката парадигмна на критиката на буржоаските институции е сведена на критика и отфрлање, главно преку укинувањето на приватната сопственост на културните вредности, неформалната демократија: со изчезнувањето на приватната сопственост ќе исчезне експлоатацијата, неформалната демократија ќе се замени со вистинска (непосредна, државата ќе одумре, ќе се создаде економија чии добра ќе бидат достапни за сите, наместо економија на профит и слично во таа насока!

Но, она што се нуди како сценарио за иднината, во свеста кај широките маси, а пред сè кај работниците, формира сознание дека социјализмот не само што не ги надминува противречностите кои произлегуваа од класните разлики, туку дека се создаваат неоправдани разлики и класни нееднаквости кои произлегуваат токму од она што требаше да послужи за нивно надминување, од местоположбата во системот на моќта и власта, која создаде реални препоставки за целосна бирократизација и ги блокира демократските процеси во општеството.

Ако во дефиницијата на економијата ја подразбереме и суштинската определба дека тоа е економија за задоволување на потребите за сите членови на општеството, тогаш во општествената практика, како доволен критериум на доследноста на системот со неправедната распредлба на материјалните добра, во корист на едно одбрано малцинство, се формира комплекс на ненадминливи противречности и судири кои, беа привремено загушувани преку механизмот на толеранција од страна на владејачката елита, на ниската продуктивност и преку обезбедување на социјална сигурност низ системот на распределба, во кој целосно се напушти принципот на распределба според трудот и се замени со принципот на егалитарност, со што започна процесот на контрареволуција, која неочекувано ги зајакна позициите на легалните институции со што се отвори процесот на целосна идеолошка обработка на поединецот, сведен на политичка подобност, конформистички карактер и слично, како „мотивирачки" фактори на неговиот просперитет! Генераторот на кризата на општеството стана составен дел на социјалистичката идеологија на егалитаризмот, во услови на општествена сопственост и политички модел на самоуправувањето, кои се покажаа крајно несоодветни од аспект на економскиот развој, што е точно, зошто се блокира развојот на општеството воопшто, и ги уништија претпоставките на формалната демократија што е трагично, зошто целосно го уништија уверувањето дека демократијата е можна во еднопартиски систем. Примерот на Македонија ја потврдува точноста и трагичноста на овие процеси.

## Крај на почетокот

Социјализмот создаде еден затворен тоталитарен систем со еднострана економија насочен кон интензивна индустријализација, која за сметка на селото и земјоделието и евтината работна сила го отвори процесот на модернизација на сиромаштијата, врз строго контролирани политички и идеолошки основи, што посебно тешко му паѓа на мнозинството од населението. Идеолошката принуда уништува дел од антрополошките основи на личноста, за разлика од економската која се

закнува со глад до смрт! Радикалното разорување и напуштање на легитимитетот на традицијата особено во општествата кои се наоѓаат во преткапиталистички стадиум (колективизација, национализација, насилна културна трансформација) правени од името на марксизмот и социјализмот, уште на самиот почеток го доведоа во прашање опстанокот на социјализмот. Непобитен доказ за тоа е колапсот на стопанството последните неколку години, со што започна разорувачкиот процес во сите сфери на општествениот живот, со тешки последици, од агрокомплексот до создавање на претпоставки на патолошка урбанизација на поголемите градови, како жаришта на перманентна криза која уште долго време ќе го следи постсоцијалистичкиот период.

## Отворено прашање

Прашањето за карактерот за автентичноста на југословенскиот тип на социјализам останува отворено, и покрај тоа што се чини дека со него е свршено, од проста причина што тој не може реално да се укине. Нема одговор на прашањето за начинот на трансформацијата на општествената сопственост, која сè уште создава 90% од националниот доход. Тоа што денес нормативно се изедначени сите облици на сопственост практично уште не значи ништо за радикалната трансформација на општеството, и за „новата" идеологија која се создава на основите на приватната сопственост и реприватизацијата или плурализмот на сопственост и која уште не е ни малку моќна да изврши пресврт. Не постои општествена сила која може тоа да го изведе. Можност за контрареволуција, не е изводлива како реставрација на капитализмот. На нејзино место се изведе еден друг тип контрареволуција, кој се изрази, како систем на тоталитарна идеологија и власт.

Ова не доведува до сознанието дека социјализмот го претворил општеството во стадиум на неразрешливи противречности, како неможност во блиска иднина да се формира блок на социјални сили како субјект на радикални промени.

За постсоцијалистичкиот период се отворени повеќе сценарија. Едно од нив е содржано во „бесконечното" преживување на оста-

тоците на социјализмот, сѐ до оној момент до кога целосно ќе се „раствори" општествената сопственост, низ процесот на пазарната економија, како парадигма за „здраво" општество од типот на оние кои до вчера се прогласуваа за „трули", а денес упорно се настојува да им се приближиме и просторно и идеолошки и економски. Можни се и други опции како екстремни одговори за излез од кризата на општеството, но за кои не постојат скоро никакви сознанија.

Анатомијата на кризата на југословенското општество поседува сложена структура на процеси и односи кои создадоа еден изразито антагонистички општествен механизам, кој не поседува речиси никакви интегративни претпоставки. Во социјалистичкиот период тој систем функционираше по принципите на една волунтаристичка утопија на владејачката комунистичка елита. Правно – нормативно – се формира како утопија со крајно дефинирани цели, кои се слеваа во идејата целосно ослободудвање на човекот, на економски план, како афирмација на работната единка како самостојна и независна од идеологијата и врз принципот на распределбата според трудот, на политички план, како идеја за целосна слобода на единката и правото на човекот како носител на власта и управувањето. Но, се чини дека праксата сите овие идеолошки потки на системот ги негира како и воопшто да не постоеле. Прашањето е како да се создадат нови врз принципите на едно поправедно и попрогресивно општество.

*„Нова Македонија", 8.09.1990 г.*

## ВРАЌАЊЕ ВО ИДНИНАТА

*Приватизацијата мора да значи приближување кон демократскиот модел на живеење, што подразбира морална обнова на обесчестениот човечки труд, постепено враќање на вербата во трудот како влог за подобра иднина. Историските искуства покажуваат дека приватизацијата е дел од системот кој се гради неколку столетија, а кај*

*нас станува збор за промена на основите на системот, за фундаментална општествена операција, која според длабочината на зафатот не заостанува зад една револуционерна промена на системот во целост, која се настојува „салонски да се изведе“.*

Приватизацијата, или преструктуирањето на стопанството е поим за радикална трансформација на општеството, нешто слично како враќањето на кајганата во јајца. Довчерашниот социјалистички свет, соочувајќи се со проблемите на стагнација, сиромаштија, па дури и со глад се најде во ситуација да се врати на проверените патеки на капитализмот а врз чија критика долго време ги црпеше своите мотиви на постоење партискиот и државниот врв, за во еден краток период, едноставно ги преврти своите погледи за пазарна економија, приватизација, профит и над сè, како што може да се слушне од „новите“ идеолози, да заживее замреното или речиси мртво стопанство, да се подигне моралот за работа кај широките работни маси, а сето тоа да резултира во зголемување на стандардот на живеење и да се овозможи приближување до европскиот цивилизациски круг, на кој просторно му припаѓаме, но културно сме прилично оддалечени!

Ако за социјалистичката изградба Советскиот Сојуз беше урнек и повеќе или помалку системот беше „скроен“ по принципите на ленинизмот, и кога се сметаше дека тоа се напушта, нешто слично се случува и со враќањето кон пазарната економија. Но сега тоа доаѓа од развиениот Запад, од кој се „позајмува“ сè што се смета за важно, но се разбира, со помал „успех“, од проста причина што воведувањето на пазараното стопанство и плуралистичката демократија, не може да се реализираат како „чинот на социјалистичка револуција“. Идеолошката матрица со која социјализмот ја опредмети сопствената логика на постоење не може да се споредува со онаа која значи „враќање кон иднината“, односно кон капитализмот. Ако говориме од еден историски аспект, социјалистичката идеја се роди, заживеа и се релаизира и како „напуштање“ на „злото“ што со себе го носеше капитализмот како „отуѓување на човекот“, односно како враќање на изгубеното достоинство на човекот, кое му го одзеде начинот на производство во капитализмот!

Но сигурно е дека до идеолошката смисла на приватизацијата, во услови кога најголемиот дел од населението осиромашува со многу поголем интензитет отколку што се /или ќе бидат/ видливи позитивните ефекти на приватизацијата, никогаш нема да се дојде до нејзиното позитивно значење. Затоа се наметнува една „само по себе разбирлива вистина" во која би било пожелно да веруваме, без разлика на тоа дали навистина некои ќе бидат многу богати, а некои навистина уште повеќе ќе бидат сиромашни, дека патот на приватизацијата е единствено можниот пат, и дека друг пат за излез од денешната криза не постои. Приватизацијата ќе го добие вистинскиот социолошки легитимитет тогаш кога во тоа навистина нема да се сомнева најголемиот дел од населението кое ќе живее во сиромаштија!

## Уништена човечка супстанција

Социјализмот посматран од еден социолошки и социоекономски аспект/во некоја смисла дури и антрополошки/беше експеримент, кој во името на „вишите" цели уништи дел од човековата супстанција формирана низ историјата и која по неговото пропаѓање се покажа колку била нужна за да може да функционира општеството како нормална заедница на луѓе! Дел од таа супстанција е содржан и во феноменот на разградувањето на сопственичката структура базирана врз принципите на социјалистичката револуција како насилничко преструктуирање во колективна сопственост, која го доведе во прашање идентитетот на човековото општество и го изобличи неговото постоење низ системот на идеолошката самоизмама дека станува збор за едно „праведно" општество, а во суштина го доведе во состојби на длабоки неправди, и каде исчезна огромна човечка енергија, или беше насочена во погрешна насока.

Сметам дека е грешно да се мисли дека општеството градено врз колективната сопственост е „општество на злото", кое го изопачи мотивот на човековата егзистенција, но, тоа почна да наликува „на тоа" оној момент кога го исклучи, демотивира, уништи „обичниот" човек, или му стави до знаење дека играта со чесниот труд заврши, дека

успехот на животот не зависи/или не зависи само/од способноста и љубовта спрема работата, туку од „невидливите“ сили на подмитливоста, полтронството, шпекулацијата, црната берза, мафијата, и уште десетина други пороци, а сѐ во името на „вишите цели“. Во речиси сите социјалистички земји изградбата на социјализмот кулминира со развиено подземје, црна берза, систем на мафии, корупција, што не значи дека го нема во земјите со пазарно стопанство и повеќепартиски систем, но ги нема „вишите цели“.

Ако приватизацијата се разбире како „техничко прашање“, како транзиција на општеството со „луѓе без глава“ и „празни стомаци“, кои едноставно треба, за нивно добро, да се пренесат од „другата страна на доброто и злото“, тогаш, се чини, дека навистина ни главните протагонисти не знаат што е приватизација! Преструктурирање не значи само поголема продуктивност или искористеност на средствата и луѓето, таа не е само економска категорија. Во услови на „договорната економија“ постоеше висок степен на социјална неправда, но како „божја казна“ за сите. Приватизацијата мора да значи приближување кон демократскиот модел на живеење, што подразбира морална обнова на обесчестениот човечки труд, постепено враќање на вербата во трудот како влог за подобра иднина. Ако таа се сфати само како процес на поларизација на општеството, како поле за шпекулација и брзо збогатување на едно срекно малцинство, постојат големи изгледи да се репризира „враќањето на колективизмот“ од некој друг посовршен тип!

## Фундаментална операција

Преструктурирањето на стопанството (читај: сопственоста, врз која треба да се гради новиот општествен систем) настанува како „мирна револуција“, односно како премин од едно релативно длабоко раслоено општество, кога една класа и во услови на општествена сопственост и „виши цели“ присвои голем дел од националното богатство, во општество во кое богатството на поединците е услов да се купи она што преостанало и тоа да се направи профитабилно, и за оние кои тоа

ќе го купат, но и за државата и останатиот дел од народот. Не е тешко да се замислат дел од новите акционери, кои живеат во удобни општествени станови или се возат во луксузни државни лимузини. Процесот на транзиција, како ослободување од општествената сопственост може да се разбере и како продолжување на некои веќе одамна започнати процеси на присвојување, кои добиваат легална форма. Тоа е можеби и некаква предност, но нејзината морална страна е застрашувачки погубна за самиот процес.

Прашањето, дали треба да се биде заслепен од „пазарната економија“ како клуч за сите неволји, не е академско прашање или прашање на експертите. Напротив, сметам дека една добро „технички“ изведена приватизација, побрзо ќе не приближи кон неразвиените африкански или латиноамерикански земји, отколку кон развиена Европа.

За тоа постојат повеќе индиции. Прво, самиот процес уште на почетокот добива, ни повеќе ни помалку, обележје на грабеж /креативен грабеж/. Второ, постојаното повикување на искуствата од развиените земји е сосема погрешно. Приватизацијата е дел од системот кој се гради неколку столетија, а кај нас станува збор за промена на основите на системот, за фундаменталната општествена операција, која по длабочината на зафатот ни малку не заостанува зад една револуционерна промена на системот во целина, а која се сака „салонски да се изведе“. Станува збор за промените на системот на парче, каде што се губи драматиката, но затоа на производот му недостасуваат многу нешта да биде тоа што е замислен. Трето, ќе постојат толку начини, модели, постапки на приватизација колку што има и политички партии, кои секоја во борбата за власт ќе го брани сопствениот, кој и не мора суштински да се разликува од другите. Сигурно е дека моделот на една „лева“ партија ќе се разликува од моделот на една „десна“ партија, или партија од „националниот“ блок и така до бескрај.

Ослободувањето од минатото како пазарна операција е тешко изводливо и поради фактот што длабоко во свеста останаа напластувања за социјализмот као „светски процес“, на кое денес му додадовме уште тоа дека не „доведе до пропаст“ и целосна завист од развиените земји, од кои ќе мора да питаме леб и признавање! Но тоа е друга

приказна. Да веруваме, сепак, дека приватизацијата ќе го врати достоинството на луѓето, на „обичните луѓе", кои во таа борба нема да ги води само „чистиот профит", туку и просперитетот на народот и државата. Најголемиот дел од луѓето не веруваат дека за својот труд ќе бидат наградени на „оној свет", туку овде на земјата, ниту веруваат повеќе во идеалите за „идното општество", туку токму за постојното општество. Кога Ниче ја најави смртта на Бога, социјализмот беше роден, денес социјализмот и Бог се мртви, но кога се раѓаше капитализмот на Запад, Бог беше сојузник со оние кои пливаа во сопствената пот. Кога се раѓаше социјализмот, кај нас, Бог беше намерно убиван, зошто немаше место за двајцата, Бог е само еден. Приватната сопственост остана како божји дар на капитализмот, а нејзиното укинување како зла судбина на социјализмот.

*„Епоха", 15.02.1992*

## КОКТЕЛ ОД ИЗМЕШАНИ СМЕТКИ И ИДЕИ

Првата фаза од уништувачкиот поход против социјализмот заврши, следи неговото реновирање како државна творба. Преодниот тип на општество во кое од неодамна живееме, можеме да го идентификуваме како државен социјализам од парламентарен повеќепартиски тип, една крајно противречна творба на непомирливи противречни интереси на групи и поединци кои се борат за власт, моќ и богатство, спротивставени национални и религиски групи кои се борат за територии, влијание и независност.

Остатоците од самоуправниот тип на државниот социјализам, исто така, недефинирана експериментална општествена ситуација, остави длабоки траги насекаде: во економијата завршува како општа пропаст и сиромаштија, во политиката како огорчена борба за власт. Општеството се доведе во ситуација на предграѓанска демократија, каде што чувството на национална гордост се најде во заедница со чувството на омраза и стравот од сиромаштија. Ако социјализмот не

завршеше со граѓанска војна ќе продолжеше како антиреволуција на револуцијата, односно како вистинска антибирократска револуција.

Трансформацијата на системот почна како трагикомична постапка: да се урне идеалната конструкција на комунизмот и општеството се врати во претсоцијалистичкиот стадиум. Вториот парадокс на системот е тоа што идеолошката основа остана, а власта ја промени персоналната структура. Претпоставките за новата трансформација останаа исти, што доведе до обнова на слична власт, но без идеологија, што значи дека преминот кон новиот преоден тип на општество не биде идеолошки оптоварен. Оттаму и доаѓа сознанието дека е потребен „неидеолошки" устав, „експертска влада", заштита на „сите видови сопственост", и непречено „богатење" на сите луѓе и многу нешто во таа насока.

Третиот парадокс е формиран во сферата на свеста, надградбата, културата, идеологијата, науката. Проблем не се оние кои ја материјализираа својата положба во социјализмот, за кои до неодамна социјалистичката идеја беше света работа, за денес да биде прогласена за виновник за сѐ и замразена од дното на душата. Станува збор за мнозинството од населението кое ќе мора да ја разбере својата независна положба, сопствената сиромаштија, за да не стигне да ги замрази оние кои доведоа до тоа и да го наплати својот долг на еден општ и морален начин. Со граѓанската војна се уништи револуционерниот дух кај обеспravените, кои како казна за општата пропаст се убедуваат дека е сепак попожелно да се живее во капиталистичко неразвиено општество. На тоа се надополнува и парадоксот на економската диференцијација. Колку повеќе општеството се движеше кон општата пропаст, толку повеќе се концентрираа на половите на социјалната скала економски моќните и сиромашните пролетеризирани селани и градска сиромаштија.

Едно од клучните прашања кое денес се поставува гласи: како да се дефинира пожелниот практично-политички ангажман на поединците и општествените групи да го разберат, прифатат наследството од минатото и покрај него, или спроти него, да изградат еден нов систем. Дали е тоа можно? Дури и под предпоставка да нема отворени судири.

Наследството што го остави социјализмот во реалните односи, сигурно е дека не ќе може да се надмине по уставен пат /со нов Устав/,

како помирливост со минатото и верба во иднината /граѓанската демократија/. Државниот социјализам од парламентарен тип, молскавично формиран како систем на „случајно" заскитани идеи и поединци со маглива идеологија, сигурно е дека нема едноставно да изгради базична инфраструктура на демократски институции. Тоа ќе стане можно оној момент кога сферата на капиталот и профитот ќе го издејствуваат своето место во системот на капитал и профит со јасно препознатлива идеологија и интереси.

Затоа времето во кое живееме е условено преодно, за кое не знаеме кон што! Од една страна приватизацијата е можна само како грабеж, тоа што таа ќе добие институционална рамка не е ни најмалку битно, а повеќепартискиот систем ќе биде единствено можен само како систем на национални партии, зашто партијата од граѓански тип е противречна на системот на државниот социјализам од парламентарен тип, од друга страна.

Тоа само покажува дека во општеството освен за некои интереси кои се лоцираат во сферата на ирационалните национални чувства, кои и сега успешно се експлоатираат од владејачката елита, други интереси, како конкретизирани фрагменти на системот кој се претставува како нов, практично нема. На пример, во сферата на образованието, освен „рационализацијата" и дискусии за „еднодвојазичност" практично друго нема. Нема доволно критичка свест, која јасно ќе ги разграничи интересите и вредностите во образованието и воспитувањето. Слично е во сферата на јавното информирање, кое се движи во прилог на етатизацијата на целокупниот живот, формално бранејќи ги придобивките на граѓанското општество. Тоа доведува до препознатлива ситуација кога државата станува „цел на самата себе", неконтролирана, но со чести персонални промени во врвовите, инспирирани од партиските борби за влијание и доминација во одделни сектори.

Во преодната фаза кај човекот се пробуди чувството за политика кое во периодот на една партија–една идеологија–една држава, беше често силувано и блокирано во името на вишите цели. Тоа чувство во „преодниот период" создава погубни резултати, зашто општеството го претвори во полигон за тестирање на разни видови идеологии.

Обидот да се дефинира идеолошката матрица на човековите ставови и вредности на „новиот систем“ не соочува со еден стадиум на замрачување на умот, во кој привршува процесот на дивинизација на нацијата и започнува процес на социјализација на страстите и материјалните интереси. Во суштина, се затвора кругот на противречностите, кои наоѓаат свое излезно решение во државниот социјализам од парламентарен тип, кој од една страна, го отежнува процесот кон демократизација, а од друга, ги затвори приодите за враќање назад!

Преминот кон граѓанско општество по сѐ изгледа е отежнат во оние општества во кои егзистираат повеќе националности и религиски групи за кои е тешко остварлив еден заеднички тип на општествена организација. неговата реализација, барем тоа се покажа во досегашниот развој, води неминовно кон либерализација. Како, на пример, е можно слободно движење на капитал и луѓе во средини каде што постои висок степен на хомогенизација во просторот? Концептот на граѓанското општество претпоставува и некои елементи на граѓанска свест и однесување а не бункери на идеологија и етнички, национални или религиски групи.

Во општеството во кое се ослободува голем дел од разурнувачката енергија, низ социјалните конфликти реализацијата на „владеењето на правото“, „социјалната држава“ или „праведноста“ е далеку поедноставно, за разлика од општествата, каде што конфликтите суштински се лоцирани во сферата на религиозното и националното. За идеологија која овде е застапувана, тоа е уште еден прилог кон „вечноста“ на преодниот карактер на општеството од типот на државниот социјализам со повеќепартиска парламентарна демократија. Борбата за власт во овој систем е изместена од нејзиното „природно“ лежиште, од сферата на економијата и политичките интереси кои произлегуваат од тоа, а е насочена кон сферата на „имагинарното“ национално битисување, како доживување на неправдата, потиснување, запоставување, сѐ до оној момент, кога кај двете спротивставени национални страни не се формира доволно „критична маса“ за меѓусебна пресметка. Во таа смисла, Балканот навистина изобилува со можни сценарија, кои неретко се поттикнувани однадвор, но и одвнатре!

„Европските стандарди", кои се резултат на еден долг временски период, можат да бидат применувани на овие простори, но уште сме недоволно свесни за тоа какви процеси ќе отворат. Тоа личи на една црна кутија во која знаеме што влегува, но никогаш со сигурност не знаеме што ќе излезе. Таа ситуација е слична со изградбата на социјализмот и неговото заминување од историската сцена! Неговата изградба беше далеку полесна, како и неговото укинување, од неговото евентуално разградување. Дури постои едно реално сомневање дали е можно негово суштинско разградување, и ако е можно, (за кое денес никој и ништо сериозно не може да претпостави), дали е можно само како „систем на грабеж" евтина распродажба на општествената сопственост и сл. Тоа е најсилниот аргумент за долговечноста на преодниот тип на општество, кое по „форма" ќе биде граѓанско, а по „содржина" социјалистичко, затоа што не постојат механизми на реприватизација кои можат да обезбедат развој.

*„Епоха", 19 октомври, 1991 год.*

## ВРАЌАЊЕ ВО ИДНИНАТА 2

*Специфичноста на реформите на југословенскиот пат во социјализмот е и тоа што тие или се прифаќаат како „откровение" на политичката елита, или како казна за непослушност на народот, кој не сакал да ги почитува прекрасните закони кои, бездруго, ќе му обезбедат подобра иднина!*

Социјализмот во Југославија продолжува да се реформира. И колку да е тоа чудно, карактерот на реформите не зависи од длабочината на кризата, туку, пред сè, од способноста на партиската и државната бирократија да го реформира системот и за себе обезбеди поволна позиција! Сите реформи во повоената историја на социјалистичка Југославија биле инспирирани од длабоката потреба на субјектите на револуцијата, како да се одржи монополот на власта и управувањето, односно како да се контролира општествениот капитал, кој отргнат

од контролата на оние кои го создаваат, создаде реални претпоставки за експерименти во општеството.

Првото и основно прашање кое сегашната реформа не го решава /дали воопшто може да го реши/, е прашањето за судбината на општествената сопственост. Една од револуционерните задачи во изградбата на социјализмот беше и надминувањето (укинувањето на приватната сопственост, односно подржавување/поопштествување на средствата за производството и ограничување на големината/вредност на средствата за производство и приватната сопственост/земјишен максимум, максимум на вработени во приватните претпријатија и сл./

## Едноумие и инфлација

На претпоставките на државата–општествената сопственост израсна еден изразито неефикасен, бирократски политички систем и неефикасна и хаотична економија, кои резултираа во две меѓусебе поврзани состојби: едноумие и инфлација, односно политички монопол и сиромаштија за најголемиот дел од населението и работничката класа. Системот се блокира самиот себе си и се затвори во сопствената немоќ да одговори на предизвиците на новото време.

Ако револуцијата радикално ги пореметува стекнатите позиции на општествените групи, класи и слоеви во општеството, главно во сферата на сопственичките односи и политичката моќ, реформата само ја релативизира позицијата на носителите на моќта во политиката и економијата и делумно го афирмира значењето на другите видови сопственост и другите идеологии, но не може никогаш да го промени она што револуцијата го направила како главно! И оттаму прашањата од типот: дали е можна пазарна економија во услови на доминација на општествената сопственост, и дали е можна демократија во услови на еднопартиски систем, прашања на кои, за жал, нема задоволителни одговори!

Специфичноста на реформите на југословенскиот пат во социјализам, е и тоа што тие или се прифаќаат како „откровение“ на политичката елита, или како казна за непослушност на народот, кој не сакал да ги почитува прекрасните закони кои бездруго ќе му обезбедат

подобра иднина! И денес тоа е во мода!. Не штрајкувај, молчи, издржи неколку месеци или години, а после ќе видиме? Тоа може да има вредност во услови на длабоки резолуционерни промени, каде што е извршена радикална прераспределба на општественото богатство, кога навистина голем дел ќе ја почувствуваат казната за „непослушност". За оние што нема што да изгубат, освен сиромаштијата, тоа е цинизам на власта. Такво нешто не се случило првпат, ниту тоа е специфичност на социјализмот. Повикот за стрпливост, послушност, одрекување, жртвување, молчење е посакуван од сите кои се на власт. Само народот треба да се согласи и с" ќе биде во ред!

## Егалитаристичка идеологија

Реформите на стопанскиот и политичкиот систем целосно ги укинаа илузиите за социјализмот како бесконфликтно општество и сè повеќе го зацврстија уверувањето кај „обичните" луѓе, дека, сепак, во иднина, уште долго ќе живеат во несовршено, експлоататорско, неправедно, пазарно општество, но и демократско, плуралистичко, приватно–сопственичко, општество на богати и сиромашни, со контролирана власт и зауздана држава и повеќепартиски систем и парламентарна демократија.

Мислам дека најпосле им олесни на луѓето; кај најголем дел од нив исчезна тегобноста, дека ако мора да живеат во несовршен систем еден ден ќе мора да живеат во идеално општество! Потрагата по идеалното општество по сè изгледа не била лесна и наивна ментална вежба на владејачката бирократија, социјализмот да го поврзе со слободата и среќата на човекот, а притоа да заборави дека тој мора да биде нешто повеќе од сите други системи, ако сака да остане на историската сцена. Но таквото размислување се граничи со едно од најглупавите прашања во науката, за можноста и остварливоста на утопиското, односно дали воопшто е можна утопија. Ако е можна, не е утопија, но незгодно е тоа што во социјализмот како реален процес таа почна да се остварува, но и дојде до сопствена целосна негација, како диктатура или тоталитаризам!

Суштината на реформата на социјализмот некои ја гледаат во ослободување од колективизмот и од идеологијата за еднаквите луѓе. Општествената сопственост се претвори во идеална творба за реализација на егалитаристичката идеологија. Најголемиот дел од енергијата на политичката елита последните неколку децении беше насочена во создавање на поединечни и групни сегменти во економијата и надградбата, кои посебните интереси ги наметнуваа како општи, а општите ги претвораа во егалитаристичка идеологија, со што се создаде еден изразито сложен општествен механизам за одбрана на конформизмот, кариеризмот, некреативноста, непродуктивноста, непотизмот, а против, најчесто, измислените непријатели и негативности на социјализмот. После сето тоа, се чини, дека повеќе не ќе мора да се измислуваат непријателите на сопцијализмот. Тоа е една од големите придобивки на сегашните реформи.

## Поединецот во центарот на системот

Тоа ги ослободува луѓето од „високите" идеали и жртви за иднината, а за замена на тоа им нуди, реална економија, мало стопанство, доволна заработувачка, сигурност да преживеат, повеќепартиски систем и правна држава и го истакнува поединецот во центарот на системот.

Во што се содржи вредноста на поставувањето на поединецот во центарот на економијата и политиката, односно во услови на пазарна економија и повеќепартискиот систем, односно, што се случува, или ќе се случи со општите, заедничките или надиндивидуалните интереси во општеството? Дијалектиката на општото, посебното и поединечното во колективистичката идеологија, ги манифестира и ги цементира општите цели и интереси, но кога под нивната лушпа како скриена суштина се појавија интересите на владејачките групи како паразитски израсток, тогаш тешко да може да се покрене индивидуалната волја за акција, ако истата нема пред себе јасно дефинирана и сигурна програма како гаранција за индивидуален успех, кој претежно се содржи во видливи придобивки како на материјален, а уште повеќе, тоа, за жал, се занемарува во реформата на духовен план. Успехот на

реформата зависи од степенот на убеденоста на милиони „обични" луѓе кои сопствената енергија доброволно треба да ја насочат кон определените цели. Остварувањето на сопственосто, поединечно добро е во исто време и остварување на заедничкото, општото добро, за што, повеќе не е потребна силна држава или репресивна власт и идеологија, туку, пред сè, здрава економија со рамноправни форми на сопственост, правна држава со политички плурализам, но и поправедна распределба на општествените добра без што нема хумано општество.

*„ЛИК", 30.01.1990 год.*

## ПРИВАТИЗАЦИЈА, ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА, МОЖНОСТИ И ЗАБЛУДИ

Приватизацијата на јавниот сектор во развиените западни држави започнува на почетокот на осумдесеттите години, значи, една деценија пред она што ќе почне да се случува на тој план, на почетокот на деведесеттите години, во земјите со социјалистичко општествено уредување.

Нашата цел не е детаљно да ги анализираме тие процеси, туку, пред сè, да укажеме на некои суштински аспекти, за кој сметаме дека се значајни кога се разгледува приватизацијата и воопшто процесот на транзиција. Во тој контекст, оправдано се поставува прашањето за тоа, зошто дојде до приватизација на јавниот сектор и кои беа очекувањата на владејачките групи и најпосле што е тоа што доведе до позитивни резултати во економијата и демократските процеси.

На почетокот на анализата да укажеме на суштинските разлики меѓу трансформацијата на економските системи во развиените земји со пазарно стопанство, од една, и трансформацијата на економските системи во поранешните социјалистички земји од Источна Европа, од друга страна (Узунов, 1995).

Трансформацијата на економиите на развиените земји претставува преобразба на системот, но без да се напуштат неговите суштин-

ски карактеристики–системот во суштина останува непроменет, а транзицијата во поранешните социјалистички држави претставува настојување за премин во нов систем без задржување на претходните белези (Узунов, 1995).

Дискусиите за приватизацијата во економската наука се присутни уште поодамна. Приватизацијата во развиените земји главно е мотивирана од идеолошки и прагматични причини (Гризо, Давитковски, 1994; Гризо, 1993). Прво, се верува дека приватните претпријатија се инхерентно поефикасни од јавните, кои не мора да се натпреваруваат за капитал на отворениот пазар, ниту пак мора да се задоволуваат желбите на потрошувачите. Потоа, присутно е уверувањето дека јавната сопственост ја загрозува економската слобода. Третиот аргумент е поврзан со преголемото влијание на синдикатот. Се смета дека приватизацијата ќе ја поткопа преголемата моќ на синдикатите. И најпосле, со продажба на државните претпријатија се обезбедува значаен приход за државата.

„Ќе го покажеме постоењето на *прима фацис* случајот, *поткрепен со достатни докази кога судиме за некого во согласност со неговите сопствени цели дека приватното раководење е поефикасно од државното. Тој заклучок, меѓутоа не ја усогласува општата претпоставка во корист на приватизацијата. Веројатни ако не и неизбежни последици од приватизацијата се дека раководителите ќе им придаваат поголемо внимание на целите поврзани со профитот. Дали тоа ќе доведе до зголемување на економската ефикасност, делумно ќе зависи од степенот на промашувањата на пазарот" (Yarrow, G., 1989, p. 387)*

Во суштина како што смета Јароу (Yarrow) промашувањата на пазарот ги навело многу економисти да се залагаат за национализација. Истражувањата во педесеттите и шеесетите години укажуваат на повисока ефикасност на јавниот сектор во однос на приватниот. Меѓутоа, со текот на времето се јавија проблеми кои во голема мера ја детерминираат неговата ефикасност во негативна насока. Сосема накратко, тие можаат да се сумираат во следново: прво, претерана бирократизација во управувањето; второ, претерано инвестирање во јавните објекти и претпријатија од јавниот сектор; трето, пре–

големо вработување и најпосле, четврто, намалена ефикасност во целокупното работење.

На почетокот на седумдесеттите години, истражувањата кои беа спроведени, ја потврдија економската инфериорност на јавниот сектор. На почетокот на осумдесеттите со доаѓањето на власт на конзервативната партија на чело со Маргарет Тачер, започна процес на приватизација, со која се поставија следните цели: подобрување на ефикасноста на фирмите, зголемување на приходите на владата, создавање на „акционерска демократија", поголема застапеност на приватната сопственост во сферата на домуивањето и ослободување од претходното влијание на синдикатите врз економијата.

Процесот на приватизацијата во развиените земји по 80-тите години зеде големи размери. Но, секогаш треба да се има предвид фактот дека јавната (државната) сопственост во овие земји дава само околу 10% од националниот производ, за разлика од поранешните социјалистички земји, каде што тој однос е обратен. Потоа, условите во кои приватизацијата се одвива битно се разликуваат од оние во пост-социјалистичките земји. Гризо го наведува и фактот дека економските институции во помалку развиените земји функционираат многу полошо отколку во развиените. Примерот на развиените земји покажува дека без постоење на широки пазари, политика на конкуренција, регулаторни агенции, нема успешна приватизација.

Меѓу економистите е присутно и мислењето дека за успешноста на едно претпријатие не е важно дали е јавно или приватно, туку ревитализацијата на јавниот сектор не мора по секоја цена да се доведува во врска со приватизацијата.

*„Таму каде пазарите се прифатливо конкурентни и каде нема видливи неуспеси на пазарот, достапните докази ја оправдуваат претпоставката дека треба да и се даде предност на приватната сопственост. Меѓутоа, таму каде што губитокот на пазарот е видлив, а особено таму каде фирмата има широка пазарна моќ, доказите се многу помалку видливи. Во тие услови не би требало да постои претпоставка во корист на кој било тип на сопственост: тоа во секој случај треба да се процени по заслугите" (Yarrow, 1989: 422).*

## Приватизација во светот-лекции за пазарна економија

Приватизацијата се дефинира „како процес на пренесување на поголемиот дел од сопственоста од државните претпријатија во приватен сектор преку продажба на работите кои се во тек или имотот за кој следува ликвидација" (Сунита Кикери и други, 1994). По Втората светска војна во многу земји во светот се сметаше дека преку создавање на државната сопственост полесно ќе можат да се реализираат поставените социјални и економски цели. Тоа повеќе се однесува на земјите во развој отколку на развиените земји. До раните 80-ти години, државната сопственеост, во просек изнесуваше околу 17% од целокупното производство во потсахарска Африка (примерок од 13 земји), 12% во Латинска Америка и скромни 3% во Азија (без Кина и Индија), во споредба со 10% од бруто националниот производ (БНП) во мешаните економии распространети низ целиот свет. Во Источна и Централна Европа (поранешните социјалистички земји) државна сопственост до 90-тите години изнесуваше над 90%. Иако, некои од државните претпријатија работат добро, сепак, евиденцијата направена од еден поширок список на земји покажува дека најголем дел од нив биле економски безуспешни и биле изложени на тешки финансиски загуби. Податоците на Светската банка покажуваат дека загубите во државните претпријатија помеѓу 1989 и 1991 година достигнуваат, на пример, 90% од бруто националниот производ во Аргентина, 80% во поранешна Југославија , потоа, повеќе од 5% во земјите од потсахарска Африка, околу 30% од сите државни претпријатија во Кина (1991) (McKihnon, Ronald, 1994). Во некои земји државните претпријатија станаа товар за буџетот и за банкарскиот систем апсорбирајќи ги јавните ресурси. Потоа, амбициозните планови и сиромашната реализација во многу државни претпријатија го забави порастот на приватниот сектор во повеќето земји во развој. Тоа доаѓа и оттаму што владите најчесто го блокираат влезот на приватните фирми што би можеле да се натпреваруваат со државните претпријатија. Така на пример, во Перу со закон се забранува приватните фирми да произведуваат електрична енергија, во Нигерија постои монопол на дистрибуција на електрична енергија, во Индија постојат

повеќе сектори во стопанството каде нема место за приватните претпријатија и слично. Потоа, владините кредити кои најчесто се насочени кон капитално-интензивните државни претпријатија, често ги туркаат приватните фирми надвор од пазарот на пари. На пример, во периодот на претприватизационите реформи во Гвинеја, државните претпријатија кои учествуваат со 25% во БНП апсорбираат 90% од домашните кредитори (банки). Кредитите најчесто се употребуваат за покривање на загубите. Дури и ако се прифати гледиштето дека државното претпријатие функционира безуспешно и дека се попречува развојот на приватниот сектор, дали и во тој случај ќе се смета дека приватизацијата е решение на проблемите или дали може недостатоците од функционирањето на државнотопретпријатие да бидат коригирани без да се менува карактерот на сопственоста? „Теоретски една државно-сопственичка фирма би требало да дејствува толку ефикасно колку и една приватна фирма, ако и двете функционираат во пазарни услови и нивното однесување е управувано од исти правила" (Кикери, 1994). Некои се убедени дека компетенцијата и регулацијата се поважни отколку сопственоста во одредувањето на економските перформанси, дека главна цел на творците на политиката треба да биде ефикасноста на пазарот. Во услови кога загубите на државните претпријатија делуваат врз целокупната економија, приватизацијата може добро да се искористи за да ја засили конкуренцијата бидејќи таа го редуцира владиниот директен влог во државните претпријатија.

Основната цел на преструктурирањето на сопственоста, односно приватизацијата на државните претпријатија е да ги изедначат условите за стопанисување на приватните и државните претпријатија, да го изедначат почетокот на делувањето преку елиминирање на привилегиите за пристап до кредити, преку ослободување на управувачките структури на државните претпријатија од нетрговски цели, лишување на владата од донесување на одлуки и преку развивање на механизми, како што се плановите за договор како и одговорноста за нивно извршување.

Што е она што реформите ги прави тешки за реализација? Прво, тие се технички и политички тешко изводливи и често добро подготве-

ната програма многу брзо доживува неуспех. Второ, изостануваат неопходните постапки кои треба да ја помогнат приватизацијата, отсуствува координацијата меѓу главните актери. За да се надминат овие проблеми потребна е политичка волја и големо меѓусебно разбирање. Сепак, најважен проблем на приватизацијата на државните претпријатија е истрајноста во постапката. Тоа го покажуваат искуствата од повеќе земји, кои многу порано влегле во процесот на трансформацијата на јавното стопанство. Сенегалскиот случај тоа најдобро го илустрира. Соочена со финаниска криз и притисната однадвор, владата започнува со суштински реформи во државните претпријатија, преку давање на можност на раководството на водечките компании да ги водат по пазарни принципи. Но штом кризата попушти, повторно се јавува тенденција кон непазарни однесувања.

Основната причина за зголемениот интерес за приватизацијата е содржана во неможноста да се финансира приватизацијата на државните претпријатија, а многу помалку тоа доаѓа од верувањето дека нив ќе ги претворат во профитабилни организации. Но и развојот на технологијата оди во прилог на помасовна приватизација. Особено во сферата на телекомуникациите, јавниот транспорт и дистрибуцијата на електрична енергија. Тука треба да се спомене и падот на комунизмот во Источна Европа и во Советскиот Сојуз. Во периодот од 1980–90 година повеќе од 15.000 претпријатија беа приватизирани низ целиот свет, од кои повеќе од 11.000 од Источна Германија. Приватизацијата битно ја намали големината на државните претпријатија. Мексико во периодот меѓу 1984–90 година приватизира повеќе од 20% од вкупниот имот на државните претпријатија, преку продажба или ликвидација на повеќе од 400 од вкупно 1.155 претпријатија.

Во една студија на Свајнер и Харига за 53 јавни и 24 приватни претпријатија во Тунис се покажува дека производната ефикасност на јавните претпријатија не беше изразито различна од онаа на приватните фирми, но авторите не ги наведуваат причините за тоа.

За разлика од резултатите од студијата на претходно споменатите земји, многу студии објавени во втората половина на 80-тите години во развиените земји ја покажуваат супериорната ефикасност

на приватните фирми во однос на фирмите од јавниот сектор. Во една таква студија на Светската банка (Галал, 1991) се испитуваат ефектите од приватизацијата и се доаѓа до заклучокот дека приватизацијата значајно ја подобрила ситуацијата во 12 фирми, производството е зголемено во 9 фирми, а останало исто во останатите три. Приватизираните фирми ги зголемиле добивките од продажбата на имотите, ја подобриле внатрешната ефикасност и основната структура и ги зголемиле вложувањата. Сепак најдобрите „приказни" за успехот од приватизацијата доаѓаат од високо или средно развиените земји.

Што може да се заклучи од досегашното искуство од приватизацијата на државната сопственост? Една од основните цели на приватизацијата треба да биде зголемувањето на ефикасноста. Приватизацијата ја постигна целта особено кога е употребена за зголемување на конкуренцијата и за спречување на монополистичкото однесување. Два фактори се најзначајни во детерминизацијата на стратегијата и влијанието на последиците од приватизацијата за економската продуктивност и потрошувачката благосостојба. Првиот фактор произлегува од условите кои ги поставува државата, а вториот е поврзан со пазарот, односно, дали пазарот во кој претпријатието се приватизира е конкурентен.

Не постои универзална стратегија. Изборот за тоа каде да се почне зависи од интересот на инвеститорите, капацитетот на владата и кои сектори од државните претпријатија имаат потреба од нови инвестиции и поголема ефикасност.

## Приватизирање на раководството

Една од поголемите придобивки од приватизацијата претставува пренесувањето на сопственичките права во рацете на профитно ориентираните сопственици, кои би биле повеќе мотивирани да го унапредуваат производството. Продажбата на претпријатието не е секогаш финансиски и политички изводливо. На пример, во доменот на железничкиот транспорт, производството и дистрибуција на електричната енергија, стопанисување со водата, кои за да работат профитабилно бараат огромни вложувања во нивната модернизација. Во такви случаи

се смета дека е подобро да се воведат приватни менаџери (private managers), и да се дозволи претпријатијата да работат повеќе како приватни фирми, иако сопственоста и понатаму ќе остане во државни раце. Тоа особено добро функционира во секторите на угостителството, авиопревозот, земјоделството. Тоа претпоставува подготовка на прецизни договори и ефикасна контрола од страна на државата за поцелосно извршување на договореното. Но оној кој ќе го преземе комерцијалниот ризик има повеќе мотив да ги намали трошоците и да ја задржи вредноста на имотот. Особено тоа е присутно во државите во Африка кај кои се јавува тешкотија во привлекувањето на приватните инвеститори во водоснабдувањето, транспортот, рударството.

Анализите на искуството со приватниот менаџмент го истакнуваат сознанието дека владите треба да го избегнуваат мешањето во раководењето и наместо тоа да се концентрираат на одговорноста. Државното претпријатие може да го држи раководството за одговорно преку различни механизми, преку планови за работа, со ополномоштен совет од директори, договорни планови и слично. Менаџерите можат да се мотивираат да ја подобрат работата и да ја зголемат вредноста на претпријатието.

## Пазарната економија е посупериорна

Дискусиите за тоа која од економиите е посупериорна, дали економијата од команден (непазарен) или пазарен тип, се чини дека е завршена со самиот факт што системот кој беше изградуван врз начелата на командна економија пропадна.

Но прашањето за начинот на премин кон пазарна економија заслужува целосно внимание, барем од неколку причини кои не произлегуваат од економијата ,а тоа се: улогата на државата и социјална цел на реформите. Да претставиме дека за еден „разумен" период општеството во транзиција ќе излезе од рецесија и ќе започне економски да закрепнува.

„Порано (се мисли за време на социјализмот – И. А.) имаше сигурност, но без слобода на духот, сега има слобода на мислата, говор-

от, духот но нема никаква социјална сигурност и во многу случаи не може да се задоволат елементарните потреби“ (Фотев, Г., 1992: 13).

Вториот парадокс произлегува од улогата на државата во економијата или поконкретно, за да ја намалат улогата на државата во економијата, економските реформатори се принудени да преземат државна акција која по обем е без преседан во историјата (со исклучок на периодот кога се создаваше социјалистичкиот економски систем). Не само што тие треба од „ништо“ да изградат пазарно стопанство слично на она што со децении се изградувало на Запад, туку тоа треба да го направат истовремено демонтирајќи го сложениот систем на централно – планска или договорна економија. Причините за таквата екстензивна улога на државата се должи на фактот што преминот кон пазарно стопанство „не може да биде инициран од самите пазарни сили“ (Петкоски, М., 1994).

Субјективното преживување на социјалната криза е основниот детерминатор на ориентацијата на луѓето кои се убедени дека „државата не само што може, но и треба да ја земе одговорноста за решавање на основните проблеми на општеството и поединците“ (Захариева, М. 1994). Тоа претставува „еден од парадоксите на масовната претстава во периодот на интензивни социјални промени“. Тие претстави се невоедначени, внатрешно противречни, што силно влијае врз мислењето за основните карактеристики на новиот тип на општествени организации. Тоа значи дека во општеството егзистираат паралелно два типа ориентација, првиот, кој е поврзан со индивидуалистичката традиција и вториот, кој е поврзан со идеите на етатизмот. Од новото општество се очекува да даде простор за индивидуална иницијатива, старото беше во знакот на тотална државна доминација.

### Примерот на руското општество

Мајкл Мекфол (McFol, M. 1995), ги анализира искуствата од приватизацијата во Русија во врска со улогата на државата и промените на институциите воопшто. На почетокот на 90 – тите години во Советскиот Сојуз беше донесена програма, во која беа дефинирани основ-

ните правни и економски принципи за изведување на транзицијата. Таа програма може да се оцени како „фундаментален и далекусежен акт за транзицијата" (Узунов, 1995). Во неа (според наводите на Узунов) се вели следното:

*„Програмата ја поставува задачата: сè, што е можно, да се земе од државата и да им се даде на луѓето. Има сериозни основи да се смета, дека со тоа што ќе му се врати на народот значаен дел од сопственоста и ресурсите со разни начини ќе се обезбеди нивно многу поефикасно стопанско користење и ќе овозможи да се избегнат многу од негативните појави во процесот на премин кон пазарот. Неопходно е решително да се скратат сите државни расходи. Секој човек, секое претпријатие, секоја теритоприја или суверена република ќе согледаат во предложената програма одзив на своите врвни интереси и ќе добијат со нејзина помош можност да дејствуваат за реализирање на овие интереси веќе сега и брзо", итн., итн. („Переход к ринку", 1990).*

*„Човештвото не успеа да создаде ништо поефикасно, од пазарната економија. Таа создава силна стимулација за самореализирање на можностите на човекот за зголемување на трудовите и стопанските активности, реско го забрзува научно-техничкиот прогрес. Нејзините механизми на саморегулирање обезбедуваат најдобра координација во дејствувањето на сите економски субјекти, рационално ползување на трудовите, материјалните и финансиските ресурси, балансирање на народното стопанство. Очигледно е дека само премин на економски систем, заснован врз пазарните односи ќе овозможи да се решат најострите, со децении насобрани проблеми на земјата, органски да се спои нашата економика со светското стопанство, да се обезбеди раст на производството во сразмер со потребите на трудбениците и со самото тоа, социјална ориентација на економиката, да се ликвидира дефицитот, да се оствари пристап на нашите граѓани кон сите достигнувања на светската цивилизација" („Переход к рунку", 1990, цит. дело).*

Реализацијата на програмата се соочи со неколку противречности. Прво, времето кое беше предвидено за реализација на програмата беше 500 денови. Таа, на почетокот предвидуваше вонредни

мерки, либерализација и стабилизација. Втората противречност беше поврзана со улогата на државата во реализацијата на програмата со која се предвидува деетатизација, дебирократизација, регулација, односно раздржавување. Третата противречност по академикот Узунов се содржи во тоа што со програмата не се предвидува „никаков самороден приватен сектор, негов самостоен растеж и негово автохтоно пазарно стопанисување".

*„Парадоксот стана уште поголем кога овој самороден приватен сектор почна да стопанисува без почитување на основните норми на државната регулација, т.е. дури послободно одошто приватниот сектор во развиените западни земји со пазарен систем" (Узунов, 1995: 332).*

И најпосле со транзицијата за само неколку години се појави социјалната несигурност и се продлабочија и проширија социјалните разлики, за што ќе говориме повеќе во продолжение на анализата.

Во јануари 1992 година првата посткомунистичка влада на Русија донесе детаљна програма за трансформација на советската командна економија. Приватизацијата беше и остана суштината на таа програма. Основна цел на програмата беше да се создадат профитни здруженија (profit-seeking corporations) и можности за странски вложувања. За период од две години, до крајот на 1994 година, основните цели на програмата не беа остварени.

Во сферата на приватизацијата, може да се каже дека програмата делумно се реализира, скоро 2/3 од претпријатијата се приватизирани (близу 22% од националниот бруто – производ на Русија), потоа, беа формирани неколку институции на пазарната економија. Во првите две години владата не успеа да ги промени старите советски сопственички права на големите претпријатија (property rights of large enterprises). Државата не успеа да ја наметне сопствената визија за приватизација. Мајлк Мекфол смета дека одредувањето на сопственичките права по принципите на пазарната економија сè уште не започнало да се случува" (McFol, 1995). Авторот на споменатата студија ја истражува врската меѓу моќта на државата и револуционерната економска трансформација (state power and revolutionary economic transformation).

Револуцијата значеше, пред сè, радикална промена во уставниот систем и социоекономската структура на општеството. Таа е жестока и води до целосна реорганизација на општеството, политичкото и економското уредување. Промените во државното уредување предизвикуваат и промени во економијата.

Автономна и ефикасна држава е неопходен услов за изведување на револуционерна економска трансформација. Парадоксално, дури и ако целта на економската трансформација треба да ги стимулира пазарните сили и да го елиминира државното планирање (state planning). Сè уште има потреба од јака држава за да се издвои државата од економијата! (to extract the state from economy). Државата претставува комплекс од владини институции. Во посткомунистичка Русија овие институции во себе ги апсорбираат претседателската власт, владата, врховниот совет и конгресот на народните депутати.

Што се случува со економските институции за време на револуционерните промени на политичкиот систем? За да се изведе „револуционерна економска трансформација, економските институции на стариот режим треба свесно да се уништат и да се создадат услови за воспоставување на нови. Движечка сила за ова уништување на институциите (институтионал деструцтион) не може да се очекува да дојде од општествените групи кои биле привилегирани во стариот режим. Напротив, демонтирањето на старите институции им се заканува на интересите, иако тие веќе реално не постојат, на оние на колективниот идентитет. Поради тоа социјалните групи формирани во рамките на стариот систем се организираат за да се спротивстават на рационалната економска трансформација. Наспроти нив, индивидуалните и колективните актери, кои не искористиле ништо од стариот режим може да се мобилизираат во организации, како на пример, разни слободни движења, обединети фронтови или герилски армии за да ја предизвикаат актуелната политика и економија. Тоа создава револуционерна ситуација во која опозиционите социјални групи бараат услови за формирање на суверена власт. Оваа состојба на двојна или мултиплицирана сувереност (dual or multiple sovereignty) се разрешува само кога една страна, стариот режим или реформаторите (повторно) ќе ја

освојат државната валст. Ако револуционерите ја освојат државата, оваа институција се претвора во главен инструмент за уништување на старите институции и создавање на нови. Системот од политички институции, од кои се состои државата, мора исто така повторно да биде обликуван и да се употреби за социјално-економски промени. Државите кои се трансформирале преку револуционерен пат се слаби, без разлика на нивната конституција. „Капиталистичките" држави не можат да се формираат „социјалистички" социоекономски систем, социјалистичките држави не моижат да креираат услови за појава на „капиталистички" социјално економски систем!

За разлика од марксистичкото сфаќање за државата (како независна варијабла која влијае врз политичките и економските промени), за либералите државата е арена во која се натпреваруваат социјалните групи за алокација на ресурсите. И кај двете концепции државата не може да биде локомотива за промени (engine of change). Таа може да биде само чувар или манифестација на status quo.

За да смета на револуционерни промени, државата мора да биде третирана како „независна варијабла". Во секоја револуција на 20 век, „без разлика дали се работи за комунистичка, капиталистичка, револуционерите прво ја освојуваат државата, а потоа ја користат за да создадат нов општествен економски систем", смета Мекфол. За да се оствари најновиот револуционерен проект државата мора да биде релативно автономна спрема доминантните социјални групи, за да може да се профилира еден нов комплет на овластувања, политички доволно моќен да дејствува против интересите на владејачките сили на стариот режим.

## Советската сопственост-институции и сопственици

Кога пропадна Советскиот Сојуз во 1992 година социјалните групи кои беа формирани, ниту се разединија, ниту пак ослабнаа. Тие, како што смета Мекфол не беа ниту „слаби" ниту „глупи". Со други зборови, тие станаа автономни единици лоцирани негде меѓу државата и општеството. Две години по распадот на советските држави, руското

посткомунистичко граѓанскоопштество сè уште беше под доминација на социјалните групи формирани според принципите на организацијата кои владееја во советскиот режим.

Во поглед на сопственоста, директорите на државните претпријатија формираа најважна и најдобро дефинирана посебна интересна група (the most important and well defined special-interest group). Многу порано, пред падот на советскиот режим, сопственоста беше законски регулирана, а на директорите им беше дозволено да присвојуваат многу права. Целокупниот имот премина во државни раце да го користи, да го извлекува профитот и да го менува. Способноста на советската држава да ги надгледува и контролира однесувањата на директорите ослабнува со текот на времето, бидејќи економијата станува се покомплексна, улогата на државната безбедност се намали, а корупцијата се зголемува. Во Советскиот Сојуз се јавува висок степен на бирократизираност и отсуство на потребно знаење ефикасно да се управува. Сопственоста во целост ја загуби персоналноста. Профитот се определува произволно и униформно. Државата ја губи улогата на добар стопанственик. Таа ги презема врз себе целите на производството, распределбата на добивката и можностите за унапредување во државната хиерархија.

Директорите како застапници на „неутралните шефови“ го присвоија правото за неконтролирано прашање и се здобија со можност за присвојување на профитот. Тоа во голема мера беше потпомогнато од црниот пазар, а подоцна, средината на осумдесеттите години и од реформите на Горбачов. Во тој „систем“ директорите ги користеа поволностите од карактерот на сопственоста, но без да го носат ризикот или одговорноста за евентуалниот неуспех. Но, тие никогаш не се здобија со правото да ја пренесуваат сопственоста!

*Семјуел Хантингтон (*Huntington, 1994*), смета дека промените кои предизвикале свртување кон демократијата се содржани во следното: прво, станува збор за инхерентни проблеми на легитимитетот со кој се соочуваат недемократските системи во современиот свет. Второ, во периодот до средината на осумдесеттите години е создадена реална општествена база за воведување на демократски системи.*

*Всушност во 1974 година би можело прилично точно да се предвиди кои земји во наредните години ќе се демократизираат. Трето, во голема мера, процесите на демократијата ги помагале и капиталистичките земји. Четврто, голема е улогата на надворешните фактори (Европската заедница и САД) и најпосле, петто, дејството на т.н. домино ефект „ако можат тие, зошто не би можеле ние". Лидерите на владејачките и опозиционите странки во целиот свет сфатиле дека мораа да тргнат кон демократизација или да се преправаат дека тоа ќе го прават. Прашањето кое си го поставува Хантингтон гласи: Дали овие пет фактори предизвикале паралелен престврт кон економска либерализација? Во голема мера одговорот е негативен. Економската либерализација се чини настанува независно од слични причини. Клучна улога во пресвртот кон либерализацијата одиграла промената во начинот на размислувањето на професионалните економисти во текот на педесеттите и шеесеттите години. Интересно е прашањето за сличностите и разликите на политичката демократизација и економската либерализација. Сличноста е во тоа што подеднакво ги ограничуваат овластувањата на владата и моќта на државата. Демократизацијата, барем теоретски, од државата создава апарат кој е потчинет и одговорен на граѓанското општество. Либерализацијата од друга страна ја намалува улогата на државата во стопанството. Демократизацијата од државата бара воведување на политички слободи-слободи на говор, здружување и протест. Либерализацијата бара економска слобода-слобода од било какви ограничувања за поседување на имот, работа, вложување, производство и потрошувачка. Демократизацијата ја зголемува општествената контрола над државата, либерализацијата ја намалува контролата на државата над општеството". Прашањето кое си го поставува Хантингтон се однесува на проширувањето или стеснувањето на улогата на државата во стопанството. За нас е интересно неговото мислење за улогата на државата во посткомунистичките земји. „Тие стопанства (се мисли на стопанствата во посткомунистичките земји) можеби воопшто не може да станат пазарни", смета Пол Мек Кракен (*P. MacCracken*) на институционално ниво, демократизацијата е многу поедноставна од економската либерализација.*

Основните елементи на демократизацијата се постигнуваат доколку се одржат разумно правични, отворени и општи избори. За разлика од тоа, стопанските реформи многу потешко се воведуваат и бараат вложување и многу напори во текот на подолг временски период. Економската либерализација, може да донесе времена корист на мали групи, кои се во состојба да ги искористат новите можности за стекнување профит. „Огромна економска цена мора да се плати за да би се остварила долгорочна економска сигурност, која се чини дека е сè подалечна".

Ставот на јавноста би можел во почетокот да се опише како еуфорија, потоа како разочарување и најпосле како резигнација и прифаќање. Ставот за економската либерализација се движи од страв, несигурност до фрустрација и огорченост. Следниот став е непредвидлив. Една можност е лутина, протест, бунт, втората, пасивност и прифаќање. Хантингтон го поставува прашањето за динамиката на реформите, дали таа да биде во облик на „шок-терапија" или би требало да се спроведат постепено, во текот на долг временски период

*„Една од предностите на сеопфатната шок-терапија е тоа што на реформистичката влада и дава широки можности за спроведување на одредени мерки во рамките на која може да се прават извесни отстапки, а со тоа да не се уништат битните елементи на реформата".*

## Приватизацијата на големите претпријатија

Основната цел на програмата за приватизација предложена во почетокот на 1992 година од владата на Јегор Гајдар беше да се создадат приватно – сопственички корпорации кои нема да зависат од владата и ќе делуваат самостојно. Архитектите на програмата веруваа дека со претворањето на претпријатијата во профитни организации ќе мора да се регионализира организацијата, ќе се променат навиките и распределбата на економската добивка (John Nollis, 1991). Се смета дека со приватизацијата овие цели ќе бидат исполнети многу поефикасно. Ако добивката не ги надминува трошоците, приватносопственичките претпријатија мора да преземат дејствија за да го постигнат тоа. Целта, всушност, е да се дојде до „вистински сопственик".

*Одговорот на прашањето за тоа во која мера еден „специфичен облик на економско организирање е компатибилен со демократските принципи за Патрик Кенис (*Patrik Kennis*) треба да се бара во фактите а не во вредностите и без сомнение е одреден од формата на социолошката (аналитичка), отколку од нормативната аргументација“ (*Kennis, 1989*).*

Програмата за приватизација уште на почетокот предизвика бурна расправа. Руската унија на индустријалците и претпријатијата и граѓанската унија сметаа дека со Елциновата програма за масовна приватизација нема праведно да се подели сопственоста и дека таа ќе се сконцентрира во рацете на црноберзијанците, мафијата и странците, како што смета и заменикот на претседателот на граѓанскиот сојуз (јули, 1992).

Врската меѓу демокртатизацијата и економските реформи може да биде повеќе комплементарна отколку што често може да се претпостави, смета Лари Дајмонд (Diamond, 1992). Во услови на една „револуционерна транзиција“ којашто настана по распадот на социјализмот, кога револуцијата е без историски модел и без револуционерна теорија и кога мнозинството нема што да изгуби „политичкиот систем што ја зајакнува улогата на масите и го уништува гласот на старата елита во формирањето на политиката на државата може да се покаже за многу поспособен во пресемање на радилани економски реформи, отколку еден авторитарен режим. Тоа доаѓа оттаму што демократски избраната власт има поголем легитимитет и сила отколку авторитарниот режим да изврши било какви економски реформи. Некои постсоцијалистички земји кои со реформи започнаа многу порано (Полска, Унгарија, Чешка), беа далеку поуспешни во преземањето на вистинска економска трансформација од земјите кои не се ни обидоа или имаа мал успех во консолидацијата на недемократскиот систем (како што се Романија, Бугарија, Украина, Узбекистан).

## Процес на цементирање на новата елита

Истражувањето на Криштановскаја (О. Криштановскаја, 1996) на трансформацијата на новата руска елита покажува дека со доаѓањето на Елцин за претседател на Руската Федерација започнува „про-

цесот на цементирање на новата елита". Средиштето на власта сè повеќе се поместува во насока на извршната власт, што всушност започнува уште во времето на Горбачов. Политиката на Елцин одеше во прилог кон затварањето на елитата. Во неа се формираат неколку „рангови", нешто слично како и дваесеттите години, веднаш по Октомвриската револуција. Циркулацијата на кадрите, според Криштановскаја е следното: на врвот на пирамидата се сместени високи раководители, кои можат многу полесно да се „тркалаат" надолу и на нивно место доаѓаат оние од вториот ранг. „Тоа не предизвикува и политичка смрт". Оние кои се спуштаат подолу многу брзо и едноставно се приклучуваат кон новоформираните структури. Во поголемите урбани центри динамиката на тоа менување на позицијата е поизразено од помалите провинциски или регионални центри.

Периодот на економските реформи од 1987–1992 година се карактеризира со децентрализација или со распаѓање на моќните државни „вертикали" на економскиот систем. Типичен пример за тоа е банкарскиот систем, кој порано бил главно раководен „одозгора". Во периодот на перестројката овој монополен систем се распаѓа и на негово место се формираат неколку комерцијални банки, најчесто по пат на трансформацијата на веќе постојните. Од 1992 година започнува процес на нова централизација, но не по вертикала, туку по хоризонтала. Се формираат нови структури во економијата од типот на холдинг–компаниите, производно–финансиски групи. Основната идеја за формирање на овој систем е полесно да се комуницира со економијата на Западна Европа, потоа во создавање на независни фондови од државата, влијание врз средствата за масовна комуникација, (и преку формирање на свои информативни гласила и сл.) полесно лобирање во политичките структури и најпосле влијание врз раководството на политичките партии.

„Новата руска елита потсетува на трослојна пита: на врвот политичари поделени во групи кои се борат за власт; подолу претприемачите кои ги финансираат изборните кампањи, лобистички структури, печатот, телевизијата и најдолу се сместени помали групи, приватни моќни структури".

Авторот смета дека прераспределувањето на власта во Русија е процес кој практично завршил. Втората руска револуција на номенклатурата во која победи младата генерација се приближува кон својот крај. Во својата суштина „ова е буржоаска револуција“, затоа што таа доведе до промена на општествено–политичкото уредување. Власта се подели меѓу групи на помали прагматични претставници во номенклатурата во сферата на економијата и политиката.

## Користена литература


1. Ацески, Илија, (1995), *Општеството и човекот во транзиција*, „Екопрес“, Скопје
2. Yarrow, G., (1989), *Приватизација у теорији и пракси*, „Преглед“, 2/1989, Сплит
3. Галал, A., (1991), *Public Enterprise,* Cit., Sunita Kikery, p. 251
4. Гризо, Н., Давитковски, Б., (1994), *Приватизацијата во светот*, „Просвета“, Куманово
5. McKihnon, R., (1994), *Gradual versus Rapid Liberation in Socialist Economies,* (vo Sunita Kikery)
6. Sunita Kikery, John Nellis, Mary Shirley, (1994), *Privatization, Lesson from avert Economies,* the World Bank Research, „Observer“, No. 2
7. Петкоски, М., (1994), (Зборник*), Стратегии на приватизацијата, централни прашања, Економска транзиција, состојби, проблеми, перспективи*, МАНУ, Скопје,


*„Социолошка ревија“, 2, 1996 г.*

# СИРОМАШТИЈА

## Вовед

Сиромаштијата е сложена социјална појава. Се појавила оној момент кога општеството почнало да се дели на оние кои поради различни причини присвојувале и трошеле од општествените добра многу повеќе отколку што им било потребно за нормален живот, и оние кои се соочувале со задоволување на елементарните потреби за да преживеат. Целокупната историја може да се интерпретира и како борба за поделба на материјалното богатство. Кога ќе кажеме сиромаштија, мислиме на неповолна состојба во која се нашол поединецот или семејството. Тој збор сугерира дека на тие луѓе треба да им се помогне за да излезат од таа состојба во која им е загрозен животот. Да се биде сиромашен, навистина е непријатна состојба. Некои сиромаштијата не ја гледаат само во материјалните потреби, како што е храната или домувањето, туку и во сферата на културните потреби и социјалното исклучување, кое подразбира одрекување или нереализација на социјалните права кои ги има секој поединец на одреден стандард на живеење и вклучување во општествените текови и институции. Тоа значи дека принципите за кои се залагаат демократските општества не станале реалност. Да се биде сиромашен во богато општество можеби не е исто и да се биде сиромашен во сиромашно општество, но некои карактеристики се заеднички за сите сиромашни, без разлика каде живеат и на кој економски и социјален степен се наоѓа конкретното општество. Во нашата анализа ќе се обидеме да дојдеме до некои од заедничките карактеристики и специфичности на сиромаштијата денес, како во развиените земји, исто така и во земјите во транзиција по речиси една деценија радикални промени во насока на изградба на општеството на пазарна економија и плуралистичка демократија. Прашањето што денес си го поставуваат голем дел од истражувачи на земјите во транзиција се однесува токму на енормното зголемување на сиромаштијата. Има многу причини за проширувањето и продлабочу-

вањето на сиромаштијата во овие држави. Секако дека структурните промени во економијата и нееднаквоста во дистрибуцијата на приходот се сметаат за значајни.

## Теории за сиромаштијата

Пред да преминеме на анализата на сиромаштијата во нејзината социолошка и социоекономска димензија, накратко ќе укажеме на неколку теоретски гледишта, кои се присутни во социјалната наука, а кои се обидуваат да ја анализираат сиромаштијата во поширок контекст на односите во општеството. Без разлика на позицијата од која се поаѓа во анализата, скоро сите теории се сложуваат во едно: дека таа претставува непријатна состојба за човекот и дека треба да се решава и да им се помогне на сиромашните. Начините како тоа треба да се направи, суштински ги разликува разните теоретски гледишта. Познатиот социолог Херберт Спенсер беше остар критичар на сиромаштијата. За него сиромашниот човек е лош, нечесен, скитник, криминалец. Оние кои се премногу мрзливи не треба да јадат. Одговорот на прашањето, зошто луѓето станале сиромашни, за Спенсер лежи во нивниот морален карактер. Вината за сиромаштијата лежи во нив самите, во нивната неспособност. Државата не треба многу да се меша во животот на поединецот. Ако таа им даде на сиромашните повеќе од износот на апсолутниот минимум за опстанок, во општеството ќе се прошират мрзливоста и моралното пропаѓање. Сиромаштијата е неопходна за општеството, без нејзино присуство ќе се изгуби желбата за работа, а тоа не е добро за прогресот на општеството. Гледиштето на Спенсер, како и многу други слични на него, се обидува да ја објасни сиромаштијата со карактерните особини на поединецот: да се биде сиромашен значи да се биде мрзлив и незаинтересиран за работа. Ако државата ја обезбеди нивната егзистенција, тоа само ќе ја зголеми нивната мрзеливост и ќе ја убие желбата за излез од таа состојба. Државата треба да се грижи само за оние кои не се во состојба сами да заработуваат–поради болест, старост, или било која друга причина која ги спречува активно да се вклучат во процесот на трудот. Некои истражувања, кои

беа реализирани во седумдесеттите години на дваесеттиот век, за што поопширно ќе говориме во продолжението на ова излагање, открија цврста врска меѓу ниската заработувачка и социјалната помош што ја обезбедува државата, во смисла дека, колку е builder пониска заработувачката толку е поголем интересот за помош од државата, односно помал е интересот за работа. Во таа ситуација подобро е да се прима социјална помош, така резонираат сиромашните, која е приближно еднаква на најниската заработувачка, отколку да се прифати некоја тешка и нечиста работа и со тоа се изгуби помошта од страна на државата.

## Затворениот круг на сиромаштија

Истражувањата на сиромаштијата, особено од средините на дваесеттиот век, се интензивираат и се насочуваат во урбаните средини. Според теоријата на „култура на сиромаштијата", сиромашните се фатени во „затворен круг" од каде што тешко се излегува, каде сиромаштијата раѓа сиромаштија и се пренесува од едно поколение на друго. Таа е предизвикана од условите за живот кои се крајно неповолни за сиромашните. Исхраната најчесто е неквалитетна и поради тоа сиромашните страдаат од неисхранетост, што има тешки последици особено кај децата и бремените жени. Лошата исхрана кај бремените жени може да го поремети развојот на плодот и да доведе до предвремено раѓање. Недостатокот на белковини може да доведе до забавен развој на мозокот на детето кое сè уште не е родено, така што подоцна може да се појават тешки последици во животот. Најчесто, сиромашните работат тешки физички работи, за што е потребна калорична храна, која не се во состојба да ја обезбедат. Сиромашните во голем број на случаи се здравствено неосигурени. Тие живеат во крајно неадекватни станбени услови, во влажни и пренаселени станови, што крајно негативно се одразува врз нивниот психосоцијален живот. Оскар Луис, познат американски урбан антрополог, ќе забележи дека животот на сиромашните во многу нешта се разликува од другите членови на општеството, но и тоа дека тие се слични меѓу себе без разлика каде живеат. Тие формираат една посебна социјална состојба,

за која Луис го употреби поимот „култура на сиромаштијата“. Основни карактеристики на таа состојба – култура, на ниво на поединецот се: чувството на маргиналност, беспомошност, зависност, инфериорност, силна ориентација кон сегашноста, чувство на резигнираност и фатализам. На ниво на семејство се карактеристични дивите бракови, разводите, деца со еден родител, (што не мора да асоцира на сиромаштија, но за времето на Луис тоа било карактеристика на сиромашните). Сиромашните во принцип не се вклучени во синдикатите, неформалните здруженија, невладините организации и политичките партии. Културата на сиромашните во суштина е реакција на „нивната маргинална положба во класното и раслоено и високо индивидуалистичко општество“. Културата на сиромаштија има тенденција трајно да ја обновува сиромаштијата: резигнираноста и фатализмот го зацврстуваат прифаќањето на ситуацијата. Децата на сиромашните уште во шестата година се задоени со основните вредности на сопствената супкултура и не се психолошки подготвени да ги искористат променетите услови (се разбира ако до тоа дојде) и можноссти кои би можеле да им се случат во текот на животот. Еден друг социолог, во почетокот на шеесеттите години во Америка, ќе рече дека „постои јазик, психологија, поглед на свет на сиромашните“. Да се биде сиромашен значи, да се биде странец внатре во сопствената држава, да се расте во култура која е радикално различна од онаа која преовладува во општеството. Сиромаштијата, според оваа теорија, се репродуцира од самата себе, луѓето се фатени во стапица, се прилагодуваат на условите, не ги чувствуваат последиците, развиваат посебен начин на живот. Оваа теорија уште на почетокот на нејзиното појавување предизвика широки и плодни дискусии и критики. Критичките забелешки се однесуваат на идејата дека е можно постоење на посебна култура на сиромашните. Во многубројните истражувања, поттикнати главно од резултатите на антропологот Оскар Луис, еден од најдоследните застапници на оваа теорија се негира постоењето на некаква култура која би била својствена само на сиромашните, дека нема такви обрасци на однесување кои се типични само на една група. Дали сиромаштијата може да се анализира надвор од целината на социјалната страти-

фикација и воопшто надвор од социјалната структура? Теориите од типот на „култура на сиромаштијата“ и воопшто секоја индивидуалистичка теорија, не ги поставуваат прашањата: Зошто доаѓа до сиромаштија? Кои се причините за нејзиното постоење во општеството? Факт е дека сиромашните се наоѓаат на најниското скалило од социјалната стратификација. Таа се темели врз постоењето на нееднаквости во општеството, кои се последица на класниот-експлоататорски начин на производство. Најголемиот дел од богатството на државата се наоѓа во рацете на оние кои се сопственици на средствата за производство, а тие претставуваат малцинство. Бидејќи државата ги брани интересите на владејачките класи, од неа може да се очекува само да ги ублажи последиците од сиромаштијата, односно да поддржува или практикува начини со кои би се избегнале последиците од ниските плати. Прашањето: Зошто сиромашни? е исто со прашањето: Зошто богати? Оваа ориентација е во основа марксистичка и таа се обидува функционирањето на општеството да го набљудува низ борбата на класите – на оние кои се потчинети и оние кои владеат. Ситуацијата на поединецот во општеството зависи од неговата класна позиција, од неговата позиција во процесот на трудот, од количината на моќ со која располага за да влијае врз пазарот на трудот за своја корист. Ова гледиште на Макс Вебер упатува на реалната состојба во која се наоѓа секој поединец неспособен за работа: старите и болни лица скоро немаат никаква моќ на пазарот на трудот и затоа имаат мали примања. Но не се сите од редовите на овие групи сиромашни, од проста причина што врз тоа влијае и поранешната состојба. Фактот што најголемиот дел од сиромасите се од редовите на овие групи, говори за тоа дека најчесто и пред тоа заработувале малку или биле корисници на социјална помош. Ниските плати се во функција на капиталистичкиот начин на производство: ако тие се укинат, тоа негативно ќе се одрази врз функционирањето на капитализмот. Зошто постои сиромаштија? Дали богатите земји можат (или треба) да ја надминат? За некои социолози, како што е Херберт Ганс, американски социолог, сиромаштијата опстојува бидејќи е корисна за определени групи во општеството. Доколку таа не би постоела некои привремени,

валкани, тешки и опасни работи не би биле извршени. Сиромашните се гаранција дека тоа нема да се случи. Потоа, нејзиното постоење создава работни места за повеќе професии кои се грижат и им служат на сиромашните. И најпосле, сиромаштијата може да им го гарантира статусот на оние кои тоа не се, а кои најчесто се споредуваат со сиромашните. Во секое нормално општество има многу богати и сиромашни. Барем тоа е очигледно во државите на благосостојба.

## Сиромаштијата во економски развиените земји

Пред да преминеме на анализата на сиромаштијата во развиените земји, накратко ќе се обидеме вниманието да го задржиме на неколку методолошки забелешки кои се важни за подлабоко разбирање на овој феномен. Најголем дел од истражувањата на сиромаштијата во земјите од Европската заедница, големо внимание посветуваат на дефинирањето на сиромаштијата, поконкретно на определување на попрецизни стандарди и мерила за тоа кој се смета за сиромашен. Во таа смисла, Грахам Рум во истражувањето на сиромаштијата во Европската заедница разликува два концепта: англосаксонски, кој се фокусира на дистрибутивните проблеми особено на ретките ресурси и континенталниот концепт кој се фокусира на заедничките проблеми поврзани со социјалната позиција и социолошката интеграција на сиромашните во глобалното општество. Во овие два концепти–традиции сиромаштијата не е третирана како резидуален социјален проблем одделен од другите во општеството, туку како интегрален дел од социолошката анализа како што е дистрибуцијата на ресурсите, социјалната нееднаквост и социјалната интеграција. Еден друг автор, разликата на пристапот кон сиромаштијата ја прави во однос на начинот на живеење: за сиромашни се сметаат оние кои ги немаат неопходните ресурси, способностите или правото да стекнат минимум стандард според нивниот начин на живеење, а според вториот концепт, за сиромашни се сметаат ако имаат начин на живеење кој претставува минимум стандард, без разлика на тоа од што е детерминиран таквиот начин на живот. Првиот концепт се нарекува индиректен, бидејќи

сиромаштијата е дефинирана индиректно преку детерминираноста на начинот на живот, додека во вториот случај таа е дефинирана директно од начинот на живот. Некои автори се обидуваат да ги комбинираат предностите на едниот и другиот концепт во сфаќањето за „стандардот за живеење". Имено, сиромаштијата се дефинира како состојба на „низок стандард за живеење, што претставува лишување на начинот на живеење заради недостаток на ресурси за да се избегне истото". Да се биде сиромашен зависи од тоа како живееш, а не од тоа како се чувствуваш, е суштински став на ова сфаќање, според кое, тоа значи да се биде исклучен од начинот на живот кој е карактеристичен за даденото општество.

## Дефиниција на сиромаштијата

Кој се смета за сиромашен? Некои луѓе за себе сметаат дека се сиромашни иако објективно тоа не се, или барем така се третирани од службите на институциите на државата кои се задолжени да вршат распределба на помошта на оние кои не се во состојба да заработат доволно средства за живот. Она што е карактеристично за земјите во транзиција е фактот што навистина за голем дел од населението реалните приходи многу опаднаа и што голем дел од средните слоеви се преселија во групата на сиромашни. Ако од тој аспект ги анализираме специфичностите и карактеристиките на сиромаштијата во Македонија, тогаш сиромаштијата разгледувана од еден социопсихолошки аспект во многу нешта ќе се разликува од сиромаштијата во државите на благосостојба во развиените општества на Запад каде што профитот, карактеристиките и структурата се формирале низ еден подолг временски период и на „природен" начин. Уште во деветнаесеттиот век, кога започнува посериозно да се истражува сиромаштијата во Англија, она што истражувачите на почетокот се обиделе да го направат се содржело во утврдување на мерилата според кои реално ќе може да се мери сиромаштијата. Тоа било и во функција на помошта што државата им ја давала на сиромашните. Првата тешкотија со која се соочува секоја дефиниција на сиромаштијата е дали нea ќе ја тре-

тираме на релативен или на апсолутен начин. Кога говориме за апсолутна сиромаштија тогаш предвид го имаме минималниот стандард кој може да се примени за сите општества и за сите поединци кои кога ќе се најдат под таа линија ќе се сметаат за сиромашни. Мерилата на апсолутна сиромаштија се темелат врз идејата за опстанок, тоа е сиромаштија на маргините на физичкиот опстанок. Луѓето се во сиромаштија ако немаат средства за да преживеат. Сиромашни се оние чии приходи не се доволни за да се задоволат основните потреби или како што некои ги нарекуваат „темелни физички потреби" како што се прехраната-мерено во фактори преку калориите и белковините: живеалиштето-мерено низ квалитетот на станот, неговата големина, хигиена и слично. Во оваа група на елементи кои служат за мерење на сиромаштијата, а кои се неопходни за човековиот живот, спаѓаат и степенот на смртност на доенчињата, квалитетот на здравствените услуги и нешто друго што се смета за неопходно и без кое не е можен нормален живот. Некои автори поимот на апсолутна сиромаштија го прошируваат и во сферата на „темелните културни потреби", каде најчесто се наведуваат шансите за образование, сигурноста, користењето на слободното време. Не навлегувајќи во критичките забелешки на определебите на апсолутната сиромаштија кои се заеднички за сите луѓе без разлика каде живеат и на кои социјални групи припаѓаат, приврзаниците на концептот на релативната сиромаштија поаѓаат од ставот дека луѓето се многу различни, живеат во општества кои се разликуваат по степенот на материјалниот развој, но и во однос на разликите во културата и дека е тешко да се дефинираат потребите кои што би важеле за сите: на пример, потребите од храна а притоа да не се земе предвид занимањето, кое претпоставува разлики во внесувањето на калории кои се неопходни за опстанокот на човекот зависат од многу други фактори и се различни во секоја култура и општество. Сепак, мора да се признае и покрај оправданоста на критиките на концептот на апсолутната сиромаштија дека постои еден минимум услови за живот, под кој животот на секој човек без разлика каде живее и на кој степен на општествен развој се наоѓа, практично е незамислив и е на границите на физичкиот опстанок. Тоа значи дека

е потребно минимално количество на калории и белковини, кои ако не бидат внесувани во организмот настапува смрт. Зарем денес во светот милиони луѓе не умираат од глад или тоа што немаат никаква здравствена заштита не е директна причина за смрт? Со поимот на релативна сиромаштија сме поблиску до една реална и поцелосна дефиниција на сиромаштијата. Имено, поимот релативна сиромаштија се однесува на стандардите на едно конкретно општество и во едно конкретно време. Според оваа концепција, линијата што ги дели сиромашните од другите членови на општеството е повлечена според тоа колку е богато тоа општество. Ако во едно општество кое е економски понеразвиено некои материјални потреби се луксуз, тоа не значи дека тие ќе бидат тоа во општество кое се наоѓа на повисок степен на развој. На пример, во богатите општества, производите и услугите како што се топла и ладна проточна вода, континуирано школување, поседување на автомобил, фрижидер, здравствена служба го поминале патот од луксуз, преку удобност до нужна потреба. Во право е Петер Таунсенд кога вели дека секоја дефиниција на сиромаштијата мора да се создава во односите со потребите и барањата на конкретното општество кое е во процес на постојани промени. Сè до средината на дваесеттиот век, се сметало дека сиромаштијата не претставува проблем и дека таа за брзо време ќе биде искоренета со помош на бенефициите (социјална помош) кои во тоа време ги уживале сиромашните. Оптимизмот се базирал и врз економскиот развој по Втората светска војна, врз целосна вработеност и врз успехот на социјалната политика. Приврзаниците на тоа сфаќање беа убедени дека распределбата на богатството, од страна на државата, ќе овозможи повисок стандард на работничката класа и повисок степен на праведност. Без разлика на тоа дали ние ќе го употребиме директниот или индиректниот начин на разгледувае на сиромаштијата, секогаш во нејзиното објаснување треба да бидат вклучени повеќе аспекти. Во емпириските истражувања на сиромаштијата, истата често се мери преку терминот на приход, со одредување на конкретна граница (линија) на сиромаштијата и броење на луѓето што се наоѓаат под таа граница. Употребата на приходот со цел да се измери сиромаштијата е често објаснуван заради

тоа што тоа е најважниот ресурс кој им е на располагање на поединците, и второ, поради тоа што приходот ги детерминира индивидуалните животни услови и како таков може да биде употребен како предизвикувач на сиромаштијата.

## Некои искуства во дефинирање на сиромаштијата во Англија

Во оваа прилика, накратко, ќе наведеме дел од резултатите од истражувањето на еден од најдобрите истражувачи на сиромаштијата, не само во Велика Британија, туку и пошироко, социологот Петер Таунсенд. Тој подготвил неколку студии, од кои една послужила за дефинирање на сиромаштијата од страна на Владата на Англија. За Таунсенд, сиромаштијата најдобро можеме да ја дефинираме само во релација со стандардите на конкретното општество. Тој е убеден дека сиромаштијата ќе се проширува и понатаму во услови на недостаток на материјални ресурси. За него постојат три начини на дефинирање на сиромаштијата. Првиот начин е поврзан со стандардот на сиромаштијата кој се базира врз официјалната статистика. За него авторот смета дека е самоволно определен од страна на владата. Вториот начин (или дефиниција) ја нарекува „релативен доходовен стандард" на сиромаштијата, а се базира врз идентификацијата на оние домаќинства чиј доход опаѓа многу под линијата на просекот на домаќинства со еднаков број членови. Сиромашни се оние кои примаат под 50% или помалку од просекот, а оние кои примаат 80% од просекот или помалку се на границата на сиромаштијата. Оваа дефиниција навистина го потенцира релативното значење на сиромаштијата: со промена на просечниот доход се поместува и линијата на сиромаштијата. Таунсенд не ја прифаќа оваа дефиниција, сметајќи ја за самоволна, затоа што 50%, 60% или 70% од просекот можат да се земат како линии без при тоа да се наведат сериозни аргументи. Втората забелешка се однесува на разликите меѓу нееднаквоста и сиромаштијата. Таунсенд се обидува сиромаштијата да ја дефинира не само во релативни димензии, туку и да ги приближи стандардите на живеење кои се својствени за различ-

ните групи население. Не само тоа што општеството ги детерминира човековите потреби, туку ги детерминира и разликите во начинот на консумирање, потребите од калории во зависност од работата што човекот ја извршува, видот на храна и слично. Сиромаштијата ја вклучува неможноста да се учествува во социјалните активности кои се сметаат за нормални, како што е посетата на пријатели или роднини, забавата, одењето на годишен одмор. Имено, станува збор за тоа дали некој оди на одмор или не, а не за тоа каде го користи, дали во близина на местото на живеење под шатор или скап одмор во странство, за што се потребни многу пари. Сиромашните обично не ни помислуваат да одат на одмор и од проста причина што добар дел не се вработени. Таунсенд сиромаштијата ја дефинира како состојба на поединци или семејства, на кои им недостасуваат парични средства за да си обезбедат прописна исхрана, да учествуваат во активности и да уживаат во животни услови кои се вообичаени во општеството во кое живеат. Нивните парични средства се толку многу под оние кои се утврдени како просечни за еден човек или домаќинство, што нив ги исклучува од обичниот живот и активност. Во делото *„Сиромаштијата во Англија"*, Таунсенд ја користи својата дефиниција за да ја измери стапката на сиромаштија во Англија. За да ја илустрира сопствената дефиниција на сиромаштијата, тој формирал индекс на немаштија со кој се опфатени вкупно 60 видови на немаштија кои се однесуваат на домаќинството, а со кои главно се опфатени: исхраната, облеката, средствата за одржување на хигиена, работните услови, семејниот живот, рекреацијата, слободното време и слично. Тој го утврдил приходот кој се смета за неопходен за секое семејство според бројот на членовите, вработеноста, возраста на децата, дали има инвалиди во семејството и слично на тоа. Врз основа на овие истражувања тој открил дека 22,9% од населението на Англија (или приближно 12 милиони) биле сиромашни (1968–69 година). Ова е важно да се истакне, затоа што официјалната статистика како за сиромашни ги сметала само 6,1%. Таунсенд открил дека сиромаштијата е многу пораширена отколку што тоа било регистрирано од страна на државата. Во една друга студија (1985–86 година) Таунсенд, со уште двајца други социолози, користи

други методи за истражување. Врз примерок од 2703 испитаници од Лондон, направиле разлика меѓу материјалната и социјалната сиромаштија. Материјалната немаштија се однесува на недостаток на храна, облека, живеалиште, основни предмети во домаќинството, невработеност, а социјалната немаштија главно ја фокусирале на неможноста за вработување, недостаток на семејни активности, неможност за интеграција во пошироката заедница, неучествување во социјалните институции, немање услови за рекреација и кристење на слободното време. Во оваа студија авторите направиле разлика помеѓу објективната и субјективната сиромаштија. Објективната сиромаштија била мерена со помош на индексот на немаштија, а субјективната со ставот на испитаниците за висината на приходот кој им е потребен на нивните семејства за да ја избегнат. Она што заслужува да се истакне во оваа студија на лондонските социолози е фактот што нивната пресметка за потребите на едно семејство речиси дека се поклопува со пресметката што сами ја правеле испитаниците. Истражувањето на сиромаштијата во Велика Британија во деведесеттите години покажуваат дека процентот на сиромашните значително се зголемил во периодот меѓу 80-тите и 90-тите години- од 7,3 милиони во осумдесеттите на 11 милиони во деведесеттите години. Тоа се однесува и на зголемувањето на процентот на длабочината на сиромаштијата.

## Сиромаштијата во Македонија: состојби и карактеристики

Истражувањата на сиромаштијата во Република Македонија се на почеток. Сè уште нема истражување на национално ниво. Владее едно убедување дека располагаме со доволно сознанија за сиромаштијата и начините како да ја намалиме. За разлика од некои земји во транзиција, каде што не дојде до масовно осиромашување на населението, Македонија се најде во редот на оние земји во кои за само неколку години од падот на комунизмот се случи и голем пад на стандардот на населението, кој остана низок и по десет години, сè до почетокот на дваесет и првиот век. Кога ја анализираме сиромаштијата во Македонија, не можеме да не го истакнеме фактот дека практично

Македонија од почетокот на деведесеттите години па сè до денес немало објективни можности економски нормално да се развива, секогаш било објективно, од надвор попречувана преку најразлични начини: од блокади на границата до војни во блиското соседство и Косовската криза која и денес на почетокот на 2001 година се манифестира на нејзината северна граница со чести упади на терористички групи, кои сериозно ја дестабилизираат нејзината безбедност и значајно влијаат врз економскиот развој што се одразува, меѓу другото, и врз стандардот на населението. По својата природа, како што тоа го потенциравме во нашата анализа, сиромаштијата е мултидимензионална појава. Во услови на драстичен пад на економските активности, реално намалување на платите и структурни промени во стопанството доаѓа до зголемување на социјалните разлики меѓу луѓето, што од своја страна крајно негативно се одразува врз целината на реформите воопшто. Накратко, на економски план доаѓа до намалување на бруто домашниот производ од 2080 САД долари во 1989 година на околу 1.700 долари во 2001 година. Потоа, доаѓа до драстичен пораст на бројот на невработените и денес (на почетокот на 2001 година) се стабилизира на 32%, што е апсолутно највисок процент во Европа. Бројот на корисниците на социјална помош постојано се зголемува и на почетокот на 2001 година достигна на околу 80.000 семејства кои примаат социјална помош. Што е карактеристично за сиромаштијата во Република Македонија во последните неколку години? Прво, статистичките податоци покажуваат мал пораст на делот од популацијата, кој е под линијата на сиромаштијата, од 19,0% во 1997 година на 21,0% во 2000 година, со тенденција на стабилизирање околу 20% во наредните неколку години. Во исто време длабочината на сиромаштијата пораснува од 4,6% во 1997 година на 5,7% во 2000 година, што не е безначајно ако се имаат предвид очекувањата дека во почетокот на 2000 година ќе дојде до нејзино намалување за неколку проценти. Второ, сиромаштијата последните неколку години се зголеми во Скопје и во другите поголеми градови, а се намалува во помалите градови и селски средини. Така, на пример, во Скопје пораснува од 12,5% во 1997 на 26,3% во 1999 година. Дали поголемите градови, вклучувајќи го и Скопје, во

блиска иднина ќе се претворат во градови на сиромаштија? Трето, во однос на вработените се забележува процес на намалување на сиромашните во домаќинства со двајца вработени, но се зголемува кај невработените и пораснува од 23,5% во 1997 на 31,4% во 1999 година. Ниските примања на вработените, особено кај оние со низок степен на квалификација и во претпријатија кои не се конкурентни на пазарот и најчесто се пред стечај ги доведува вработените во кругот на сиромашни. Четврто, во најранливите категории од населението, покрај невработените и нископлатените работници се наоѓаат и оние кои живеат во повеќечлени семејства и домаќинства со малолетни деца. Речиси секое четврто домаќинство со деца (едно или повеќе) над седумгодишна возраст се наоѓа во категоријата на сиромашни. Петто, за профилот на сиромаштијата во Македонија е карактеристично и тоа што таа се продлабочува кај младата популација до 40 години, што не е случај кај останатите земји во транзиција. Фактот што секое четврто домаќинство кај кое главата на домаќинството е до 40 години се наоѓало во категоријата на сиромашни говори за драматичноста на социјалните промени и за бесперспективноста на голем дел од младата популација во нашата држава. Основниот заклучок за состојбите на сиромаштијата во Македонија е следниот: продолжува да се зголемува процентот на сиромашните и да се продлабочува сиромаштијата кај некои категории од населението, а последните неколку години доаѓа до драстично зголемување во Скопје, во кое живее една четвртина од населението во Македонија и повеќе од 40% од градското население и во неколку поголеми градови, каде што е забележан и највисок пораст. Сиромаштијата постепено ги добива карактеристиките на неразвиените економии, масовно се сели во поголемите градови и Скопје, каде што можноста за вработување и обезбедување на нормални услови за живот станува неостварлив сон за мнозинството од населението.

## Користена литература:


1. Ацески, Илија, (1996), *Скопје-визија и реалност*, Филозофски факултет, Скопје
2. Ацески, Илија, (2002), *Социологија*, Трето издание, Филозофски факултет, Скопје
3. Хараламбос, М., Хеалд, Р., (1989), *Увод у социологију*, Глобус, Загреб
4. *Taking Stock of Poverty in Macedonia*, Извештај изготвен за Канцеларијата на Светската Банка во Скопје, април–мај 2000 година
5. Тенденции на сиромаштијата и можностите за нејзино надминување, Научен собир, Фондација „Фридрих Еберт", канцеларија Скопје, 18 и 19 декември, Скопје
6. Фокусирање на сиромаштијата, Документ на Светската банка, јуни, 1999 год.
7. Радовановиќ, М., Социолошка, антрополошка проучавања „културе беде" у сувременој грађанској социологији и антропологији, „„Социологија", 2, Београд
8. Харингтон, М., (1965), *Друга Америка*, Београд
9. Национален извештај за човековиот развој во Македонија за 1998 и 1999 год.
10. Стратегија за намалување на сиромаштијата (Интерим верзија) јули, 2000 год., Министерство за развој и Светска банка

# КУЛТУРА, ДЕМОКРАТИЈА, КОРУПЦИЈА

*(македонскиот случај)*

## Вовед

Пред да се обидеме да кажеме нешто повеќе за состојбите во Македонија за односот на културата, демократијата и корупцијата, пожелно е да наведеме дел од истражувањата кои се однесуваат на оваа тема. Тоа ќе ни помогне полесно да ја разбереме состојбата во Македонија, за која, за жал, и скоро и да нема посериозно истражување, но затоа постои општо убедување, добиено во истражувањето на индексот на перцепција на корупција, дека постои висок степен на корумпираност и сè уште низок степен на демократија и ниска ефикасност на институциите во државата. Централното прашање за кое постојат многу претпоставки, а малку сознанија и истражувања е содржано во улогата и значењето на културата во создавањето на состојба во општеството во која е присутна малку демократија а многу корупција.

Нашето согледување се базира врз повеќе истражувања на односот на корупцијата, економијата, демократијата и главно е насочено кон дел од одговорот на прашањето: Зошто е важна културата во процесите на демократизацијата и појавата на висок степен на корупција во државата. Се разбира, дека овде само накратко ќе наведеме дел од согледувањата на неколку автори без кои расправата не би била целосна.

Поимот култура се однесува на најразлични значења во различните дисциплини: од „сеопфатно значење" кое се однесува на начинот на живот во едно општество, во кое влегуваат вреднстите, праксата, институциите, симболите, односите, до сфаќања кои се однесуваат само на одделни сегменти на човековиот живот. Ако под поимот култура се подразбере практично се, тогаш тешко можеме со неа нешто

поконкретно да објасниме. Овде културата е разбрана во нејзините чисто субјективни одредници, како што се вредностите, ставовите, верувањето, поконкретно, за Македонија, одредници добиени врз истражувањата во периодот по распаѓањето на социјализмот, по деведесеттите години на 20-тиот век.

На прашањето: Зошто некои нации имаат непродуктивни култури, Мајкл Е. Портер (Porter, 2004) одговорите ги бара во следното. Прво, врз економската култура на нацијата големо влијание имаат доминатните идеи или парадигми за економијата. За Портер е важно тоа што однесувањето на луѓето е во зависност од тоа во што тие веруваат. Во согласност со овој став, а врз основа на истражувањата во Македонија можеме да го заклучиме следново: Ако преовладува уверувањето, кое на пример е својствено за Македонците врз основа на истражувањата на јавното мнение, дека во Македонија не постои држава, секој прави што сака, нема власт, присутно е чувство на немоќ да се заштитат сопствените интереси, и постои перцепција за голема распространетост на корумпцијата, тогаш треба да се очекува однесување полно со недоверба кон другите, страв за сопствената судбина, неверување во институциите, средина каде што нема поволен амбиент за бизнис. Се разбира тоа е состојба која во голема мера е создадена како резултат на карактерот на промените по деведесетите години: непродуктивна приватизација, партизација на институциите, дислоцирање на реалната моќ од политичките институции кон политичките елити со што настапува процесс на развластување на институциите (Христова, 2005).

Без сомнение дека врз системот на вредности, по деведесеттите години решавачко влијание извршиле економските фактори како што е високата стапка на сиромаштија и нееднаквост во доходот, големата невработеност и изразито високиот процент на сива економија. Ако оваа состојба, која подолго време е присутна во општеството во Македонија, ја доведеме во директна врска со високиот индекс на прецепција за распостранетоста на корупцијата, тогаш сме сосема блиску до заклучокот дека економската неефикасност, привилегиите како резултат на партиската припаднст имаат дирекно влијание врз

контролата на институциите и врз ресурсите (вклучувајќи го и вработувањето на партиски кадар во јавните институции). Таа состојба се доживува како политичка дискриминација на граѓаните, селективна примена на законите, загрозени човекови права, со други зборови, тоа не е ништо друго освен коруптивно однесување (Лабовиќ 2002; Национален извештај за човековиот развој 2001; Јавното мислење за корупцијата во Република Македонија 2005; Годишен извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата 2004;).

## Економија и култура

Одговорот на прашањето: зошто културата е важна за економската стабилност и просперитетот на една земја, индиректно ќе не доведе во врска со прашањата за карактерот на демократијата и енормниот пораст на коруцијата во Република Македонија. Поконкретно, зошто е важна економската култура на една заедница, разбрана во потесна смисла, поконкретно, ќе не доведе до одговорот на прашањето; Зошто некои држави во транзиција се поуспешни во градењето на новото општество, а некои не се, меѓу кои се наоѓа и Македонија (Ацески, 2002). Се разбира дека одговорот е многу покомплексен отколку што може да биде синтеизиран во едно излагање, но целта е да се детектираат некои од главните причини (Saks, 2004; Lipset i Lenc 2004;).

Ако состојбата на општеството ја анализираме низ економските категории, тогаш, нужно се наметнува прашањето за неговата поврзаност со карактеристиките на трансформацијата на еден во друг систем. Ситуацијата се комплицира уште повеќе ако во анализата се земат предвид и надворешните фактори, каде што ќе сретнеме и ставови кои се многу блиски до теоријата на завери, барање на непријателите надвор од границите на државата, дека некој, како што се ММФ, Светската банка, НАТО, соседните балкански држави, се тие кои не само што не и мислат добро на Македонија, туку секој момент се обидуваат да ја распарчат државата. Тие размислувања малку се земени предвид, иако Македонија, по деведесеттите години на минатиот век, го понесе и товарот на разни санкции, војни во соседството, ембарга на

границата, внатрешен судир, за кој сè уште не знаеме врз кои основи беше инспириран иако, последиците ќе останат засекогаш, пред сè во процесите на формирање на една државна заедници врз основите на консоцијативната демократија, етнички поделена територија, билингвална заедница.

Во анализата тргнуваме од неспорниот факт дека ставовите, вредностите и верувањата, кои влегуваат во дефинирањето на културата, имаат важна улога во односите меѓу луѓето. Или поконкретно, во кој степен тие влијаат врз односите во економијата, односно врз економските активности кои ја формираат организациската култура и воопшто функционирањето на институциите. Во тој контекст се поставува и прашањето за однос на демократијата и економијата на една страна и коруптивното однесување на друга страна.

Ако луѓето се убедени дека во една држава корупцијата е присутна во сите сегменти на општеството (висок индекс на перцепција на корупцијата) тогаш прашање е дали станува збор за демократска држава, без разлика дали институциите на системот формално функционираат, поконкретно институциите на парламентарната демократија. Високиот индекс на перцепција на корупцијата може да се разбере како значаен репер во оценката за тоа дали станува збор за земја со развиена демократија или земја со ограничена демократија (Јавното мислење за корупцијата во Македонија 2005).

Нашата анализа за односот на културата и економијата, ја базираме врз неколку факти кои се неодминливи и се чини доволни, ако не за целосни, тогаш барем за тешко одминливи заклучоци.

Факт е дека Македонија во неколку важни сегементи во економијата, се уште не ја надминала состојбата од периодот пред распаѓањето на социјализмот, пред деведесетите години, а во некои сфери состојбата е уште понеповолна.

Секоја анализа за односот меѓу културата, демократијата и корупцијата во Македонија, за периодот по деведесетите години треба да ги има пред себе следните факти:

- невработеност од над 35%, деведесетите години на минатиот век под 20%;

- сива економија скоро 50%, пред деведесетите години помалку од 20%;
- ниска продуктивност на трудот, најниска во однос на земјите во транзиција во регионот Западен Балкан ;
- според развојот на конкурентноста, Македонија во 2004 година од 104 држави кои се земени за рангирање, се наоѓа на 84 место;
- од регионот на Западен Балкан, Македонија во 2004 г. го зазема деветтото место по корупција, (109 на светската ранг–листа по корумпираност) и по неа е само Албанија. За споредба, во 1999 година се наоѓала на 65 место (Повисокото место на скалата говори за повисок степен на корумпираност).
- многу малку странски инвестиции по глава на жител (најмалку во регионот Западен Балкан);
- на скалата на индексот на економска слобода, (сопственичка слобода, слобода на заработка за живот, слобода за вложување на заработените пари,слобода на учество во пазарната економија) Македонија се наоѓа во долниот дел од скалата, не повеќе од 2 поени (на скала од 1 до 5, каде 5 е целосна слобода). Сите држави кои се рангирани на долниот дел на скалата на индексот на економска слобода се високо корумпирани;
- скоро и да нема познато светско име во економијата кое инвестирало во Македонија, освен во телекомуникациите, кои држат монополска позиција во фиксната и до пред една година и во мобиланата телефонија;
- пораст на БДП последните неколку години не преминува 3%, но повеќе години по 90–тите и многу понизок, а неколку години забележан е и негативен раст во економијата;
- сè уште нереализирани реформи во судството, полицијата, и јавната администрација;
- проблематични избори;

- според оценките на експертите приватизација на општествениот капитал е извршена на криминален начин, која сè уште трае во некои сфери ( здравство) и уште долго ќе трае, но како судска не–завршница во која се вмешани десетици фирми (Македонија и корупцијата, 2004);
- јавното мислење во Македонија е насочено кон минатото, кај мнозинството постои убедување дека социјализмот е подобар ситем од системот кој денес се гради. Македонија сè уште во некои области не излегла од почетниот стадиум на транзицијата (Ацески, 2002).

Првата асоцијација која нужно се наметнува од фактите кои претходно ги наведовме не води до суштинското прашање кое директно се однесува на карактерот на реформите во политиката, економијата и институциите, но и промените во културата, поконкретно, промена на ставовите, мислењата, вредностите, кои се разбира немаат независна позиција, но кои, исто така, повратно влијаат врз останатите феномени. Во нашиот случај три работи се важни за да се одговори на прашањето за карактерот на реформите по деведесетите години, по распадот на социјализмот.

**Прво**, економијата во Македонија е во изразито лоша состојба и е присутен низок степен на продуктивност, неатрактивна е за странски инвестиции и владее низок степен на конкурентност, посебно во земјоделието.

**Второ**, Македонија многу заостанува во системските реформи, на пример, скоро и да нема реформи во здравството каде што реформите се во почетен стадиум, слично како и реформите на судскиот систем и јавната администрација. Слична е состојбата и во образованието. Присутна е ситуација која може да се спореди со процесите на ентропија: новото не го зазема местото на старото, кое како отпадок и понатаму останува. Дури има институции кои до тој степен се „реформирале“ што и понатаму го носат старото име. Но, уште поизразено е тоа што реформите се формални, со непроменти кадровски структури и начин на управување, присутна е една мешавина од прак–

тично прилагодени правила кои успешно се вклопуваат во еден фамилијаристички, непотистички и колективистички дух на управување кои ефикасноста на институциите ја прават крајно непродуктивна, што се разбира има негативно влијание врз ставовите на луѓето за реформите воопшто.

**Трето**, јавното мнение во Македонија е сè уште крајно негативно расположено кон новиот систем, поконкретно, сè уште најголем дел од населението, особено оние кои се губитници во транзицијата, а нивниот број, како што го покажуваат тоа истражувањата изнесува скоро две третини од популацијата, тоа се оние кои се сомневаат дека реформите во државата се движат во вистинска насока, што повратно негативно влијае врз односите во економијата и политиката и колку тие објективно да значат излез од кризата.

Не се поставува прашањето за тоа дали апатијата, разочарувањето, губењето на вербата на поединците во институциите се одразува врз ефикасноста на системот во целина и посебно на економската ефикасност, туку уште колку време и до кој степен кризата ќе се продлабочува како резултат на тоа? Не станува збор само за губењето на довербата на поединците во институциите, туку и обратно, за губењето вербата во граѓаните од страна на институциите, која најчесто се забележува во засисилена контрола врз нивните дејности која е често партиски и политички мотивирана. Во државата е видлива поделеноста на луѓето на оние кои се бунтуваат, протестираат, ги бараат своите права и оние кои се послушни и лојални кон оние кои се на власт.Изгубена е меѓусебната довербата. „Во општеството на доверба, спремноста за прифаќање на ризик се подразбира, дека поединецот ќе направи избор кој е спротивен од желбата на власта. Ако тој ризик не е прифатен и поединецот е подложен на систем на контроли, општеството ја губи клучната движечка сила на економскиот развој, а таа е содржана во стремежот на секој од нас да живее како сака, да мисли што сака и биде тоа што е, од себе да создаде единствено суштество" (Грондона, 2004:104).

Ако се обидеме економскиот прогрес, на примерот на Македонија го објасниш во рамките на категориите кои се во сферата на кул-

турата – ставовите, вредностите и верувањето на луѓето, Македонија уште на стартот од транзицијата, го загуби духот на промените во политичка, психолошка и економска смисла и сè уште ги преболува првичните маки на транзицијата. Реформите не ги дадоа очекуваните резултати и по петнаесет години од нивното започнување, луѓето не ја добија сигурноста на сопствената егзистенција, најголем дел ја изгубија редовната работа, едноставно, не ги почувствуваа благодетите на конкуренцијата, на повисоката продуктивност, на квалитетот на услугите, низ еден, очекуван процес на транспарентност и праведност на приватизацијата, која, ги идентификува богатите – новите моќни слоеви, но во исто време ја уништува надежта на мнозинството за нормален живот, што без редовна и доволна заработувачка и состојба во сиромаштија и бесперспективност е навистина незамислив. Состојбата во која мнозинството од населението е убедено дека богатството на поединците е стекнато на незаконски начин, дека економскиот развој не се базира на продуктивност туку врз контрола на ресурсите, на партиската припадност, на привилегиите кои ги ужива едно одбрано малцинство, тоа добива патолошки особини и излезот од таа состојба е навистина тежок (Ацески, 2002).

Какво однесување може да се очекува од човек кој е убеден дека приватизацијата е кражба, дека постои корумпираност и криминал и тоа дека само на нечесен начин може да се дојде до материјални добра? Или какво однесување може да се очекува од луѓето кога им се скратени можностите на легален начин да заработуваат, а се мотивирани да работат, да успеат, да заработат и да се збогатат?

Луѓето, во принцип, не делуваат на штета на сопствените индивидуални интереси и интересите на своите блиски на сметка на општите, ако амбиентот на микроекономско ниво не им овозможи нормална заработувачка, многу лесно преминуваат на илегални методи, што според Мертон е очекувана ситуација во која настанува судир меѓу целите и средствата.

Во Македонија владее убедувањето дека луѓето се жртви на погрешни чекори на политичарите, кои во борбата за власт и задоволување на личните интереси како да заборавија на интересите на

граѓаните и на државата. Најголем дел од политичарите се замешани во разни афери на корупција за што секојдневно известуваат медиумите. Излезот од состојбата на корумпираност најчесто се бара во унапредување на управувањето, продуктивноста и транспарентноста на работата на државните органи.

## Култура и демократија

Процесот на демократизација започнат деведесеттите години доведе до радикални промени во политичкиот систем и за кратко време се инсталираа неопходните институции на парламентарната и плуралистичка демократија. Демонтажата на старите политички институции и воспоставување на новите, одеше многу побрзо од процесите на приватизација на државниот (општествениот) капитал, а далеку побрзо од промените на вредносниот систем, кој сѐ уште опстојува во некои димензии.

За состојбите во Македонија, посматрани од аспект на економскиот развој, демократизацијата за кратко време предизвика разочарување и на преден план го истакна често поставуваното прашање: Дали е можна успешна демократизација без економски прогрес, односно, во подиректна форма; дали парламентарната демократија, повеќепартискиот систем и приватната сопственост, во услови на економска стагнација, невработеност и сиромаштија можат да бидат доживувани за повисок степен на политички и демократски слободи и права на граѓаните од претходниот период кога владеше еднопартискиот систем и колективна сопственост?

Се случи парадокс во политичкиот развој на земјата: повисокиот степен на демократичност во услови на пад на економскиот развој. Економскиот развој ја трансформира социјалната структура во секој поглед и тоа се случуваше во период пред 90-тите години, дури и се сметаше дека македонското општество добива некои од карактеристиките на потрошувачко општество, за да веднаш по неколку години транзициска трансформација да се соочи со сиромаштија и безперспективност. Реализираните социолошки истражувања од средината

на деведесеттите години до денес покажуваат перманентен пад на перцепцијата на стандардот кај населението, субјективната перцепција на скалата на богат–сиромав (од 1 до 10) покажува дека скоро 90 % испитаниците се сместени во долниот дел (Јавно мислење на Македонија, 97 ИСППИ; Национален извештај за човековиот развој, 2001, 2003, 2004 ).

*За Македонија, како и за дел од земјите во транзиција, може да се говори повеќе за неуспешни отколку за успешни реформи; луѓето не се почувствуваа повеќе среќни, здрави, слободни или потолерантни, едноставно, работите тргнаа во спротивна насока од очекуваното. Секако дека не треба прерано да се донесуваат судови за неуспешноста на демократизацијата, на долг рок сигурно е дека ќе надвладеат позитивните страни.*

Прашањето кое се поставува, и кое е интересно за нашата тема се однесува на односот на демократијата и корупцијата, или, поконкретно, дали високиот индекс на перцепција на корупцијата во една држава говори индирекно за тоа дека демократизацијата е на многу ниско ниво, како што може да се каже и за состојбата на низок степен на конкурентност и степенот политичката стабилност.

Владеењето на законот во политички отвореното општество доведува до ограничување на моќта на државата и нејзино мешање во економските сфери, но и до повисок степен на слобода и јакнење на механизмите на заштита од корупција. Во демократски амбиент и во услови кога институциите на системот, како што се судовите, нормално ја извршуваат својата функција, кај луѓето доведува до јакнење на довербата во институциите на системот. И обратно, кога институциите се дерогирани, слаби и под влијание на партите на власт, довербата се губи што негативно се одразува врз сигурноста.

Граѓаните најчесто ги остваруваат своите права преку врски, разочарани од затвореноста и односот на институциите спрема нив „е заклучокот на двегодишното истражување на Транспарентност – Македонија реализирано во периодот 2002–2004 (Христова, 2005).

## Корупција и демократија

Степенот на развиеност на демократијата и индексот на перцепција на корупцијата се во обратнопропорцинален однос: колку е повисок степенот на демократска развиеност во една земја во таа мера во државата се сретнува понизок индекс на корупцијата, и обратно. Податоците и анализата на односот меѓу корупцијата и демократијата изнесени во *Годишниот извештај на политичките права и граѓански слободи,* во периодот на 1996–97 од страна на Freedom House ја потврдуваат горенаведената хипотеза. Се разбира дека има и исклучоци, но правилото важи за најголемиот дел од државите во светот (Lipset i Lenc, 2004).

Накратко, корупцијата е начин на стекнување на богаство или моќ со незаконски средства. Личната добивка се стекнува на сметка на општите интереси. Корупцијата претставува најсериозна закана за правната држава: правните норми се узурпирани од поединци за лична корист. Во земјите во транзиција каде што не е заокружена правната регулатива и не се спроведуваат законите, корупцијата е најразвиена. Правната држава ја гарантира слободата на пазарот, претприемништвото и обезбедува еднаква слобода за сите субјекти. Коруптивното однесување ги узурпира законските норми, води во привилегирана положба на поединци, создава монополска положба на одредени субјекти, едноставо, се создава состојба во која оние кои се поблиску до власта најчесто се здобиваат со незаслужена корист, а не оние кои се поспособни и кои ги почитуваат законите.

Истражувањата на корупцијата се од поново време. Високиот степен на корупцијата во земјите во транзиција се поврзува со повеќе фактори меѓу кои, економските промени, приватизацијата, непостоење на закони или нивна отежната реализација и систем на контрола се сметаат за најзначајни. Во услови на слаба економија, лимитирачки материјални средства и висок степен на сиромаштија, освојувањето на власта е најкраткиот пат до стекнување на моќ за располагање со ресурсите.

Целта на нашата анализа не е да трагаме по причините за корупција, субјектите или нејзината распространетост. Доволно е само

каратко да укажеме на причините кои доведуваат до висок степен на корумпираност (Лабовиќ, 2002; Македонија и корупцијата, 2004).

Од правно-политички аспект корупцијата е резултат пред сè на неконзистентно изведеното начело на поделба на власта во нееднинствениот систем на државаната власт, што резултира со политички неодговорна и со ништо ограничена влада и парламнет. Потоа, непостоењето на антикорупциски закони, независни институции кои непречено би ја следеле кориупцијата, како и нетранспарентни и неконзистентни системи на приватизација, јавни набавки и контрола врз трошењето на буџетот и слично, се само мал дел од причините. Интересно е сознанието дека во Македонија постојат повеќе институции кои се борат против корупцијата, но факт е дека тие се сосема неефикасни. На пример, за период од девет години, не е регистрирана ни една судска завршница за незаконска приватизација (Македонија и корупцијата, 2004: 73) Феноменот е сложен и претпоставува сложена методологија во неговото истражување. Фактот што нема скоро никакви истражувања доволно говори за тоа, но и за односот на владеачките елити.

Пред да се обидеме нешто поконкретно да кажеме за односот на културата и корупцијата, или, колку корупцијата е производ на некои фактори кои се поврзани со културата, но и со демократијата како реално таа се практикува во Македонија, да видиме каков е индексот на перцепција на корупцијата во најновите истражувања (Јавно мислење на корупцијата во Македонија, 2006 ).

Во истражувањето на јавното мислење за корупцијата на Македонија (2006) корупцијата е рангирана на трето место на приоритетни проблеми во државата, по невработеноста и лошата економија. Од вкупниот број на испитаници, 14% сметаат дека корупцијата е голем проблем. Она што е значајно да се нагласи е сознанието дека граѓаните за коруцијата се информирани преку јавните медиуми, скоро 2/3, но половината од нив сметаат дека информациите пренесени во јавните медиуми се површни и недоволни. За најкорумпирани се сметаат: царината, судството, здравството и образованието, со оцена над 4 (од скала од 1 до 5, каде единица значи најмала корумпираност а пет значи најголема корумпраност).

Нашето внимание ќе го задржиме само на неколку сознанија од ова најново истражување на индексот на перцепција корупцијата (Јавното мислење за корупцијата во Република Македонија, 2004).

Луѓето не веруваат во ефикасноста во борбата против корупцијата со над 70 % од испитаниците и тоа дека секој петти би понудил поткуп за да заврши некоја работа, а 13% би платиле поткуп ако некој побара од нив за да завршат некоја работа . За разлика од социјализмот, над 70% испитаниците се убедени дека денес има повисок степен на корупција.

Македонија е рангирана на високо место во однос на корупцијата. Од земјите на регионот на Западен Балкан, Македонија во 2004 година го зазема деветото место по корумпираност и по неа е само Албанија. На пример, Бугарија е рангирана на 55 место, а Македонија на 103 место. Како што претходно потенциравме Македонија првпат беше рангирана на оваа листа во 1999 и тогаш го зазеде 65 – то место. Се потврдува ставот дека корупцијата во Македонија последните пет години се зголемува. Постои убедување дека во македонскког општество практично не постои област која не е зафатени со корупција и дека корупттивното однесување станува дел од секојдневието на луѓето. Се разбира дека за потврда на тоа се потребни солидни истражувања кои во овој момент ги нема. Сознанието се базира врз информациите на медиумите, но фактот што само мал дел од големите корупциски афери имаат судска завршница, суштински говори за неефикасноста на судскиот систем, важен сегмент во борбата против корупцијата. Новинарските информации не се секогаш сигурен извор за феноменот на корупцијата. Дури, како тоа го покажува истражувањето на јавното мнение, имаме една ситуација во која корупцијата се претвора во медиумска претстава која го оптоварува јавното мислење и најчесто медиумското третирање на корупцијата е во функција на политичка и партиска пресметка на власта и опозицијата, но без судска завршница и последици на посочените субјекти во корупциските скандали. Тоа говори за слабиот капацитет на институциите, но и за објективно присутниот партизам и фамилијарност, кои длабоко се вгнездиле во институциите на власта. Влијанието во

изборот на судските органи и на раководните места во органите на извршната власт воопшто, е работа на партијата на власт, што доведе до висок степен на партизација на државната администрација. Потоа, голем број од институциите се зафатени со непотизам, не само према членовите на потесното семејство, туку пријателите и припадниците на одредени групи.

Во Македонија состојбата на тој план е оптоварена и од обврските на Охридскиот договор, со кој меѓу другото, во институциите на јавната администрација треба за кратко време се зголеми бројот на припадниците на етничките заедници кои не се прпорционално застапени во однос на нивното учествово вкупниот број на населението што ја доведува во прашање компетентноста и ефикасноста.

Во општество со развиени односи на непотизам или фамилијарен аморализам, како што смета Едвард Банфилд, анализирајќи го примерот со Јужна Италија, никој нема да ги унапреди интересите на групата или задницата освен ако личната корист не го наведе на тоа. Аморалниот фамилизам директно наведува на корупција и води во напуштање на универзалните норми. Колку е тоа присутно во Македонија нема конкретни согледувања. Од тоа што може да се прочита, повремено во дневниот печат или да се слушне на електронските медиуми се добива впечаток дека македонското општество е длабоко зафатено со корупција. Без сомнение дека таа состојба е поврзана и со карактерот на вредностите кои на прво место ги ставаат интересите на фамилијата, роднините и пријателите без разлика дали со тоа ќе бидат доведени во прашање интересите на пошироката заедницата.

## Наместо заклучок

Одговорот на прашањето за тоа колку е важна културата за економскиот прогрес на една заедница и каква е нејзината врска со карактерот на демократијата и степенот на корупираноста, конкретно за Македонија во периодот на транзиција, по распадот на социјализмот, во голема мера е содржан во карактерот на реформите во општеството на економски, политички и социјален план.

Прво, реформите во економијата – воспоставување на пазарно стопанство проследено со процес на приватизација на колективната сопственост, создаде длабока поделеност во општството не само во материјална смисла туку, пред сè, во идеолошка смисла: легитимноста на стекнувањето на богаството во услови на постоење на голема недоверба во институциите на власта е доведена во прашање, приватизацијата се доживува како криминален чин и голема неправда, а не како нормална економска операција која треба да го одведе општеството во прогрес. Тоа во голема мера и за подолг временски период ја зацврсти вредносната ориенатација на мнозинството од населението кон недоверба на институциите на системот и кон релативизација на моралната основа на новиот систем: се е дозволено на патот за успех. Отсуствува механизмот на правната држава. Демократијата се доживува само во нејзината негативна страна. Голем дел од енергијата на луѓето се насочи кон деструкција и отпор кон промените, носталгија за минатото.

Второ, во Македонија постои висок степен на корумпираност, поконкретно висок индекс на перцепција на корупцијата од страна на населението. Тоа можеме да го разбереме и како резултат на културните вредности, како на пример, вредностите на семејството за поединецот над општите интереси, но и на постоењето на изразито висока партизација на власта, ставање на партиските интереси на оние кои се на власт над општите, во поставување на раководни позиции на партиски кадри кои најчесто не се доволно компетентни да ја вршат функцијата на која се поставени.

*(2005)*

## Користена литература:


1. Ацески, Илија, (2002, *Општетсвото и човекот во транзиција,* Трет дел. Скопје: Филозофски факултет.
2. Христова, Лидија, (2005), Владеење на правото, демократијата и ефикасноста, *Годишник на ИСППИ,* Волуме 30, Број 1, Скопје
3. Липсет, С.М., и Ленз Г.С. (2004), Корупција, култура и трзиште, во*: Култура је важна. Како вредности уобличавају људски живот,* Београд: Плато
4. Портер, Е., Мајкл, (2004), Ставови, вредности верованја и макроекономија просперитета, *Во; Култура је важна. Како вредности уобличавају људски зивот,* Београд: Плато
5. Грондона, Маријано, (2004), Културна типологија економског развоја. *Во; Култура је важна. Како вредности уобличавају људски живот,* Београд: Плато
6. Јавното мислење за корупцијата во Македонија (2005), *Истражувачжки извештај.* Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.
7. Лабовиќ, Миодраг, (2002), Власта и корупцијата во политичкиот систем, со посебен осврт на Република Македонија, *Докторски труд,* Скопје: Правен факултет.
8. Македонија и корупцијата, (2004), Состојби и предизвици, В*тора конференција,10 ноември 2004,* Фондација Институт отворено општество на Македонија.
9. Национален извештај за човековиот развој 2001, (2001) *Социјалната исклученост и несигурноста на граѓаните на Македонија,* УНДП, Скопје: СКЕНПОИНТ

# ДЕМОГРАФИЈАТА ВО МУЛТИЕТНИЧКИТЕ ОПШТЕСТВА

*(Случајот Македонија)*

## Вовед

Етничката демографска карта на Македонија во периодот од 1994 – 2002 (период меѓу два пописи) нагло се менува. Анализата се базира на само еден податок, другите ги сметам за ирелевантни во овој контекст, а тој е следниот: дека за периодот од 1994 –2002 бројот на Македонците е зголемен за само 2017 лица (или 0,2%) со просечната годишна стапка на пораст од само 0,02 %, а во исто време кај Албанците порастот изнесува 67. 979 лица или, 15,4%, со стапка на пораст од 1,79%, што претставува дури 88,7% од вкупниот пораст на населението во Македонија отпаѓа на лицата кои се изјасните како Албанци! И тоа на територија каде што живеат нешто повеќе од два милиони луѓе со изразито големи проблеми на етнички план. И уште нешто во тој поглед: албанското население е скоро 100% концентрирано во четири региони, кои формираат една целина, во кои влегуваат југозападниот, западниот и североисточниот регион, вклучително и скопскиот регион кој претставува посебна целина. Значи, висок пораст на припадниците на една етничка заедница, за многу краток период од осум години, и нивна концентрација на еден дел од државата.

## Демографски договор за три деца

Размислувањето за оваа состојба треба максимално да биде ослободено од емоции затоа што секоја реакција која нема рационалност и толеранција има многу голема можност да биде недоволно разбрана и прогласена за некој облик на национализам. Македонија постепено влегува во фаза на договорна демократија и постои реална шанса и проблемите на демографскиот развој да се решаваат на на-

чин по примерот на Охридскиот договор, се разбира сега за проблеми кои ги предизвкува двојниот модел на обнова на населението: на една страна ниска стапка која не само што не може да обезбеди проста репродукција туку и населението се намалува, и на друга страна, етнички групи со висок процент на наталитет, поконкретно станува збор за припадниците на албанската етничка заедница. За жал, освен констатациите и статистичките операции во кои јас не се сомневам, постои и сомнеж во нивната веродостојност, во Македонија не постојат пошироки разгледувања, особено од социолошки и политиколошки аспект, а нема ни анализи кои ја нагласуваат и политичката димензија на феноментот; двоен модел на обнова на населението во Македонија. Етничките Македонци не ја проблематизираа оваа состојба пред меѓународните институции, државата не му посвети внимание на овој единствен феномен во Европа, науката го заобиколи како непостоечки. Не станува збор дека проблемот е сложен, ниту пак науката нема што да каже, едноставно, тој не го доби заслуженото место во политичките договори меѓу политичките партии кои во Македонија, се исклучиво со етнички предзнак, државата не понуди никакви решенија во насока на ублажување на последиците од двојниот модел, институциите останаа неми сведоци на нешто што мораа да го проблематизираат, политичарите не најдоа ништо интересно во фактот дека Македонија сериозно навлегува во фаза во која демографијата станува главна гранка на политиката, а двојниот модел на репродукција почеток на крајот на постоењето на унитарноста на државата.

Сферата на раѓањето е една од најчувствителните подрачја на човековиот живот каде што толеранцијата и свесната популациона политика се неизбежни да се постигне саканата цел, која во овој случај е јасна и недвосмислена: да се промовира модел на популациона политика што ќе овозможи пропорционална застапеност на етничките групи во порастот на населението во зависност од нивното учество во вкупнотот население.

Слобода на раѓање во мултиетничкото општество и држава во која постојат две наталитетни состојби на екстремно низок и екстремно висок наталитет ја проблематизира слободата на раѓање од повеќе

аспекти, меѓу кои во околностите во кои се наоѓа Македонија политичкиот е најзначаен. Политичкото како поле на изразување на демокртаските процеси на поединците и етничките групи и во услови кога сѐуште граѓанското општество се наоѓа во зачеток. Имено, брзата промена на населението на еден простор предизвикана, пред сѐ, од високиот наталитет создава реални претпоставки за нетолерантно однесување, страв, несигурност кај оние кои стануваат малцинство и со тоа ги губаат дел од правата кои им ги гарантира државата.

Во услови на постоење на паралелни демографски процеси, кои за неколку децении ја променија демографската карта на државата Македонија создадоа услови за целосно преиспитување на популационата политика, под претпоставка дека постои во програмите на институциите на државата. Секако дека постои < популациона политика> како неиздеференцирано и хаотично поле, без јасно дефинирани правила на однесување, особено во сферата на социјалната политика. Популационата политика не е дел од социјалната политика, и тука во овој момент, во државата Македонија навистина не може ништо конкретно да се направи ако не се променат работите на тој план од корен, дури би рекол дека популационата политика која денес постои во Македонија нема препознатливи белези дека станува збор за земја која се разликува од соседните земји и пошироко.

Во што треба да биде содржана суштината на новата популациона политика кака дела од социјалната политика, а да биде во функција на урамнотежен демографски развој на населението во поглед на припадност кон оделните етнички заедници .

Прво, треба да се изградат принципи на популациона политика кои ќе бидат во функција на врамнотежен демографски развој на припадниците на разните етнички заедници, главно преку мерките на социјалната политика, вработувањето во државната администрација, користењето на разните бенефиции, во сферата на здравството, образованието, инфраструктурата и слично. Со тоа не би требало да се доведе во прашање правото на слобода на раѓање на жената, за бројот на децата, но да се воспостави лимит, од три деца, тоа да важи за скоја брачна заедница, над кој број семејството да ги изгуби сите

права на користење на фондовите на државата, социјалната заштита, работа во државаната администрација, сè она што се алиментира од буџетот во секоја сфера од општествениот живот. Значи од една страна да се поттикнува раѓањето на трето дете, но да се обесхрабува, се разбира не со средства на некој облик на насилство, туку во рамките на социјалната политика се изработат механизми, кои третото дете ќе го направат пожелно за семејството, а оние брачни парови кои ќе се определи за четири и повеќе деца да го сноси ризикот за нивното одгледување во материјална смисла. Имено, афирмацијата на принципот на слобода на раѓање како можност на личен избор и добивка и како централна животна цел, значи напуштање на хомогени репродуктивни модели. Сите граѓани на државата би биле рамноправни, до оној степен до кој државата им гарантира сигурност и уживање на бенефициите, кога таа состојба ќе биде пореметена од страна на поединците (брачните парови) државата е таа која не го сноси трошоците, во овој случај за одгледувањето на децата, тоа мора да го прави семејството. Семејството (брачниот пар) не е директно санкционирано за постапките, тоа е слободно во изборот на бројот на децата, но и лишено од помошта на државата децата да ги школува, лекува, односно, за тоа мора да плати. Секако дека популационата политика нема инструменти ниту пак можности да убеди некоја жена или брачен пар ако се решиле да имаат четврто дете да не го роди, но тука се механизмите на социјалната политика кои рамноправни ги третираат сите граѓани без разлика на етничката припадност, верската определба и слично. Популационата политика ќе ја насочи општествената акциија кон една состојба на смирување на претераниот наталитет кај некои етнички групи и во исто време ќе го зголеми кај некои кај кои во овој момент е многу низок. Суштината на проблемот е јасна: ќе го смири наталитетот кај Албанците и кај некои помалубројни етнички групи, како што се Ромите и ќе го потикне кај Македонците и кај некои други кои еден подолг временски период имаат низок наталитет. Сигурно дека во овој момент не можеме да ги наведеме постапките на популационата и социјалната политика, но е лесно да се препознаат кога се има јасна и праведна цел: целосна рамноправност

на сите граѓани на Македонија и воспоставување врамнотежен демографски развој кај двете најголеми етнички групи, македонската и албанската пред сѐ. Во овој контекст треба сериозно да се размислува, по примерот на Охридскиот договор, да се потпише, демографски договор, што е неизбежно за Македонија, особено кога се работи за важно стратешко прашање за опстанокот на унитарниот карактер на државата.

Секако дека политичкиот одговор на нискиот наталитет кај Македонсците од една страна и високиот наталитет кај Албанците од друга страна е изразито сложено прашање. но охрабрува фактот дека се можни такви одговори по примерот на Охридскиот договор, се разбира со помош на меѓународната заедница. Секако дека системот на мерки кој треба да го предложи и реализира државата ќе биде во функција на поттикнување од една страна, а од друга на смирување на наталитетот. Формирањето на едно државно тело, во кое ќе влезат претставници од сите етнички заедници, за почеток ќе значи добар знак дека работите тргнале кон посакуваната цел.

## Антисегрегациски договор

Како што може да се констатира од статистичките податоци, Македонија е етнички поделена земја, во смисла на скоро целосна концентрација на албанското население во западниот и северозападниот дел спрема границата со Албанија и Косово со над 80% од албанската популација, односно, скоро, 100% од албанците се сконцентрирани во четири региони: Полошкиот, Скопскиот, Југозападниот и Североисточниот, кои формираат една целина.

Овој статистички податок е многу значаен за да согледа состојбата на распределеноста на населението во однос на етничката припадност и упатува на заклучокот дека просторот на Република Македонија, последните неколку децении, бил претежно населуван, од припадниците на албанската етничка заедница, на начин кој создал етнички чисти простори. Нама да речам ништо непознато, ако кажам дека секое понатамошно концентрирање на население во делови од

Западна Македонија само на припадници на албанската етничка заедница може негативно да се одрази на функционирањето на државата во целина. Претераната концентрација на припадници на само една етничка популација води во сепаратизам кој добива на значење ако граничи со матичната држава. За жал, сѐуште не сме ги согледале сите последици од преголемата концентрација на една етничка група на еден дел од државата. Без да навлегуваме подлабоко во некои математички операции, под претпоставка дека ако продолжи иселувањето на Македонците од Западна Македонија и од оние делови каде Албанците се мнозинство, нема да погрешиме ако констатираме дека бројот Македонците и другите од овој дел ќе изчезнат за кратко време. Се случува процес на регионалазација и децентрализација, а сѐуште немаме механизми како во регионите каде припадниците на едни групи за многу краток период ги напуштаат некои делови од државата, а причините не се секогаш од економска, или од објективна природа.

*Секако дека на секој човек треба да му биде загарантирано правото да се населува и да живее каде што ќе процени дека токму тука ќе може да ги реализира своите права и потреби*

Но, кога постои висок степен на етничка сегрегација, каде не владеат економски законитости, и што било друго освен етничката припадност, а тоа се прави на штета на некои припадници кои остануваат малцинство, државата е таа која треба да преземе дел од одговорноста за таа состојба , на еден цивилизаран и без насилство начин да се обиде да воспостави рамноправност и објективна можност сите луѓе на еден простор подеднакво да ги остваруваат своите права. Се разбира дека тука нема избор на многу механизми да го спречи процесот на концентрација на население од една етничка група на еден дел од нејзината територија, но може да ги ублажува тие процеси и да упатува јасни пораки дека остварување добивка или претрпување штета само поради тоа што на еден простор човекот е во малцинската или мнозинската групи не би било во духот на рамноправноста и остварувањето на правата воопшто. Механизмите кои ги обесхрабува-

ат сегрегационистичките процеси се главно содржани во даночната и финансиската политика, во смисла на поттикнување на луѓето да не ги напуштаат оние делови каде што се малцинство, без разлика на нивната етничка припадност. Тоа е можно да се реализира при воведување на различни стапки на даноци на промет на недвижнини, користење на поволни кредити со пониски камати и други активности кои ќе бидат во функција на задржување на малцинството на еден простор кој има реални шанси да се претвоти во етнички чист. Логиката е многу едноставна: секое иселување без причини, од места кои се претпоставува дека се претвораат во етнички чисти територии, да не може да биде реализирано без соодветна санкција од даночната политика и обратно, сите оние кои остануваат да им се даде поддршка во нивните настојување да развиваат бизнис. Слични активности треба да се предвидат во стапката на висината на данокот на промет на недвижнина кој треба да биде повеќепати повисок во оние случаи каде што припадник на малцинска група се јавува како продавач. Нека го прават тоа луѓето во меѓусебен договор, нека го носат ризикот државата да интервенира кога тоа најмалку им одговара. Или во случаи на кредитирање на мали, семејни бизниси предност да имаат оние припадници на малцинските групи (малцински во рамките на општината или населбата) кои имаат намера да останат на сопстеното огниште. Станува збор за механизми кои се лишени од насилство, механизми на државата која се обидува да не дозволи понатамошна концентрација на само една етничка група на еден нејзин дела, со една забелешка дека секој има право да живее каде што сака, но притоа да биде свесен дека може да добие или изгуби дел од бенефициите кои му ги пружа државата. Во Македонија е можна финасиско-демографска политика која би требало да биде поддржана од сите припадници и реализирана на целата територија. Тоа е особено се забележува во оние делови кои интензивно се празнат, делови кои интензивно се згуснуваат, делови кои навлегле во стадиум на стареење.

## Политичка демографија

Дали демографскиот дисбаланс во однос на етничката припадност може да доведе поделба, федерализација и на крај распаѓање на државата Македонија. Поделеноста е при крај, тоа е процес што се случува низ спонтаните игри на концентрација и сегрегација на население од една етничка група, на демографскиот дисбаланс кој се случува за многу краток временски период, продолжува како процес на децентрализација и јакнење на локалната, сега веќе во етнички чисти населби–општини и процес на регионализација, што е нормално и во духот на Европа, но може да продолжи, што е сигурно, на почетокот молчеливо, подоцна отворено и преку промена на уставните начела и закони, и да заврши со поделба, ако сме убедеме дека не можеме да живееме заедно, и тоа се по мирен пат, ако така им одговара на меѓународните фактори и на поголем дел од населението, од причини што хомогенизацијата на етничките групи во просторот, етничкиот демографски дисбаланс го забрзуваат и го прават реалност. Мерките на социјалната, финансиската и популационата политика можат да ги успорат тие процеси, да ги канализираат и да го спречат со мирни средсва.

Одговорот на прашањето се чини дека е многу сложен, ако се обидеме да го бараме во сложените игри на меѓународниот фактори, Европската Унија, каде што се гледа Македонија во блиска иднина, но е многу едноставен ако го бараме во факторите кои делуваат внатре во државата, во сферата на деграфскиот развој проследен со силни процеси на етничка сегрегација, поконкретно концентрација на припадниците на албанската етничка заедница на еден дел од државата кој граничи со Косово и Албанија. Не постојат механизми ако една етничка група во блиска иднина се движи кон реалните 30% и можните 40% за краток период да ја принудите да остане во рамките на постојната држава, особено ако таа територија се граничи сега со една, а во блиска иднина уште со една (или само една) држава со скоро 100% албанско население! Приказните за Европа ќе завршат оној момент кога и понатаму ќе продолжи иселувањето на Македонците од запад–

ните делови од државата, тогаш сигуно е дека влезот во Европа е илузија, тоа ќе стане стварност кога Македонците од источниот дел ќе почнат да се населуваат во Западна Македонија, но и Албанци тоа ќе го прават во Источна Македонија, што значи ќе се надминат сите бариери на етничкиот соживот. При тоа не мислам на некакви масовни преселнички движења туку од интерес, од економски интерес, тоа што некој ќе најде вработување или нешто друго, а нема да биде обесхрабрен дека во негова близина ќе живеат Македонци или Албанци.

## Политика на иселување и доселување

Македонија нема миграциона политика, на миграција на Македонците во странство и на имиграција на Албанците од Косово и Јужна Србија, што придонесува за продлабочување на етничкиот демографски дисбаланс. И во таа сфера се потребни неизбежни мерки кои колку – толку ќе ги смират преселничките движења од Македонија и кон Македонија, кои во овој момент се на штета на Македонците. Голем дел од високообразованата популација млади Македонци се свртени со погледот кон развиените земји и со евентуално либерализирање на визниот режим тоа е сигурно и неминовно ќе тргне кон развиениот свет за подобар живот и иднина. За жал, сѐ уште во Македонија никој не размислувал што може да се случи и што ќе значи тоа за иднината на земјата. Секој има право да живее каде што смета дека ќе најде среќа и подобар живот. Државата треба да биде таа која тоа треба да го направи реалност за секој граѓанин.

Етничкиот дисбаланс предизвикан од разликите од демографскиот пораст во зависност од етничката припадност во македонската стварност создава и во иднина многу повеќе ќе создава нетрпеливост која може да ескалира во политичка нестабилност, која и сега се случува, економски застој и неможност да се изгради мултиетничко општство врз демократски принципи.

Македонија последните неколку години, постепено ја напушта политиката на изградба на граѓанско општество по примерот на развиените земји и влегува во редот на оние кај кои се препознаваат

принципите на една можна консезуална демократија, на биполарна држава и мултикултурно општество каде што во секоја етничка група се организира животот на своите припадници без притоа да се создава, пред сè, чувство за припадност кон заедницата во целина. Македонија со Охридскиот договор и промените на уставот започна еден процес за кој постојат спротивставени гледишта во поглед за иднината на државата и, за оваа прилика, да се приклонам кон оние кои сметаат дека промените се позитивни и во таа насока треба да се продолжи. Јас би рекол да се продолжи и во поглед на популационата политика, во создавање на реални претпоставки за пропорционален пораст на населението во однос на етничкита припадност, и запирање на процесите на напуштање на Западна Македонија од страна на Македонците, со помош на механизмите на социјалната и економската политика. Македонија мора за кратко време да излезе од стапицата на популационата политика која ќе биде еднаква за сите, без разлика дали некои се склони кон висока стапки на раѓање или не, односно да ги изедначи брачните парови во поглед на последиците и добивките во поглед на бројот на децата, стимулирајќи едните да раѓаат, и обратно, охрабрувајќи ги другите да не раѓаат четврто дете.

### Заклучок: демографско - етнички политички договор

Прашањето: дали Македонија е земја во која сè уште традицијата има свое место и во поглед на планирањето на семејството и бројот на децата, треба најпосле да го изгуби своето значење, и некакво <објективно> оправдување за тоа дека некои по силата на некои општествени закони се склони кон повисок наталитет. Тие размислување можеби имаат научна основа, но немаат никаква политичка основа. Некои истражувања покажуват дека сè уште нормите на традиционалното семејство кај некои етнички групи се силни и имаат влјание врз стапката на наталитетот. За принципите на една евентуално идна популациона политика тоа не е повеќе никаков аргумент за почит. Бранот на глобализација и процесите на мултикултурализам

сигурно нема сами по себе да предизвикаат ефекти кои придонесуваат за формирање на еден униформен модел на репродуктивно однесување: сѐ уште ги нема оние полиња на соработка помеѓу припадниците на различните етнички групи, особено помеѓу Македонците и Албанците, во насока на прифаќање на норми на однесување кои се во духот на модерниот свет.

Прашањето: дали во Македонија постои клима за диференциран модел на репродуктивно однесување, или едноставно некои да раѓаат помалку, а некои повеќе, нема сериозни истражувања, како што се прави тоа, на пример, во некои европски земји. Во Македонија јавното мислење, кај македонската популација, треба да се формира во врска со иднината на државата поврзано со наталитеттот и проблемите со кои сигурно е дека ќе се соочи земјата за краток временски период, не подолг од педесетина години, ако веднаш не се пристапи во изнаоѓање на начини како да се реализира еден репродуктивен модел на наталитет кој ќе соодветствува на пропорционалната застапеност на етничките заеници во вкупниот број на населението. Односно, раѓањето треба да биде < приватна работа на семејствата и поединците, кои треба да ги трпат и последиците од преголемиот или премалиот број на деца >, а државата треба да биде таа која ќе го помага и креира. Популационата политика треба да го добие соето место во тој контекст. Секако дека споредбата на Македонија со една Холандија, на пример, е несоодветна, како што е несодветна со било која друга држава, кај која постои двоен репродуктивен модел предизвикан од етничкиот состав, се разбира по обем и последици какви што се исполнуваат и очекуваат во иднина во Македонија.

*(2006)*

## Користена литература:


1. Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, Државен завод за статистика, 2002, Книга 12;
2. Попис на населението домаќинствата и становите во Република Македонија, дефинитивни податоци, Државен завод за статистика, 2002, Книга 2;
3. Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија, МАНУ, Скопје, 1985;
4. Петроска, Блага, Нискиот и високиот наталитет кај македонското население во СР Македонија, Мисла, Скопје, 1989;
5. Јовановиќ, Амалија, Родноста и планирањето на семејството во Република Македонија, Метаморфоза, Скопје 1998;
6. Драговиќ, Аница, Социјалната средина и родноста, докторска дисертација, необјавена, Филозофски факултет, Скоппје, 2004;
7. Бубески, Душко, За комплексна и активна популациона политика на Република Македонија, Годишник на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања , број 1, 1997, Скопје;
8. Социо – економски диспаритети меѓу општините во Македонија, УНДП, публикација, 2004 Скопје;

# БАЛКАНОТ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ТРАНЗИЦИЈАТА

## Вовед

Секоја помисла за Балканот и за homo balkanikus да се говори како за нешто специфично различно од Европа, веднаш како лавина, не затрупуваат сите оние патеписни, литературни, па дури и научни согледувања, анализи, кои повеќе од век и половина, по различни поводи ги искажувале дипломати, патеписци, писатели, научници од секаков вид, политичари, со еден збор сите оние кои доаѓале на Балканот и не останале рамнодушни од она што го виделе и доживеале (Тодорова, 2001; Голдсфорти, 2005).

Секоја помисла да се говори за homo balkanikus како за нешто што во себе крие некоја специфичност за луѓето од овие простори веднаш не враќа длабоко во историјата, но во исто време пред нас ја истура сегашноста но и иднината како неизбежна судбина, од која лесно не можеме да се ослободиме, која не притиска и која е длабоко вткаена во духот на народите кои живеат на Балканот. Дали како што вели Тодорова, зборот „балкански“ станал до тој степен пејоративен што се очекува дека оние на коишто тој збор ќе се примени веднаш ќе бидат престрашени? (Тодорова, 2001: 274) Во Оксфордскиот речник за англиски јазик (1989) дадена е една фигуративна примена на придавката балкански со „алузија на однос (кој често го одликува закана со непријателства) на балканските држави едни према други или према останатиот дел од Европа; исто така и во изведениците балкански, балканоиден, балканизам. Во англискиот јазик балканисе значи да се подели на помали и често непријателски единици како што е направено на Балканот крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век“ (The Oxford English Dictionary, 1989, во Голдсфорти, 2005:5).

Првото прашање кое се наметнува на почетокот на вака поставената тема, Балканот во ерата на глобализацијата не става пред дилемата дали можеме денес како на пример пред почетокот на Балканските војни (1912) или порано, или по Втората светска војна да го-

вориме за нешто кое би било заедничко за балканските земји, или уште поконкретно, дали Македонија се издвојува по некои свои само за неа суштински карактеристики, кои не се својствени за другите балкански замји од најблиското соседство. Што на пример, има заедничко Македонија со останатите соседни земји по Балканските војни и Првата светска војна, освен што беше поделена на три дела, се чини засекогаш. Не е умесно да се прераскажуваат познати работи, но денес расправата за Балканот и Македонија, кога Македонија е суверена и рамноправна држава, има сосема различно значење од расправата пред деведесеттите години или пред Втората светска војна, иако се чини дека некои од соседите и понатаму упорно не сакаат да го променат односот кон Македонија карактеристичен за минатото. Се јавува чувство на непријатност кога ќе се спомне случајот со Македонците од Пиринска Македонија или со Македонците од Егејска Македонија, кога едните промовираат политичка партија, а другите буквар на почетокот на 21 – от век, поконкретно се борат за остварување на основните човекови права, за културно изразување и остварување на елементарни политички и човечки права својствени за секоја демократска земја, без разлика дали е членка на Европската Унија или не.

Јас се обидувам Република Македонија да ја посматрам во контекст на настаните и состојбите по деведесетите години на минатиот век низ процесите на глобализацијата и европската интеграција, низ процесите на транзицијата и промените кои се случија по падот на комунизмот деведесетите години на минатиот век. Колку историјата е значајна и колку минатото има влијание врз настаните денес секако дека е важно прашање, но можеби е уште поважно прашањето колку Македонија денес е во состојба да се приклучи кон развиениот свет, да се модернизира и ги надмине историските неправди на начин кој би бил во духот на обединета Европа. Во таа насока секако дека е потребно преиспитување на историјата не само од нужноста од приклучување на Македонија кон Европската Унија, туку и од случувањата од 2001, за кои сѐуште не знаеме како да ги наречеме и разбереме и за кои е потребно храбро соочување со реалноста дека Македонија по 2001 година добива нетипична конфигурација на суверенитетот

посматран и одвнатре и однадвор, не само како резултат на глобалните процеси. Колку побргу тоа ќе го разбереме толку побргу ќе фатиме приклучок кон развиениот свет. Затоа е потребно преиспитување на историјата: едноставно оние кои се на власт се длабоко заинтересирани како се толкуваат настаните од блиското минато, да не говорам за оние од пред стотина години. Настаните ќе се случуваат и без да бидат рационално разбрани и интерпретирани, но барем грешките нема да се повторуваат повеќепати: оној кој не ги знае грешките од минатото осуден е да ги повторува во иднина. Присутен е впечатокот дека Македонија продолжува да ги прави грешките од минатото и денес во процесите на глобализација и регионализација на Балканот и Европа (Арсовски, Кузев, Дамјановски, 2006: 397–398).

### Македонија во транзиција и глобализација

Што се случува и што се случуваше последните петнаесетина години по распадот на социјализмот на почетокот на деведесетите на минатиот век, распадот на југословенската федерација чиј дел беше и Македонија и падот на берлинскиот зид, за нашата тема е интересно прашање од неколу аспекти.

Прво, Балканот во ерата на постсоцијалистичка трансформација се најде растргат меѓу минатото и сегашноста, односно иднината, меѓу модернизацијата и повторното оживување на традицијата. Меѓу Балканските држави и Македонија се избори за своја суверена држава, но која уште на почетокот од сопствената егзистенција со соседите се соочи со сите недоразбирања од минатото. Голем дел од нив и денес останаа, а тие се суштински: непризнавање на нацијата, оспорување на името, проблеми со црквата, недефинирана граница према делот со Косово.

На едно место, за кратко време на историската сцена се вкрстија желбите за приклучок кон развиениот свет, суровата реалност за преживување, шокираноста од минатото, нужноста од демократизација и почитување на човековите права, состојба на првобитна акумулација на капиталот, учење на основните лекции за демократијата, толеранцијата и мултикултурата. Македонецот згора на сè мораше да учи и како се прави држава и веднаш да размислува како да го

подели суверенитетот во некоја идна интеграција во Европската Унија, но и внатре да изгради мултиетничко општество и држава, како еден од ретките експерименти во Европа и светот (Ацески, 2006: 225–235).

Второ, за изминатите петнаесетина години, човекот од овие простори ја преживеа сопствената историја во една кондензирана форма, географијата како поле за големи идеи (држави), слободата како остварлив сон, а демокртијата како состојба во која е дозволено сѐ, и сѐ заедно во „балканскиот етнички котел“ во состојба на транзициски шок на на/враќање на демократијата и капитализмот или претприемништвото, каде за миг проработи балканската историска работилници за социјални, етнички и културни креации од најразличен вид (Митровиќ, 2003; Малески, 2001/2002).

Балканските општества, се мисли на општествата кои влегоа во процес на постсоцијалистичка транзиција, се најдоа во длабока криза, која се граничи со аномичност и бесперспективност, длабоки поделби меѓу народите, а во некои од нив, меѓу кои се вбројува и поранешната југословенска федерација, завршија со етнички крвави војни, отворени судири, затвореност во себе, културна и економска изолација, религиска нетолеранција, со еден збор егзизстираа како поделени општества.

Ако тргнеме од сфаќањето за општеството како производ на колективната акција на општествените движења, разбрани како социјални актери, тогаш несомнен е фактот дека денешниот Балкан не можеме да го разбереме само како резултат на геоисториските и геополитичките фактори и сили, како парадигма на големите сили и меѓународните фактори и интереси, без да се запрашаме за улогата на оние кои петнаесетина години го редизајнираат социјалниот, економскиот, политичкиот и културниот живот во рамките на сопствените држави.

Балканот денес се наоѓа како никогаш досега во историјата, во состојба на комплексност и противречност, кои бараат далеку посложени пристапи во неговото проучување. Тоа многу повеќе го прават соседите, Македонија далеку заостанува во тој поглед.

Ако се сложиме со сознанито дека судбината на Балканот била резултат на игрите на големите сили, во кои некои добивале многу повеќе од Македонија и на сметка на Македонија, денес во ерата на гло-

бализација и транзиција, како на/враќање на демократијата и пазарната економија, развојот на економијата, културната соработка, изградбата на демократско општество, спаѓаат меѓу најважните фактори и услов за приклучување кон Европската Унија и развиениот свет, а со тоа и во надминувањето на заостанатоста и проблемите од минатото.

Краток е периодот од петнаесетина години на развој на една мала држава по број на население и територија, каква што е Македонија, категорички да констатираме дека е „разорено општество" етнички поделена заедница, мултикултурна држава во фаза на експеримент без шанса да профункционира во иднина, но има доволно индиции за загриженост за нејзината иднината не можеби за тоа дали економски ќе преживее, туку дали ќе го зачува суверенитетот и интегритетот низ процесите на глобализацијата и интеграцијата во Европската Унија по примерот на другите земји. Нациите денес многу повеќе се соочуваат со ризици и опасности отколку со отворени непријатели на нивните граници, тие мора одново да ги осмислат нивните идентитети во моментот кога старите форми на геополитика стануваат застарени, со право смета Ентони Гиденс (Гиденс, 2003: 17). Глобализацијата наметнува сурова борба за зачувување на суверенитетот особено кога станува збор за мала држава каква што претставува Македонија, држава која и по петнаесет години од прогласувањето на независноста се соочува со суштинско непризнавање на нејзиниот идентитет, со оспорување на името, нацијата и црквата од страна на нејзините соседи.

Суштинското прашање за Македонија произлегува од неможноста да се шири и да се негува свест за заедништво и формирање на регионален Балкански идентитет кога сѐуште кај соседите нема доволно разбирање за создавање на клима за негување на плурален културен па и национален идентитет. Затоа е важно прашањето за една долгорочна консолидација на односите на Балканските држави низ развојот на демократијата, почитување на човековите права и слободи, без кои нема искрена соработка, заемно почитување и толеранција за различноста во секој поглед.

Факт е дека во Македонија петнаесетина години го нема комунизмот и тоа дека државата тргна по патот на изградба на модерна де-

мократија по промерот на западните општества: но со препознатливи знаци на олигархиско владеење, пазарна економија но со препознатливи методи на мафијашко однесување, повеќепартиски ситем, но со изразита партизација на владеење и слично. Во Македонија „шок–терапијата" во економијата премина во перманентна шокираност, долготрајна економска криза, масовна невработеност, сиромаштија, бесперспективност за младите и многу нешта во таа насока. Во државата е присутен висок степен на корумпираност, постои низок степен на економска слобода, скоро и да нема странски инвестиции, а на прво место е по бројот на невработените во Европа и број на сиромашно население (Ацески, 2002).

Секако дека оваа состојба не ни дава за право да веруваме дека за кратко време Македонија може да фати приклучок кон Европската Унија и развиениот свет, и сè повеќе се помируваме со ставот дека ќе останеме уште долго време периферија, слепа улица, место кое ќе биде заобиколено од главните случувања во Европа и пошироко.

Главните причини за таа состојба не се повеќе (или главно) во меѓународните фактори и во нивните интереси кои не се согласуваат или се во спротивност со интересите на Македонија, дури е создадена претстава дека меѓународните фактори се многу повеќе загрижени за демократијата во Македонија и состојбите во економијата од политичките субјекти во државата. Причините за неповолните состојби во Македонија би требало да ги бараме во социјалните и политичките фактори внатре во државата кои генерираат нестабилност, етнички судири, економска зависност, кои Македонија од периферија ја прават уште поголема периферија на Европа.

Македонија во процесите на евроинтеграција и глобализација–што понатаму?

По Втората светска војна (1945), балканските држави се најдоа во знакот на т.н. социјалистичка модернизација која заврши кон крајот на осумдесетите години, кога и започна еден нов стадиум во кој радикално се променија насоките на развојот во економски, политички и геостратешки поглед: пред балканските земји се отвори нова страница во историјата кога социјалистичката перспектива и комунистичката идеологија за краток период се заменија со националистичка и неолибе-

рална идеологија и настапи процес на брзо навраќање на корените на традицијата, религијата и потиснатите вредности од минатото , процеси на ретрибализација, етнизација и остри поделби по сите линии во социјална, етничка и религиска смисла. За разлика од европските тенденции на интеграција и создавање на граѓанско општетсво, почитување на човековите права и детериторијализација на суверенитетот, на Балканот се одвиваат обратни процеси, процеси на етнизација, нагласување на националноста на државата, процеси на фрагментација.

Во ерата на глобализација државниот суверенитет е нападнат и однадвор и одвнатре: однадвор кога фактички се ограничува суверенитетот, а одвнатре како резултат на фрагментација и етнизација кои директно водат во суштински поделби што од своја страна е причина за централизација и бирократизација, кои се директна закана за интегритетот и го попречуваат нормалното функционирање на демократијата. Македонија е типичен пример за овие процеси, а доволен доказ за тоа се: неспроведувањето на неопходните реформи, децентрализација која сѐуште не започнала, бавни реформи на државната администрација, образованието и судството, нереформирано и очајно здравство и многу друго во таа смисла.

Единствениот начин кој води во трансформација на посткомунистичка Македонија и другите држави на Балканот кои претставуваат периферија на Европа се состои во формирање на демокртаски, модерен концепт на држава и општество по примерот на развиените демократии. Балканот може да се консолидира само ако се создадат услови за демократки развој и се почитуваат доследно човековите права. А тоа може да се оствари ако се воспостави интербалканска соработка во сите области од животот на луѓето, покрај економската, која е неопходен услов за соработка на културен план, соработка во сферата на образованието и се изгради една реално орржлива и остварлива стратегија на регионален развој која на Балканот ќе му даде препознатлив идентитет и сигурен влез во кругот на развиените региони.

*(2007)*

## Користена литература:


1. Ацески, И. 2002: *Општеството и човекот во транзиција*, трет дел, Филозофски факултет, Скопје
2. Ацески, И., 2006, Страв од глобализација и мултикултура. Зборник. 30 години психологија, Симпозиум, *Психологијата и другите науки.* Филозофски факултет. Скопје
3. Арсовски, М., Кузев, К., Дамјановски, Р., 2006, *Војната во Македонија* 2001 година, Матица, Скопје
4. Гиденс, Е. 2003, *Забеган свет,* Филозофски факултет, Скопје
5. Голдсворти, В. 2005, *Измишљање Руританије.* Геополитика, Београд
6. Малески, Д., 2001/2002, Лекции научени: Балканот и Македонија – дест години потоа. New Balkan politics, Vol.1
7. Митровиќ, Љ. 2003. *Изазови и алтернативе у савременим процесима развоја, регионализације и европеизације Балкана*, Свен, Нис.
8. Тодорова, М. 2001. *Замислувајќи го Балканот*, Скопје, Магор

## СТРАВ ОД ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И МУЛТИКУЛТУРА

Основната цел на овој труд е да укаже на некои аспекти на односот на мултикултурализмот и глобализацијата во мултиетничките општества, односно да одговори на прашањето: дали има основа стравот од мултукултура за опстанокот на едно мултиетничко општество и држава, какво што е на пример македонското општество на почетокот на третиот милениум. Стравот е категорија која доаѓа од доменот на психологијата, и пред сѐ, е одговор (сигнал) на загрозеноста на личноста (групата) однадвор. Тој може да биде оправдан и неоправдан, може да има реална основа или не, може да ја парализира личноста, но и групата да преземе било какви конкретни дејствија во одбрана на сопствениот идентитет, може да предизвика недефинирана реакција и како таков најчесто е погоден за манипулација од страна на власта или на моќните групи во општеството. Во контекст на ова, некои говорат за <ирационални > мотиви, кои го спречуваат човекот да преземе радикални чекори кон промена на позицијата, односно да се соочи со непознатото, во нашиот случај да се соочи со промените кои со себе ги носи транзицијата, глобализацијата и мултикултурата. Тоа е доволен аргумент во прилог на ставот дека постоењето на стравот може да биде реална основа за воспоставување и функционирање на антидемократска власт.

Но пред да одговориме на прашањето за тоа дали има или нема страв од глобализација и мултикултура, односно дали е тој оправдан или не, накратко што се подразбира под овие поими и во тој контекст поконкретно каде се наоѓа Македонија.

За концептот на глобализацијата постојат повеќе дефиниции, станува збор за комплексна појава – процес, која означува сѐ поголема поврзаност и меѓузависност на светското општество, или како што ќе напише Гиденс во неговата книга *Последици од модернизацијата*, „интензификација на општествените односи на светски план, која ги поврзува одалечените места на таков начин што случувањата на локално ниво ги обликуваат случувањата кои се одиграле многу далеку и обратно". Глобализацијата може да се разбере како „дејствување од

дистанца". Тоа делување ги трансформира сите подрачја на општественото искуство на, национално, регионално, локално и најпосле на ниво на секојднесвниот живот. „Таа го менува секојдневниот живот, особено во развиените земји, истовремено создавајќи нови транснационални системи и сили. Таа е нешто повеќе од само заднина на современите настани; земена во целост глобализацијата ги трансформира институциите на општествата во кои живееме" (Гиденс, А. 2002, 38). За Дејвид Хелд проширувањето на општествените односи се врши со помош на новите димензии на технолошките, организационите, административните и правнните активности и преку перманентното јакнење на модерните комуникациски мрежи и новите информациони технлогии (Хелд, Д. 1997).

За тоа што претставува глобализцијата, како што реков има повеќе сфаќања, во оваа прилика барем три од нив заслужуваат да бидат споменати: гледиштето за глобализацијата како мит; таа е идеолошка маска под која се затскриваат вистинските процеси на трансформација на светскиот капиталистички систем, кој главно го застапува познатиот Волерштајн, односно таа е измама која е наметната од страна на моќните сили (Волерстин, И., 2003). Интересно е гледиштето на Пјер Бурдије, за глобализацијата како еден, како што вели, силен мит во целосно значење на зборот, еден силен дискурс, една силна идеја, една идеја која има општествена сила која остварува верување. За споменатиот Волерштајн, таа е „измама која нам ни е наметната".

За Дејвид Хелд под глобализација се подразбираат два различни феномени и тоа синџир на политички, економски, и општествени активности и интензификација на нивоата на интеракција и меѓусебна поврзаност внатре во општеството и меѓу општетсвата и државите.

Второто гледиште го застапуваат автори, како што е Мануел Кастелс, на пример, кои ја нагласуваат широчината и длабочината на промените во сите области од општествениот живот. Глобалноста го менува нашето мислење. Глобализацијата е процес на перманентен технолошки развој, вестернизација, или американизација, но и продолжување на империјализмот односно колонијализмот.

Третиот концепт глобализацијата ја посматра како изразито противречен процес (Castells, M., 2002, 2003).

За нашата тема интересни се гледиштата за глобализацијата кои се однесуваат на сферата на културата. Она што е важно да се потенцира е следното: дека делата на глобализацијата водат кон зголемување на заемната зависност надвор од националните граници; моделот на одвоени светови е заменет со транснационална меѓузависност, и како вели Роналд Робертсон, свесноста за светот како единсвено место стана дел од секојдневната реалност. Културната глобалиација го спречува изедначувањето на националната држава со националното општество, таа не може да се разбере статички, туку како неизвесен дијалектички процес, или како што вели Робертсон како „глокализација" комбинација на локалното и глобалното. Во таа смисла разбрана глобализацијата во културната сфера се појавува во форма на два алтернативни модели: како наметната моноцентричност и како координирана полицентричност. Првиот модел води во културен монизам кој ги поништува националните идентитети и секоја посебност, а вториот овозможува културен плурализам како облик на слободна комуникација. Глобализацијата го „растресе" воспоставениот и со децении формиран начин на живот, особено во оние општества, тука спаѓа и македонското, чии институции не се прилагодени, или тешко се прилагодуваат на потребите на рационализацијата и модернизацијата, што предизвикува страв дека нешто страшно се случува или ќе се случи, а се случува нешто за што најголем дел од луѓето во државата не се во состојба да го разберат или можеби не сакаат да го разберат и за кое сѐуште не постои доволно рационален одговор на предизвиците со кои со себе ги носат овие феномени, од кои, се разбира, не може да се избега. Стравот доаѓа не само од сомневањето дека можеме најпосле да се приклучиме на современиот свет, туку многу повеќе како ќе го направиме тоа, глобализацијата само го зајакнува стравот, а со тоа и недоразбирањата за нејзиното значење и улога. Глобализацијата е процес кој ги збогатува културите, но и го разбудува чувството на страв за сопствениот идентитет. „Со глобализацијата секој идентитет е доведен во опасност, се плаши дека ќе биде разводнет и дека ќе се изгуби, и така претерува со сопствената специфичност, ја прави апсолутна и нескротлива, идол – кој како и сите друг идоли лесно доведува до насилсто и жртви во крв" (Магрис, К., 2003: 77).

Влијанието на глобализацијата повикува на радикално преиспитување на основните категории во социологијата и политологијата пред сè, на поимите заедница, нација, општесво, човекови права.

Она што ја разликува глобализацијата од нејзините поранешни мамифестации според Ролан Робертсон е нејзината рефлексивност; светот се поместил од чисто „во себе" кон проблемите или можноста за бидување „за себе". Луѓето светот го концептуализираат како целина, така што тие него го репродуцираат како единствена единица и ја зголемуваат можноста тоа да е патот по кој тој ќе биде сфатен (Вотерс, М. 2003, 80).

## Мултикултурализам, идентитет, глобализација

Вториот аспект на мојата тема се однесува на односот на мултикултурализмот и националниот идентитет, поконкретно, стравот од губење на националниот идентитет во услови на глобализација, нешто за кое сèуште барем во Македонија не го знаеме кое е неговото вистинско значење, а политички го промовираме како модел за развојот на граѓанското општество, што може да се интепретира и како вовед во анархија со непредвидливи последици за опстанокот на државата, но за некои и како единствен модел за спас на државата од распаѓање.

За мултикултурализмот постојат повеќе гледишта, во трудот ќе бидат наведени неколку , за кои сметаме дека се значајни. Во оваа прилика да ги истакнам гледиштето на класичниот политички либерален модел, потоа мултикултурниот либерален модел и максималистичкиот мултикултурен модел. Накратко за секој од овие три модели.

Основата на класичниот либерален модел е острото раздвојување на приватното и јавното кај човекот. Ако поединецот ги прифати граѓанските права тој постанува полноправен граѓанин на државата, се разбира ако неговата приватна сфера не е во колизија со јавната сфера. Човекот е полноправен член на општеството во кое живее. Формално владее рамноправност меѓу луѓето без разлика на нивната етничка припадност, религија, пол, но со тоа не е надмината реалната нееднаквост.

Вториот модел, т.н модел на *мултикултурно граѓанство* го разработил познатиот теоретичар од канадско потекло Вил Кимлика. Според мислењето на Кимлика либералниот модел никогаш не го достигнал иде-

алот на еднаквост. Тој предлага да се „омекне" границата меѓу приватното и јавното, таа не се брише туку се „дијалектизира". Општествениот простор во кој секој човек партиципира се дели на два дела: еден заедноички за сите, тоа е таа „монокултурна зона" во која учествуваат сите и мноштво други простори, периферни во кои секој си го прави своето на свој начин. Во овој модел коегзистираат и кохезијата и фрагментацијата. Кимлика е убеден дека овој модел може и практично да заживее.

Тој го поставува прашањето за условите кои помагаат за стабилизирањето на мултинационалните држави? Што покажуваат искуствата од функционирањето на некои мултиетничкидржави во светот,како што се Швајцарија, Канада и Белгија.Кои се условите кои помагаат за стабилизирањето на мултиетничките држави? Авторот го анализира ставот дека општественото единство се темели на „заедничките вредности". „Очигледно е дека граѓаните на секоја модерна демократрја не споделуваат исти концепти на добриот живот, но, тие, и покрај тоа, можат да споделуваат одредени политички вредности" (Кимлика, В., 2004: 302)> Тој ја наведува листата од такви вредности направена од една владина комисија на Канада во која се дадени следните седум: верување во еднаквост и праведност, верување во консултации и дијалог, важноста на прифаќање на толеранцијата, поддржување на разновидности, сочувствување и дарежливост, приврзаност кон природната средина и заложување за слобода, мир и ненасилни промени. Кимлика не е убеден дека заедничките вредности, сами по себе, нудат доволна причина за две или повеќе национални групи да останат заедно во една земја" (Кимлика, 2004: 303). Можеби заедничкиот идентитет потекнува од заедничката историја, јазик или можеби религија? Но тоа се нешта кои не се заеднички во една мултинационална држава. Историјата кај некои мултиетнички држави претставува поле на раздор и нетрпеливост. „Градењето на едно чувство на заеднички идентитет во една мултинацинална држава веројатно наложува дури и едно поселективно памтење". За Кимлика се наметнува само еден одговор на прашањето за заедничкиот живот во една држава. Тој е содржан во следното: доколку постои некаков остварлив начин на унапредување на чувството на солидарност и на заедничкта цел во една мултинационална држава, тој начин ќе треба

во себе да вклучува прифаќање, а не подредување на националните идентитети. Луѓето од различни национални групи ќе споделуваат заедничка припадност кон поширокота држава, само доколку тие на неа гледаат како на контекст во рамките на кој нивниот национален идентитет се негува, а нема да се подредува (стр. 306). На граѓанинот не му останува ништо, доколку сака да ја сочува една мултинационална држава, освен да цени „големата разновидност" и да ги почитува конкретните етнички групи и национални култури, со кои ја споделува земјата.

Во третиот модел, кој е познат како максималистички мултикултурен модел, во кој не постои заедничка сфера, без разлика како таа евентуално би била уредена, секој си останува на своето, секој си ги следи вредностите на својата етничка група, си има свои партии, училишта, празници, нешто слично како во Македонија. Овој модел го застапуваат оние групи кои пред себе си поствуваат за цел да се отцепат или да добијат целосна политчка автономија. Граѓанскиот концепт во уредувањето на државата и општеството за овие групи нема скоро никакво значење. Државата, ако е можно да биде уредена и да функционира би била составена од мноштво монокултурни етнички идентитети.

Поимот мултикултурализам најчесто се поврзува со онаа состојба во општеството во која се обезбедени и осигурени еднакви права за сите припадници кои живеат во рамките на една држава. Тоа значи дека нема подредени или надредени во секој поглед.

Идејата за мултикултурализам доведува до радикално продлабочување на поделеноста на групите во однос на етничката припадност и културните разлики одвнатре, што претставува вовед во политичко и територијално рекомпонирање и создавање на нови држави.

Во литературата кај еден поголем број на теоретичари во исто време ги сретнуваме и мислењето за еден максималистички мултикултурализам и за една радикална граѓанска опција во која на прво место се ставаат индивидуалните права на човекот како граѓанин, а не како припадник на некоја етничка или културна група. Кога тежиштето се става на индивидуалните, а не на групните права, значи дека поединецот е носител на правата, а не групата на која и припаѓа. Максималистичката варијанта на мултикултурализам во краен случај, го рехабилитира културно-

етничкиот модел на нацијата: ако културите меѓу себе апсолутно се разликуваат, тоа значи дека тие се целосно хомогени ентитети, што претпоставува униформност на нивните членови. Во една умерена варијанта, културата треба да се разбере како нешто што е подложно на влијание, врз кое се препознатливи надворешните влијанија, а тоа значи дека се случува накаков тип на интеракција, меѓу етничките или културнитре групи.

На што не предупредува македонското искуство на однсот на културите во мултиетничката држава.

Прво, односите на културите се во конфликтна состојба, постои страв од губење на националниот идентитет, прашање е колку е тој реален или фиктивен. Тој страв може да биде поттикнат и однадвор и однатре, однадвор низ процесите на глобализација кога се доведува во прашање егзистенцијата на малите култури, и однатре од опасноста кога е доведено во прашање граѓанското на сметка на етничкото, во доменот на групните, а не на индивидуалните права. Надминувањето на стравот кој доаѓа од глобализацијата е можен само кога таа се заснова на почитување на основните вредности и на различноста како специфика на регионалното и локалното, мултикултура и слободна асоцијација на луѓето во изградабата на едно демократско, граѓанско општество.

Второ, социјалните проблеми во една мултинационална заедница лесно се пренесуваат во сферата на меѓуетничките односи. Македонија е добар пример за тоа. Сѐуште нема одговор на основни прашања кои се од судбинско значење за државата какво што е прашањето за функционирањето на институциите особено во сферата на културата, За разлика од една умерена варијанта на мултикултурализам, кој може да соодвествувата на една граѓанска варијанта на држава, максималистичкиот модел на мултикултурализам тоа во овој момент од развојот на општеството не може да биде, Тој поаѓа од тезата дека културите се хомогени идентитети кои претпоставуваат партикуларни политички и правни аранжмани: имено станува збор за групни права, а не права на поедининец. Умерениот мултикултурализам ги разбира разликите меѓу посебните култури како разлики кои вклучуваат односи и интеракција.

Имено, во услови кога политичките конфликти и демократските процеси се сведат само на барањата на етничките групи за задоволу-

вање на некои од групните права, моќта се структурира на таков начин што нужно го кочи демократскиот развој, го стеснува политичкото поле на дејствување, ги блокира решенијата. По оваа логика на размислување која има реална основа во Македонија, државата никогаш не ќе може да излезе од економска криза, често решенијата ќе бидат неадекватни и погрешни. Имено, државата се претвора во „клуб" на етнички групи: националните идентитети не можат лесно да се доведат во врска со демократските процеси и по таа основа, и по таа логика на размислување, Македонија никогаш не може или во догледно време, да биде демократска земја. Уште повеќе од тоа, не само што таа се претвора во „клуб" на етнички групи туку се претвора во клуб на елитите на етничките групи каде што има сè помалку место за демократија и просперитет. Се сменуваат елитите во „демократските" игри за власт, а сè повеќе до израз доаѓа загушување на правата на луѓето, економска криза, корупција.

*(2005)*

## Користена литература:


1. Castells, M., (2002, 2003 ), Информациско доба, Свезак 2 и 3, Загреб: Голден Маркетинг
2. Гиденс, А., (2002), Третиот пат, Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество
3. Вотерс, М. (2003), Глобализација, Скопје: Институт за демократија, солидарнст и цивилно општество
4. Волерстин.И, (2003), Глобализација или период транзиције, во Глобализација – мит или стварност, Зборник, Београд: Завод за уџбенике и наставна средства
5. Кимлика, В., (2004), Мултикултурно граѓанство, Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество
6. Магрис, К., (2003), Вашар толеранције, во зборникот: Глобални свет , Александрија пресс, Нова српска политичка мисао, Београд
7. Хелд, Д., (1997), Демократија и глобални поредак, Београд: Филип Вишњиќ

# Втор дел

- Религијата некогаш и сега
- Младите и религијата
- Религиозноста на населението во Македонија
- Религијата и развојот на општеството
- Вебер за религијата
- Секуларизација , транзиција, толеранција
- Меѓурелигиски дијалог
- Религискиот идентитет и студенската младина
- Клерикалистички национализам
- Компензациска религиозност

## РЕЛИГИОЗНОСТА БАРА ШАНСА

Истражувањата на феноменот на религиозноста во нашата земја последниве десетина години покажуват дека процесот на секуларизација не само што не е успорен, туку постојат некои индиции кои укажуваат на тоа дека сме соочени со ревитализација на религијата. Причините за ваквата состојба се содржани во целокупната општествена ситуација, која последнава деценија е оптоварена со сериозни кризни процеси кои се одразуваат и на планот на религијата. Ситуацијата на ревитализација на религијата, практично ги следи промените кои се случуваат во глобалното општество. Кризата на вредностите, моралот, кризата на легитимитетот на општествените институции, создаваат „идеални“ услови за повторно оживување на оние вредности кои долго време беа потиснувани во општеството. Тука, можеби е и содржан одговорот на прашањето зошто имаме свртувања кон некои вредности во рамките на религијата, кои можат во услови на подолгорочна криза да предизвикаат нарушување на општествените вредности на социјалистичкото општество и да бидат повторно актуелизирани.

Всушност, прибегнувањето кон религијата на индивидуално-психолошки план, во услови на заострена противречност внатре во социјалистичкиот систем, значи дека „борбата“ за ослободување на личноста се пренесува на теренот на ирационалното, како протест против реалната општествена ситуација, која го скратува просторот за вистинска човечка еманципација.

Нереализирањето на дел од младите во општеството, скратувањето шансите за себедокажување во конкретната стварност, состојбата на беспомошност и бесперспективност, создава реални предуслови за потрага по одговори кои се бараат надвор од социјалните институции. Всушност, говорот за религијата е говор за состојбата која создава услови за религијата и сè додека тие состојби постојат, сè дотогаш религијата ќе се „храни“ и ќе постои како објективен опш-

тествен факт. Процесот на секуларизацијата, е процес на формирање на објективните услови за разотуѓување на човекот, сè до оној момент, кога вистински потребата за религија ќе стане приватен сектор на секој човек, на неговите „лични афинитети", а не на нужна потреба која објективно е зададена.

## Две особини на иста појава

За општеството на СРМ, во отсуство на комплексни и систематски истражувања од доменот на религијата, тешко може да се одреди сегашниот момент на процесот на релиозната свест, а со тоа и основните показатели на нејзината ревитализација. Социолошкото истражување на спространетоста на религијата кај младите во СРМ, кое беше реализирано во рамките на МИА, се обиде да даде дел од одговорите кои ги поставува сегашниот момент на планот на религиозноста кај младите. Можеби постави повеќе прашања, сруши некои недоразбирања, а во секој случај се обидува да говори аргументирано, за нешто за што се говори на најразлични начини и од различни позиции.

Пред сè, станува збор за социолошко истражување на религиозноста кај младите и се однесува на основните показатели на религиозноста, согледани низ субјективната и објективната манифестација. Содржината на овие два показатели се доведени во однос на заемни врски, за да може религиозноста да се посматра како целовита појава. Всушност, тоа се две особини на една иста појава.

Религиозноста како внатрешно доживување се манифестира и како надворешна манифестациона дејност, таа не останува затворена во субјективно социјалната сфера, туку и практично сè истиснува. Интензитетот на религиозноста главно се согледува преку степенот на усвојување на црковните догми и содржини на религијата (верување во Бога, задгробен живот, верување дека светот и ние сме создадени од Бога и слично), потоа во практичните дејствија кои директно се поврзани со (не)верувањето, и најпосле преку обимот и ангажираноста преку активноста кои се поврзани со делувањето на црквата или верската организација (растурање печат и слично).

Степенот на религиозноста ќе биде поголем ако верникот во својата активност реализира повеќе од гореспоменатите индикатори на религиозност и во поголем степен. Имајќи ја предвид, сложеноста на проблемот, овде накратко ќе се задржиме само на неколку прашања, кои на најдобар начин ја идентификуваат религиозноста кај младите.

## Релација образование-религиозност

Ако го споредиме степенот на убеденоста во црковното учење, со занимањето, тогаш се забележуваат значајни разлики меѓу младите. Младите земјоделци, далеку повеќе од учениците, студентите и работниците го идентификуваат сопственото гледиште со црковното учење. Во просек секој трет млад земјоделец кој бил вклучен во истражувањето (ова се однесува само на скопскиот регион) целосно го прифаќаат црковното учење, за постоењето на бога, за создавањето на светот, за изворот на моралот и слично, додека кај учениците и студентите тоа не надминува 10 отсто од вкупно испитуваната популација.

Интересно е да се истакне дека многу мал е бројот на оние кои сметаат дека Бог може да биде извор на моралот, кај научниците и студентите изнесува 3,7 отсто и 8,1 насто, за разлика од верувањето дека творец на човекот е Бог, кај учениците 12,.5 проценти и кај студентите 7,5 насто. Религиската идентификација со учењето на црквата е прилично на низок степен, но загрижувачки е еден друг факт дека е голем бројот на оние кои не знаат или немаат никакво мислење за тоа, не само што немаат став за догмите на црковното учење туку немаат формирано никакво мислење за тоа.

Убедени верници

1. Сигурно дека постои Бог – 70,8 насто
2. Творец на светот е Бог – 50 отсто
3. На човекот нужно му треба религијата – 15,6 насто
4. Често разговара за верата и религијата – 18,0 одсто
5. Многу често оди во црква, џамија – 10,2 проценти
6. Татко верник – 64, 0 насто

7. Голема активност во верските заедници – 38,7 насто
8. Луѓето подобро да се издвоени во просторот – 15,3 проценти
9. Многу значајно место и дава на верата во склучување на пријателство – 26,5 одсто
10. За себе мисли дека има религиозен поглед на свет – 30,7% марксистички – 9,6 насто

По некои мислења тоа е поразително за црквата, едноставно нејзиното постоење се занемарува, односно свеста не се обременува сот оа; тоа може да значи и нешто друго, кое може да биде поразително за општеството, а тоа е фактот што голем дел од оваа категорија младинци нема изградено или (внатрешна) потреба да изгради било каков поглед на свет или во најлош случај може или му робува на било каков поглед на светот. Отсуството на било каква вредносна аргументација и вредносен суд за религијата, ако не биде надополнувана со друг поглед (овде се подразбира марксистички) тогаш, се создава многу празен простор, кој може да го искористат и го користат најчесто, идеологии кои се туѓи на социјализмот и марксизмот. Затоа информираноста за актуелната општествена функција и идеолошките влијанија на религијата и црквата, е особено битна, особено во услови кога општествените околности одат во прилог на ревитализацијата на религијата.

## Само 5% се крстат

Религиската партиципација е на низок степенкај младите. Факт е дека само околу 5% од младите редовно обавуваат верски ритуали (се крстат, поколонуваат и слично). Доста е висок процентот на оние кои повремено обавуваат некоја верска активност. Ова прашање не може одвоено да се разгледува од семејната ситуација, потеклото на младиот човек, образованието на родителите и слично. Колку тоа е смалено говори податокот дека скоро 20 одсто од младите слават по некои верски празници, а религијата ништо не им значи. Потоа, од оние кои изјавиле дека религијата му штети на човекот – 2,6 одсто ги слават сите празници, а 3,48 насто ги слават сите празници, сме-

тајќи дека религијата му е нужно потребна на човекот; потоа оние кои се изјасниле за верници само 35 отсто ги слават сите верски празници, а оние кои се изјасниле дека не веруваат 17 насто, 4,3 проценти се одлучни противници на религијата, а ги слават сите празници, и слично. Тоа покажува дека младите живеат во една семејна средина која е сложена во поглед на религиозноста и е противречна кога станува збор за усвојувањето на верското учење и религиската партиципација во практичното учење, односно степенот на меѓусебното комуницирање меѓу младите е сложено прашање, кое меѓу другото, по мое мислење го актуелизира значењето на религијата.

Имено, останува отворено прашањето зошто е значително поголем бројот на оние кои му придаваат големо значење на верата при склопување на пријателството, од оние кои се изјасниле за убедени верници. Дали е во прашање традицијата, обичаите, навиките кои не овозможуваат паралелна човечка комуникација.

## Сепак разлики

Останува необјаснето зошто на пример оние 16 отсто испитувани млади работници, кои не се верници, не би сакале да имаат пријател од друга вера; или (30,7 насто) брачен другар? Честопати низ многубројните разговори со младите, во некои средини (во селата далеку поизразено) можеше да се слушне: „ние" и „тие", „овие" и „оние" и слично, што јасно укажува и асоцира на верски лоцираната „паралелност".

На современиот човек нужно му треба религијата

- Ученици – 1, 1 отсто
- Студенти – 0, 0 насто
- Земјоделци – 16, 0 отсто
- Вработени – 3,7 насто

Нескромно би било, само врз основа на мал број податоци, да се генерализира, но се наметнува ставот дека некои разлики произлегуваат од верската припадност и религиозност, а тоа се одразува на

меѓучовечката комуникација, што на религијата и верата и даваат друга димензија. Ограниченоста на просторот не ни овозможува да ги истакнеме сите поважни аспекти, кои го актуелизираа ова истражување. Можеби кај младите во СРМ, би можело да се каже, дека преовладува атеизам со големо присуство на традиционална свест која одвреме на време, е под силно влијание на религијата и верата, а во поново време и црквата како институција, односно верските институции и заедници како легални институции на верата. Имено, се создава еднна ситуација кога традицијата добива на сила, во време кога е очигледна кризата на легалните институции, кризата на општеството, моралот, а црквата ја „бара" својата шанса да го поврати своето влијание.

*„Млад борец", 1985*

## МАКС ВЕБЕР ЗА РЕЛИГИЈАТА

Во моето излагање ќе се обидам најнапред да го изложам Веберовото гледиште за религијата, ако воопшто е можно кај него да се сретне еден поопшт став за тоа што во суштина претставува религијата, односно дали може да се говори за „суштина на религијата", се разбира во духот на неговата теорија. Потоа, што е многу поопределено и во однос на што Вебер ја покажал оригиналноста на неговата теорија во социологијата на религијата, се однесува на улогата на религијата во економскиот развој на општеството, поконкретно на улогата на протестантската етика (религија) во појавата и развојот на капитализмот. Целта не е само да се претстави неговата теорија, туку и да се проблематизираат некои од неговите ставови, се разбира повеќе посредно, од анализите на автори на кои неговата теорија им била силна инспирација и поттик за истражување. Поконкретно станува збор за неговиот став за причините за појавата на капиталистичкиот дух: во сферата на економијата, односно, зошто тој се појавува само во Западна Европа, како и тоа дека капиталистичкиот

економски систем има длабоки корени во религијата, во еден посебен тип религија во рамките на реформацијата, поконкретно во протестантското учење, кое се шири во 16-от век во повеќе земји од Западна Европа. И најпосле, тоа Веберовата социологија на религијата го заслужува. Накратко ќе направам една компаративна анализа на учењето на Вебер за религијата со учењето на Маркс. Тоа Вебер го заслужува и од причина што долго време во социјалистичките општества, неговите анализи за религијата не беа земани за сериозни, што говори и фактот дека скоро и да не е цитиран во ниеден труд каде што се анализирани проблемите на религијата. Но тоа е друга тема.

Во петтата глава во првиот дел од „Стопанство и општество" под наслов: „Типови на религиски заедници" Вебер се откажува од намерата да даде една дефиниција за тоа што претставува религијата, односно дали може да се говори за суштина на религијата. Таква дефиниција, смета дека тешко може да се даде на почетокот, можеби тоа е можно на крајот, но на тоа како да "заборавил". Тоа не значи дека определби и кратки дефиниции за тоа што е религијата не сретнуваме на повеќе места, но тоа секогаш произлегува од контекстот на конкретната анализа. Вистината на науката за религијата е бесконечна, има безброј страни, моменти, каде што таа се јавува во поединечни варијации, индивидуализирани облици и во таа смисла прашање е дали може да се говори за целината на религијата односно, прашање е дали целината на религијата може да биде предмет на научно сознание. Добрите познавачи на Веберовата социологија на религијата не се убеде́дни дека кај него може да се говори за суштина на религијата, или уште попрецизно, дали религијата е составен дел од "човековото битие", што нужно го поставува логичкото прашање за тоа што претставува "човековото битие". Се чини дека Вебер не им посветува многу внимание на прашањата од тој тип а кои, од друга страна, не му беа туѓи ни на Маркс, на пример. За него, луѓето се производители на своите претстави, идеи и во таа смисла за Маркс станува збор за вистински дејствувачки луѓе кои се условени од определен развој на своите производни сили. Религијата, како и моралот и идеологијата, немаат сопствена историја немаат развој, туку тоа се

луѓето кои го развиваат сопственото материјално производство и сопственото материјално општење. Наспроти тоа, Вебер говори за "саморазвој на религијата" односно, за секундарната улога и влијанието на другите "интересни сфери" врз религискиот развој, што е спротивно на Марксовото гледиште.

Која е функцијата на религијата, и дали Веберовото гледиште се разликува од Марксовото? Кај Маркс може да се сретнат барем три функции на религијата и тоа: филозофска–религијата е "општа теорија на овој свет" – популарна метафизика, егзистенцијална и компензациска функција –у чењето за среќата на оној свет и за Бог како заштитник на човекот што значи психолошко надополнување за страдањата и лишеноста на овој свет. Религијата е конзервативна зошто служи за одржување на постојниот систем на експлоатација, таа е опиум на народот итн. И за Вебер функцијата на религијата е во „осмислувањето на светот" таа е еден вид "рационализација на страдањето" на човекот. Секоја потреба за спас, како што смета Вебер, е израз на некоја неволја и поради тоа социјалната и економската потчинетост, иако не исклучително, но природно е многу ефикасен избор на настанување на таа потреба. Кај привилегираните слоеви потребата од религијата е содржана во „легитимноста" во психолошка смисла, дека тоа што луѓето се среќни, тоа значи дека се привилегирани и дека тоа го „заслужиле".

Она што Вебер го прави оригинален во сфаќањето за улогата на религијата е содржано во ставот дека религиските идеи се тие кои делуваат врз структурата на општеството и на световниот живот воопшто, односно, поконкретно, неговото успешно докажување на тезата за влијанието на религијата врз развојот на модерниот капитализам. Не станува збор за тоа дека индискиот, кинескиот или исламскиот трговец и занаетчија имаат послаб "нагон за економско богатење, од нивниот колега протестант. Вистината е спротивна на тоа: имено рационалното етичко воздржување од "тежнението за добивка" кое е специфична црта на "пуританизмот"... Причината треба да се бара во религијата, доколку тука влијание немаат и некои други политички услови... Единствено, аскетскиот протестантизам реално ја прогонил

магијата, трагањето вон светот на спасението и интелектуалистичкото контемплативно "просветување" како негов највисок облик. Само тој, аскетскиот протестантизам, создал религиски мотиви за потрага по спасот со вложување на напори во "позивот" во рамките на светот – и тоа спротивно на хиндуистичката строго рационалистичка концепција на позивот. Магиската религиозност на азиските интелектуалци не довела до рационална методика на животот, заклучува Вебер во своето дело *"Стопанство и општество"*. Големите религии на Исток не биле во состојба да развијат позитивен однос спрема работата на начин како што тоа го направил аскетскиот протентастизам, што е суштинско за разбирањето на специфичниот однос на претстантизмот во однос на економскиот развој.

Некои автори Вебер го сместија во таборот на идеалистите, под изговор дека тој историјата ја толкува спротивно на материјализмот, што се разбира е погрешно, површно и како што смета Ѓуриќ без основа. Религијата не е единтвената и последна причина за сите социјални појави. Тој како и Маркс упорно се спротивставува на секое тврдење кое општествените феномени ги објаснува само врз основа на еден фактор и колку да е тој значаен. Тој бил енциклопедиски образован мислител и секое еднострано гледање му било туѓо.

Во *"Протестантската етика и духот на капитализмот"* Вебер констатира дека не е негова намера на местото на едно еднострано материјалистичко толкување да постави друго, исто така еднострано спиритуалистичко причинско толкување на културата и историјата. Двете се подеднакво можни но, и едното и другото подеданкво малку ѝ служат на историската вистина, ако полагаат право да бидат крај на истражувањето, а не негова подготовка.

Вебер, како што вели на едно место, не застапува никаква будалеста доктринарна теза дека капиталистичкиот дух, можел да настапи не само како производ на одредени влијанија на реформацијата или дури дека капитализмот како стопански систем е производ на реформацијата. Тој во суштина сака да испита и да утврди само тоа: дали и колку одредени религиозни влијанија учествувале во создавањето и ширењето на оној дух по светот и неговата конкретна страна

на културата која почива на капиталистичката основа која може да се сведе на нив (Ѓуриќ, 327). Тоа е одговорот на Вебер на сите оние кои со помош на неговата теоретска позиција се обидуваа да докажат или ги отфрлат во многубројните истражувања инспирирани од неговата книга: Протестантската етика и духот на капитализмот.

Анализата на Вебер за односот на религијата и економијата во протестантската етика и духот на капитализмот, но и во другите негови дела посветени на религијата, предизвика плодна расправа меѓу социолозите и економистите која трае и денес.

Во продолжение на анализата ќе презентирам дел од резултатите од неколку истражувања, кои беа директно инспирирани од Веберовите тези за односот на религијата и економијата.

Во студијата *"Религијата и подемот на капитализмот"* познатиот мислител Рајхард Тони (Toni, R.H., 1979) средината на дваесетите години на 20-от век го анализира периодот меѓу 1540-1640 година. Слично како и Вебер, но со една суштинска забелешка, причините за подемот на капитализмот Тони ги бара не само во религијата туку и во материјалните фактори.

Содржината на книгата е посветена на настанувањето на граѓанските и на капиталистички економски вредности и односи во трговијата, кредитната политика и другите економски трансакции во периодот од стотина години. Овие процеси Тони ги следи на религиозен план во рамките на реформацијата и протестантското движење и идеологија и тоа во лутеранството, калвинизмот и пуританизмот. Станува збор за навистина документирана книга која е насочена кон истражување на односите во рамките на економската и културната историја на судирот на граѓанската либерална идеологија и пракса и религиозната протестантска и англиканска етика. Прашањето кое Тони си го поставил гласи: дали етичката доктрина, без разлика на нејзината основа, која е изведена од одредена културно-историска и економска формација треба и мора да има извесно влијание врз економските стандарди?

Во четвртото поглавје од книгата "Протестанското движење" во делот каде говори за стопанските вредности, што Тони го пишувал

под силно влијание на Вебер ќе го констатира следното по обемната и документирана анализа: дека судир меѓу религијата и барањата на бизнисот не постои, тие одат рака под рака. Благодарние на среќниот распоред на нештата, христијанските добрини, како што се работливоста, умереноста, трезвеноста, штедливоста, во суштина се особини од кои зависи успехот во бизнисот. Учењето, кое богатењето по пат на напорен труд го претвори во морална должност, претставува за таа генерација лавовско млеко. Клучот не е во фактот дека религијата е прогонета од практичниот живот, туку тоа што религијата нему му подготвила мермерни темели. Добриот христијанин и homo economicus-от не биле различни, заклучува Тони.

Во истражувањето на Ендрју Грили (A. Greely, 20-33, 1963) главно врз статистички материјал, на примерот на САД, меѓу другото, ќе покаже дека некои податоци не се во прилог на Веберовите тези: дека скоро еднаков процент на католици и протестанти заработуваат повеќе од 8000 долари на возраст под 45 години и дека практично нема разлика меѓу младата урбана популација во однос на верската припадност и заработувачката.

Во студијата на Гордон Маршал (Marshall, G., 1991) "Веберовите тези и развојот на капитализмот во Шкотска" (издадена 1979 год.) врз основа на тезите на Вебер, авторот не наоѓа доволно материјал дека капитализмот (индустријата, економската експанзија, трговијата) не бил развиен с" до 18-от век. Но како што заклучува Маршал, сосема е можно дека калвинистичката етика го поттикнува развојот на бизнис – идеологијата, слично на она што Вебер го нарекува "духот на модерниот капитализам".

Во есејот "Протестантската етика версус духот на капитализмот" Харолд Бакли (Harold Baclay 1991) доаѓа до сознанието дека протестантската етика може да биде поттик за капиталистичка експанзија. За разлика од истражувањата на Бакли, Суад Хусеин Алатас (S.H.Alatas, 1991) во статијата "Веберовите тези и Југоисточна Азија" доаѓа до сознание дека компаративните истражувања за односот на исламот и капитализмот, во услови на современа Азија, Веберовите тези не можат да бидат поткрепени.

## Користена литература:


1. Max, Weber, 1989, *Протестанска етика и дух капитализма,* „Веселин Маслеша", Сарајево
2. Павиќевиќ, В., 1980, *Социологија религије,* БИГЗ, Београд
3. Ѓуриќ, М., 1987, *Sociologija Maxa Vebera*, (Социолошка хрестоматија), Напријед, Загреб
4. Макс, Вебер, 1976, Привреда и друштво, Просвета, Београд
5. Тони, Р.Х., 1979, Религија и успон капитализма, Просвета, Београд
6. Marshall, Gordon, 1991, The dark side of the Weber thesis: The case of Scotland, izvor, Max Veber, (1) Critical Assessment, Ed. by P. Hamilton, London-New York, Routledge and Kegan Paul
7. Alatas, H. Soud, 1991, The Weber thesis and South East Asia извор, Edd, by P. Hamilton, Max Weber (1)
8. Greely, A. 1991, The Protestant Ethic: Time for a Moratorium, извор, P. Hamilton, Max Weber (1).

## РЕЛИГИОЗНОСТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА

Имено пристапот во проучувањето на секуларизацијата „како ослободување од црковните и религиозните форми" требаше да значи дека исчезнуваат „условите за клерикална доминација" и дека тоа е резултат на „објективни и неизбежни општествено-историски процеси". Пристапот во проучувањето на феноменот на секуларизацијата, во голема мера „успешно" се вклопи во целината на сфаќањето за општествениот прогрес (Кершован, Марко, 14). Само мал број истражувања поаѓаа од сфаќањето за религијата како одговор на „вечните егзистенцијални ситуации" (раѓањето, смртта и сл.).

Сфаќањето на секуларизацијата како „ослободување од религиозните институции и авторитет на религијата над јавниот живот (Bell, 1977, str. 427) или „одвојување на секторот на културата и секторот на општеството од доминација на религиозните институции (Бергер, 1967, стр. 407) или пак како процес каде „религиското мислење, праксата и установите го губат општественото значење" (Willson, 1966, str. 14), станува спорно оној момент кога ќе се пристапи во дефинирањето на поимот на религијата. „Можеби најважниот атрибут на оние кои сметаат дека секуларизацијата е во тек, е нивната определба за конкретното мислење за тоа што е религијата (Haralambos, 1989, str. 453).

Религијата „како таква" (Шушњиќ, Ѓуро, 1985, стр. 19) не е предмет на социолошки истражувања. „Социологот не прашува на пример, дали бог постои", туку „ако луѓето веруваат во бога какви последици тоа има за нивниот живот", смета Шушњиќ. Тоа во голема мера ја деидеологизира социологијата и го неутрализира предметот на истражувањето. Вредносниот суд за значењето на религијата како „опиум на/за народот" повеќе нема идеолошко значење, туку само укажува на една „објективна нужност" во која се најде личноста. „Опивањето" на луѓето не е повеќе грижа на институциите на системот, како опивањето со алкохолот, на пример!

Истражувањето на религиозноста на населението во Република Македонија е реализирано во моментот на распаѓањето на соција-

ње на нивната свест односно дека ритуалите пред сè се средство со кое општествената група периодично се афирмира (Диркем, 1982 год.). Тоа значи дека „емпириските факти" на ниската религиозност, потврдени низ повеќето истражувања, беа резултат на „општествено-економските околности" или како смета Вебер дека религиозното или магиското делување „во најмала рака е релативно рационално делување, ако не нужно делување во согласност со средствата и целите, тогаш делување во согласност според правилата на искуството" (Вебер, 1976, стр. 331).

Религиозното дејствување или мислење за Вебер не треба да се издвојува од „секојдневното дејствување со одредени цели, особено затоа што и самите цели на тоа дејствување претежно се од економска природа". Малиновски смета дека религијата и магијата настануваат и делуваат во ситуации на емотивна напнатост во животните кризи односно и двете овозможуваат излез од такви ситуации и такви слепи улици од кои не може да се излезе преку емпириски пат туку само со ритуал и верување во доменот на природното (Малиновски, 1971).

Човекот без разлика на кој степен од сопствениот развој се наоѓа се соочува со фактот дека „силите на неговото тело и душа се ограничени" (Малиновски, 1969, стр. 1034).

Религијата го снабдува човекот со „постојан систем" и таа секогаш носи со себе „совети за добар живот". Со помош на ритуалот човекот секогаш се обидува да се поврзе со надприродната стварност. Религијата исполнува одредена општествена улога во секое човечко општество.

Човековата слаба врзаност на надприродното во современото општество за Вилсон е знак дека концептот на трансцедентниот систем и зафатеноста со крајните вредности постанало безмалку ирелевантно за модерниот свет (Њиллсон, 1984, стр. 87/8).

За Томас О'Деа, на Запад преовладува еден менталитет кој е насочен во решавање на проблемите и кој успешно ги решава, но, секогаш му недостасува „поглед на свет и вредносна ориентација која би одредувала и давала приоритет на потребите и склоностите на современиот човек". (О'Деа 1984: 343)

Без Свртеноста кон бога човекот не може да воспостави себеси како целовитост: губејќи ја трасцеденцијата практично останал и без основа во „ефективното менување на светот". „Човекот се ослонува на вредностите на кои им недостига секаква онтолошка основа. Некои егзистенцијата ја гледаат како апсурд: некогаш како круна на создавањето, дури и човекот е залудна страст. Луѓето се борат за својата апсурдност и прифаќајќи ја се обидуваат да ја надминат" (Исто, стр. 342).

Значењето на апсурдот е многу поголемо во услови на економска криза, војна, разни природни катастрофи и кога се доведува во прашање опстанокот на човекот како ред и како единка.

## Истражување на религиозноста во југословенското општество

Во истражувањето на религиозноста на населението на подрачјето на Југославија главно се поаѓало од сфаќањето дека таа претставува една „форма на човеково отуѓување, а нејзината судбина се поврзува со дезаленацијата на човекот" (Кершован, М., 1984: 13).

Обидот да извлечеме некои заеднички карактеристики од истражувањата на религиозноста кај населението нè доведе до констатацијата дека за некои заеднички обележја не може да се говори. Процесот на ерозијата на религијата во некои средини каде што живее православно население е многу висока (Ѓорѓевиќ, 1984) за разлика од други средини каде е католичката или уште повеќе исламската вероисповест (Бахтијаревиќ, 1985, Ќимиќ, 1965, Врцан, 1980, Ротер, 1982 и други).

Во истражувањето на религиозноста на населението со католичка вероисповест (Врцан, 1980) се доаѓа до сознание дека станува збор за „редуцирано религиозно однесување", за форма на „религија без лична одлука" и дека едно малцинство остварило потполно раскинување со религијата и доследно живее надвор од секој допир со црквата.

Истражувањето на религиозноста на населението во нишкиот регион (Ѓорѓевиќ, 1984, стр. 146/7) покажа една состојба на „висок степен на ерозија на религиозната пракса (регистрирани сè само 5,56% редовни практиканти, на молитва 2,86%, постење 1,16%, редовна по-

сета на црква 0,16%), а во поглед на елементите на религиозната свест забележан е процес на изразито отфрлање и напуштање на религиозните догми кои сè во колизија со рационализацијата на современиот свет". (Божественото создавање на светот, верата во задгробниот живот) за разлика од нив, во потесна смисла, се напуштаат благите елементи на религиозната свест (чувството на религиозност, конфесионалното определување, верата во бога, верата во Исус).

Во едно од ретките истражувања на религиозноста на населението во Република Македонија (селското население во долни Полог) се укажува на фактот дека „нешто се менува", иако бавно, а тие промени укажуваат на нови сили кои во понатамошното свое делување, ќе го преобразат и стариот религиски начин на мислење, потоа дека „резултатите од анализата на влијанието на религиозноста врз општествената интегрираност покажаа дека религиозните разлики на анкетираното подрачје се опира на општествената дезинтеграција..." (Костовски, 1972: 142/3).

Во истражувањата често се констатира декомпозиција на религиозното верување (Флере, 1977: 98/9). Присутен е висок степен на конфесионална идентификација, потоа верување во бога и признавањето на личната религиозна идентификација, се приметува висок степен на толеранција во поглед на поимањето на врската меѓу моралот и верата, ... се приметува малцинство кое практикува само објективна или само субјективна димензија на религиозноста" (Исто).

Исто така, досегашните истражувања покажаа дека постојат оние околности, односно обележја на „човечки, општествени ситуации", од историски, регионални до општествени и класно-слојни кои го овозможуваат опстанокот и репродукцијата на религијата, како што постојат и околности кои ја ослабнуваат (Бахтијаревиќ, 1984: 23).

Во истражувањето на религиозноста се тргна од претпоставката дека промените кои се случуваат следната година (1991 г.) во општеството во Македонија, а кои кулминираат со радикални драматични промени во скоро сите сфери на општествениот живот и кои нужно ќе влијаат и врз ставот на луѓето према религијата, верата и црквата. Кризните општествени ситуации често се предизвик за зголемената религиозност. (Дуганџија, 1988). Од религијата се прави инс-

трумент за ублажување на кризните состојби во кои луѓето не по своја волја се нашле и кои не знаат да ги решат. Кризата и религијата меѓусебно се привлекуваат. Луѓето, за веќе споменатиот О'Деа се свртуваат према религијата за време на пораз, несреќа или фрустрации. Тоа е чест случај, но не помалку вистина е и тоа луѓето да се свртуваат према религијата за да прослават среќа, изразат веселба! Религијата е спонтан одговор на „среќата и несреќата" на човекот.

Истражувањето на религиозноста на населението во Република Македонија објективно не ни овозможува формирање на една поразвиена хипотетичка рамка. Пред сè малиот број на истражувања кои никогаш не се однесувале на популацијата во целина, потоа, сложената конфесионална ситуација исто така не дозволува извлекување на минимум поопшти заклучоци кои би се однесувале на општеството во целина. Тоа значи дека би било пожелно секоја конфесионална група да се анализира поодделно и да се компарира со останатите кои егзистираат на еден заеднички простор. Иако станува збор за едно подрачје, кое претпоставува „еднакви услови" за живот, сепак карактерот на религиозноста е различен кај припадниците на исламската вероисповест од припадниците на православната вероисповест. Тоа претпоставува дека процесот на секуларизацијата кај припадниците на православната вероисповест може да се анализира од аспект на основните белези на испитаникот (пол, образование, потекло и слично) за разлика од припадниците на исламската вероисповест каде тоа практично е непотребно, бидејќи постои висок степен на религиозност во смисла на конкретно прифаќање на верското учење на исламската религија, што истражувањето на структурните белези на религиозност ги прави „очигледни" и „непотребни".

## Димензија на религиозноста

Ако се тргне од сознанието дека анкетното истражување само ја „регистрира" религиозноста кај луѓето, што за социолошката анализа е важно од причини што укажува на фактот во која мера луѓето не/веруваат во определено верско учење, тогаш би било пожелно да

се постави прашањето за димензиите на религиозноста во смисла на ВЕРАТА – до која мера луѓето имаат некое верско убедување, ПРАКСАТА – во која мера луѓето се ангажираат во чинот на побожноста. ДОЖИВУВАЊЕТО – до која мера луѓето ги чувствуваат и доживуваат контактите и комуницираат со надприродното, потоа димензијата на ЗНАЕЊЕТО – на количина на знаење која луѓето ја поседуваат за сопствената религија и најпосле, по Глок и Старк, димензијата на ПОСЛЕДИЦИТЕ – степенот до кој наведената димзија делува врз секојдневниот живот на луѓето (Хараламбос, 1989: 465).

а) „Интимно верување во бога. Религиозноста како состојба на свеста и однесувањето во исто време е надворешен и личен (внатрешен) чин. Верувањето во бога не мора да биде поврзано со било каков надворешен чин во вид на манифестација, ритуал или било какво практично однесување, како што надворешната побожност не мора да значи дека човекот интимно верува во бога. (Двајца верници може да извршуваат иста активност, но едниот од нив тоа го прави од навика а вториот од потреба!). Психолошката основа од религијата се наоѓа исклучиво во тоа што верникот интимно чувствува према бога?. На прашањето: Дали вие интимно верувате во бога, скоро две третини од испитаниците одговориле позитивно (64,3%), а на прашањето Дали Вие лично се чувствувате религиозен?, позитивно одговориле 57,6%, што може да се разбере како една, сепак релативно висока усогласеност, меѓу интимното верување во бога и чувството на религиозност.

б) Верската припадност и интимното верување во бога. Интимното верување во бога зависи од повеќе фактори. Конфесионалната припадност е најзначајниот белег во однос на другите белези на испитаникот. Кај припадниците од исламската вероисповест скоро 9% изјавиле дека интимно веруваат во бога, што е за скоро 1/3 повеќе од припадност 89,9% изјавиле дека интимно не веруваат во постоењето на бога.

в) Занимањето има изразито големо влијание врз интимните определби на поединците. Најголем процент од оние кои „интимно го чувствуваат постоењето на бога“ е меѓу домаќинките (89,9%), вработените со НСС, КВ и ПКВ работниците (82,2%), индивидуалните земјоделци (76,2%) а најнизок процент е забележан кај вработените со

ВСС (раководители 30%) ученици и студенти со 48,9%, службеници со ССС 50,6%.

Школската подготовка е најзначајниот индикатор кој ги определува интимните чувства на испитаниците за тоа дали интимно веруваат во бога или не. Само 2,9% од анкетираните без образование изјавиле дека интимно не веруваат во постоењето на бог, за разлика од оние со високо образование кај кои тој процент изнесува 71,8%, што е навистина голема разлика! (Табела 1).

## Образованието и интимното верување во Бог (Алах)

За разлика од верската припадност, занимањето и образованието, од кои во голема мера зависи интимното верување во бога, местото на живеење, полот и возраста немаат забележително влијание врз ставот на испитаниците! Пример кај жените е забележан нешто зголемен процент на оние кои интимно веруваат во бога, но тоа не е статистички значајно. Нешто слично е забележано и во однос на местото на живеење и возраста. Пример, кај најмладите (од 15–17 год.) и најстарите (над 66 год.) е регистриран приближно еднаков процент на интимно убедени во постоењето на бога. (кај најмладите 74,1%, кај најстарите 79,7%).

г) Одговорите на прашањето: Дали се чувствувате религиозен, се приближно еднакви со одговорите на претходното прашање. Кога станува збор за образованието, но не и во однос на возраста. Пример разликите на одговорите дадени од најмладите и најстарите се многу големи и упатуваат на сознанието дека интимно да се верува во бога и во исто време човек да се чувствува религиозен не е нешто кое се случува истовремено!

Фактот што „само“ 48,1% од најмладите се чувствуваат религиозни, наспроти 74,1% кои веруваат во бога е доволно голема разлика која говори во прилог на ставот дека „присуството“ на бога во свеста не создава чувство на религиозност!

Местото на живеење врз чувството на религиозност има за разлика од интимното верување во бога, поголемо значење. Кај сел-

*Табела 1.*

| Степен на образование | | Интимно верува во Бог (Алах) | |
|---|---|---|---|
| | | да | не |
| ВКУПНО | 944 | 607 | 337 |
| X% | 100,0 | 64,3 | 35,7 |
| B% | 100,0 | 100,0 | 100,0 |
| 1. Без образование | 35 | 34 | 1 |
| X% | 100,0 | 97,1 | 2,9 |
| B% | 3,7 | 5,6 | 0,3 |
| 2. До основно (IV одд.) | 92 | 84 | 8 |
| X% | 100,0 | 91,3 | 8,7 |
| B% | 9,7 | 13,8 | 2,4 |
| 3. Основно (VIII одд.) | 180 | 149 | 31 |
| X% | 100,0 | 82,8 | 17,2 |
| B% | 19,1 | 34,5 | 9,2 |
| 4. Учил. во стопанството | 67 | 51 | 16 |
| X% | 100,0 | 76,1 | 23,9 |
| B% | 7,1 | 8,4 | 4,7 |
| 5. Средна школска спрема | 377 | 211 | 166 |
| X% | 100,0 | 56,0 | 44,0 |
| B% | 39,9 | 34,8 | 49,3 |
| 6. ВШС | 90 | 49 | 41 |
| X% | 100,0 | 54,4 | 45,6 |
| B% | 9,5 | 8,1 | 12,2 |
| 7. Висока школска спрема | 103 | 29 | 74 |
| X% | 100,0 | 28,2 | 71,8 |
| B% | 10,9 | 4,8 | 22,0 |
| ХИ=149,454 | | C = 0,370 | вкупно |

ското население скоро 2/3 се изјасниле дека се чувствуваат религиозни за разлика од оние кои живеат во градот кај кои тој број е помал и изнесува половина од испитаниците (50,2%).

Во однос на другите индикатори (пол, образование, занимање) нема поголеми отстапувања и одговорите се слични како и на претходното прашање.

д) Верувањето во постоењето на задгробен живот претставува една од главните догми во повеќето од живите религии денес, а особено е присутна во христијанството и исламот. За разлика од верувањето во бога кое во просек изнесува 2/3 од вкупниот број испитаници, верувањето во постоењето на задгробниот живот е нешто повеќе од 1/3 (36,8%). Догмата за постоењето на задгробниот живот за разлика од другите догми спаѓа меѓу оние догми кои се најмногу напуштани.

Разликите меѓу старосните групи се големи. Најмал процент меѓу оние кои веруваат во постоењето на задгробниот живот се наоѓа во групата од 21 до 56 год. (29,0%), а кај оние на возраст од 36 до 45 год. е нешто поголема и изнесува 32,5%. Степенот на образованието и во однос на прашањето се покажува како најзначаен фактор на религиозноста. Односот меѓу високо образование и оние без образование е скоро 1:5 (13,6% кај оние со ВСС наспроти 65,7% кај оние без образование).

ѓ) Ставот за тоа колку е потребна религијата за човекот, покажува критичкиот однос према религијата. Може да се биде и нерелигиозен, а сепак да се смета дека религијата му е потребна на човекот. Што покажува нашето истражување? Анкетата покажа дека за околу 2/3 од испитаниците може да се каже дека се религиозни, веруваат во бога, се чувствуваат религиозни и сл. Потоа прифаќаат сè, понешто или ништо од верските учења, но пак се веруваат во бога, а нешто повеќе од 4/5 сметаат дека религијата му е потребна на човекот. Тоа значи дека еден голем дел од оние кои не усвојуваат ниедна религиска догма и се изјасниле за нерелигиозни сметаат дека религијата му е потребна на човекот. Навистина е тешко да се објасни оваа ситуација.

е) Прашањето за односот на моралот и религијата е едно од основните прашања кај скоро секоја религија. Интересно е тоа што

најголемиот број од испитуваната популација смета дека чесноста и моралот немаат врска со религиозноста, односно дека религиозните луѓе се почесни и поморални од оние кои не се религиозни. Скоро 70% сметаат дека чесноста и моралот немаат врска со религијата, а 30% го застапуваат ставот дека религиозните луѓе се поморални.

Во зависност од верската припадност кај припадниците на исламската вероисповест значително повеќе се убедени дека религиозните луѓе се поморални за разлика од припадниците на православната вероисповест, 45,2% наспроти 24,8% и 13,0% кај оние без конфесионална припадност.

Во однос на староста, со порастот на годините расте и убедувањето дека религиозните луѓе се поморални и почесни. Полот и местото на живеење немаат скоро никакво влијание врз ставот на тоа дали моралот и чесноста секогаш се својствени на религиозните луѓе.

ж) Прифаќањето на конкретното верско учење покажува колку припадниците на една конфесионална група навистина го прифаќаат учењето на таа конфесија, односно конкретна религија?

Од вкупниот број на припадници на исламската вероисповест (Табела 2) во 61,9% го прифаќаат учењето на исламот, а 80,6% од оние кои се изјасниле дека се религиозни и прифаќаат се што проповеда исламот, а само 5,6% од вкупниот број или 7,2% од оние кои се изјасниле за религиозни, но не прифаќаат ништо од конкретното учење, односно од учењето на исламската религија.

Во зависност од степенот на образованието молитвата во домот е многу повеќе присутна кај оние со пониско образование. Така на пример повеќе од 1/3 редовно (секојдневно) се молат во домот оние без образование, за разлика од нив, кај испитаниците со високо се регистрирани само 1%, што навистина е голема разлика. Присутна е изразито негативна корелација – (Тоа се однесува и за останатите обележја на религиозноста).

а3) Молитвата во домот во голема мера зависи од занимањето на испитаниците. Домаќинките и пензионерите најмногу се молат дома, за разлика од вработените во општествениот сектор со висока школска подготовка. Само 2,6% од вкупниот број на вработените

во општествениот сектор со високо образование редовно се молат дома, за разлика од пензионерите кои тоа го прават во 18,4% случаи, домаќинките во 20,9%, потоа следат работниците со НСС, КВ и ВКВ во 15,6%, а што е интересно и незанемарливо помалку индивидуалните земјоделци во 9,5%, случаи, а 50,01% никогаш не го прават, што е скоро еднакво со вработените во општествениот сектор, со КВ и ВКВ работниците (54,4%) а повеќе од работниците со НСС и ПКВ. Тоа доаѓа од таму што, најголем дел од овие професионални групи во градовите најчесто се регрутирани од селското–земјоделско население, и сигурно е дека ништо посуштинско не се променило во системот на вредностите, а во таа смисла и во односот према религијата.

а4) Во истражувањето се покажа дека постењето зависи од степенот на образованието, како и другите елементи на религиозноста, потоа од возраста и професијата, а помалку од полот (28,5% кај мажите и 29,3% кај жените е регистрирано редовност при постењето, а нешто поизразена редовност е забележана кај селското отколку кај градското население.

Во однос на образованието забележана е обратно–пропорционална правилност; со зголемување на степенот на образованието се намалува редовноста во постењето; од 60,8% кај оние без образование до 6,8% кај оние со високо образование. Нешто слично е забележано и во однос на возраста: од 33,3% кај оние на возраст од 15–18 год. до 47,5% кај оние на возраст со над 66 години со таа разлика што кај некои возрасни групи, како на пример кај групата од 21–27 год. редовноста е нешто помала од најмладата група. Но, тоа сепак се должи на семејната атмосфера.

а5) Посетата на верските објекти (црква, џамија) претставува можеби најзначајната активност преку која се покажува и докажува врзаноста за конкретната религија, иако често, тоа во повеќе истражувања е докажано, дека посетата на верскиот објект не мора да биде религиозно мотивирана.

Верската припадност има значајно влијание врз редовноста на посетата на верските објекти. Припадниците на исламската вероисповест повеќе од двапати од припадниците на православната верос–

повест редовно одат во џамија. Интересно е да се истакне дека и оние кои се изјасниле дека немаат конфесионална припадност, 2,9% редовно посетуваат верски објекти, 34,8% повремено, а 26,1% за време на поголеми празници. За што навистина станува збор тешко може да се претпостави. Верската припадност, за разлика од личната религиозност е незамислива без припадност кон некоја конкретна верска заедница, каде може барем формално да се произнесе дека припаѓа но не мора да биде субјективно религиозен. Посетата на верските објекти значи некаква легитимација за конкретната припадност.

Слично како и во анализата на другите елементи на религиозноста и во овој случај се потврди дека со порастот на степенот на образованието опаѓа редовната посетеа на црквата и џамијата (34,4% кај оние без образование наспроти 1% кај оние со високо образование), потоа, од годините на старост, кај постарите е регистрирано значително повисок процент на редовни практиканти, и од професионалната припадност, од 2,8% редовни практиканти кај вработените во општествениот сектор до 27,6% кај пензионерите и 24,4% кај работниците со НСС и КВ и ВКВ, 23,8% кај индивидуалните земјоделци итн.

Слична правилност е забележана и во однос на просечниот месечен личен доход, со порастот на просечните примања по член на домаќинство опаѓа редовноста во посетата на верските објекти.

аб) На прашањето: Ако се молите дали верувате дека тоа навистина би ви помогнало во животот, добиени се интересни одговори.

Од вкупниот број анкетирани само 31,5% веруваат во тоа, 13,4% не знаат, а 1,5% неверуваат, останатите никогаш не се молат. Ако ги споредиме овие одговори во однос со верската припадност ќе видиме дека кај припадниците на исламската вероисповест само 0,4% (еден испитаник) смета дека молењето не помага во животот, а 61,5% од вкупниот број на анкетирани што е повеќе од 80% од оние кои се молат, сметаат дека тоа помага во животот, за разлика од припадниците на православната вероисповест каде тој број е помал во однос на вкупниот број само 21,4% што претставува скоро 2/3 од оние кои се молат. Близу 1/3 од оние кои се молат не знаат дали тоа помага или не помага во нивниот живот. Едноставно тие се молат!

Само пред една година пред радикалните промени на општеството, во една исто така социолошка анкета (xxx) каде што беа поставени и прашања за религиозноста кај населението и се покажа дека бројот на убедените верници е скоро за двапати помал (18,9%) и бројот на оние кои веруваат во бога исто така, (36,4% наспроти 64,3% во нашата анкета на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања). Тоа само покажува дека социолошката матрица почнува радикално да ја менува суштината, значењето и улогата на религијата во насока на индивидуализација на религиозниот став, како сѐ „помалку" зависен од надворешните фактори, а сѐ „повеќе кохерентен на човековата природа, односно со „исчезнување" на надворешните компоненти на религиозноста таа природно се лоцира во вредносниот систем на човекот како единка. Дали „исчезнувањето" на религијата ќе биде „добар" знак дека настапува период на „деза лиенација" на човекот, повеќе не е прашање на сериозна социолошка анализа од едноставна причина што „исчезнувањето" на религиозноста кај човекот не создава во исто време и реални претпоставки за дезалиенација на човековата егзистенција воопшто.

Втората димензија на истражувањето на религиозноста се однесува на ослободување на сфаќањето на религијата од чисто идеолошките поими.

Третата димензија е содржана во исклучително високиот степен на индивидуализација на религиозниот став, особено на припадниците на православната вероисповест, односно доживувањето на религијата како индивидуален чин на верување во „бога без религија" надвор од конкретната верска група, бог како безлична, апстрактна, вонприродна и временска суштина, бог како индивидуално доживување, надвор од било каков институционален верски ритуал!

Четвртата димензија на религиозноста произлегува од противречниот карактер на општествените промени, од ставот на црквата (верската заедница) како институција према тие промени, етничката и националната идентификација и улогата на црквата и религијата во тоа како и враќањето на позициите на граѓанската демократија, во смисла на афирмација на вредностите на индивидуата и нејзините пра-

ва, наспроти колективот и општите вредности. Тоа во голема мера ја комплицира положбата на поединецот во смисла на локација на вредносниот систем и во однос на примарноста на општествените активности во чии рами и ставот према религијата добива свое значење и улога како и сè поприсутното сфаќање на религијата како приватна работа на човекот и нејзиното одвојување од државата и политиката.

## Белешки

x) Во земјите каде религијата позитивно конотира од страна на државата образованието на групите (вишите класи) цврсто се врзани за неа!. Во земјите каде што ставот на државата спрема религијата и црквата е негативен образованието на групите (вишите класи) е најмалку поврзано со неа. Тоа укажува на конформизмот на образовните групи (вишите класи) со општествената идеологија и на значењето и улогата на образованието и во нејзиното пренесува. (Гоја, 1980, стр. 48)

xx) Постот претставува еден од столбовите на исламската вероисповест. Тој се однесува на деветиот месец од муслиманската година – рамазан. Во текот на целиот месец на рамазан во текот на денот (од зори до приквечерина) верниците мораат да се воздржуваат од јадење, пиење, сексуални односи. Во текот на ноќта се изговараат посебни молитви. Голем број на стари пишани документи сведочат дека христијаните постеле два дена (среда и петок) и тие денови се нарекуваат dies stationum – денови на духовна спрема. Најстариот пост кој црквата го установила е големиот пост или Велигденски пост. Постот по учењето на црквата има две страни: надворешна – формална и внатрешна – духовна. Надворешната страна се состои од неземање на храна или воздржување од некој вид храна и пиење, а внатрешната од воздржување од некој вид нечесни мисли, грев и осуда, клевета, неправда и сл.

„Ако постиш – докажи го тоа со дела свои! Прашуваш какви дела? Ако го видиш својот брат среќен не му завидувај. Треба да постат не само устата, туку и очите и ушите и нозете и рацете и сите делови од нашето тело“. (Свети Јован Златоуст)

xxx) Станува збор за истражување реализирано во рамките на Институтот за друштвена истраживања на Загребачкото свеучилиште на тема: „Социјална структура и квалитет живота“ кое се реализира и на подрачјето на Република Македонија во текот на 1990 г., само една година пред истражувањето кое се реализира во рамките на Институтот за социолошки и политичко–правни истражувања чии резултати се предмет на анализа во овој труд.

## СЕКУЛАРИЗАЦИЈА, ТРАНЗИЦИЈА, ТОЛЕРАНЦИЈА (на маргините на едно емпириско истражување на студенската младина - 2007)

### *Дефинирање на проблемот*

Процесот на секуларизација претставува сложен, противречен процес кој е пред сѐ резултат на промените кои се случуваат во глобалното општество. За некои таа претставува мит, идеологија, конструкција, за други пак таа е реален, објективен процес кој ги следи, но и влијае врз другите феномени во општеството. Определбата на Брајан Вилсон (Wilson, B., 1999: 56) се чини најадекватна за нашата анализа на секуларизацијата во услови на драматични промени на општетството во транзиција. Со поимот секуларизација се означува пред сѐ опаѓање на значењето на религијата во функционирањето на општествениот систем, и обратно, спремноста човекот да се жртвува за целите на верувањето, да исполни некои задолженија кои ги предвидува, да ја „плати цената“ која ја претпоставува верското учење се зема за знак за религиозност и за влијание кое го има врз човековиот живот. Имено, верската неконзистентност, а пред сѐ неподготвеноста човекот да се жртвува во исполнувањето на обврските кои ги наложува верата може да се земе како знак за секуларизација.

Во делата на класичните социолози, Конт, Вебер, Маркс и Диркем, иако поимот секуларизација не се споменува директно, но се подразбира во смисла на еден „епохален општествен процес“ каде што религијата, религиозниот поглед на свет го губи значењето во услови на забрзана модернизација и рационализација. (MCguire, M.B., 2000: 285-289; Haralambos, M., 2002: 432-440; Svidler, Mojzes,. 2005: 11-37).

Најголем број од социолозите се согласуваат со ставот дека општествените промени доведуваат и до промени во разбирањето на религијата и степенот на религиозност. Во тој контекст да ги наведеме мислењата на некои од нив кои ги сметаме за значајни. Талкот Пар–

сонс, познатиот американски социолог бил убеден дека со развојот на општеството религијата губи некои од своите улоги. За Маркс промените во базата, материјалните претпоставки на животот на човекот доведуваат до промени во надградбата. Религијата е потреба на класното општество за нееднаквостите го добијат легитимитетот на нивното постоење, а со нивното надминување религијата ќе ја изгуби улогата и смислата за нејзиното постоење.

Во 19 век секуларизацијата ја губи правно-политичката конотација и добива културолшко значењево смисла на ослободување на културата и образованието од влијанието на црквата и религијата, што го приближува до денешното значење.

По Втората светска војна секуларизацијата добива централно место во социолошките истражувања на религијата. Во шеесеттите години на минатиот век веќе се издеференцирани две јасно изразени ориентации: едната која укажува на процесите на секуларизацијата, како процес на опаѓање на општественото значење и влијание на религијата, другата која укажува на секуларизацијата како мит, научна фикција, идеолошки поим. Во тој контекст да го спомениме Рој Валис со неговиот карактеристичен став: иднината на религијата е нејзиното гаснење, и Харви Кокс, кој е убеден дека се очекува религиозен препород, враќање на светото отколку опаѓање на религијата (Кох, Х. 1984). На просторот на бившата југословенска држава и во тој контекст во Република Македонија како составен дел на бившата федерација се одвиваше еден засилен процес на секуларизација, во голема мера политички индуцирана и исфорсирана, изнудена и забрзана појава затоа што таа не беше одговор на социокултурниот степен на развиеност на земјата (Врцан, С., 2001, Флере, С. 2007, Шушњиќ, Ѓ., 2007; Ќимиќ, Е., 2007, Ѓорѓевиќ, 2007)

Во неколкуте истражувања на религиозноста на населението кои беа реализирани во Македонија пред деведесетите години на минатиот век се констатира низок степен на религиозност, слично како и во другите региони на бившата југословенска држава. Во оваа прилика, само за илустрација да наведам дел од резултатите од истражувањто реализирано 1984 година на примерок во кој беа зас-

тапени сите категории на млади од градот Скопје. Од испитуваната популација само 16,4 % сметаат дека се убедени верници, 30,7 % дека не веруваат, а останатите над 50 % имаат различен став во однос на религијата, или се противници или немаат формирано став. За жал, на ниво на Македонија не беа реализирани социолошки истражувања за да можеме да ги компарираме со истражувањата по деведесетите години (Ацески, 1985 г. Млад борец, 10–10, 1985)

Почетокот на деведесттите години на 20 – от век, поконкретно со започнувањето на распадот на социјализмот доаѓа до оживување на религиозноста, што беше забележано во истражувањата во почетокот на деведесетите години. Во оваа прилика само за илустрација да наведеме само мал дел од резултатите од истражувањата во почетокот на деведесетите години на минатиот век.

На прашањето: *Дали вие интимно верувате во бога?*, скоро две третини од испитаниците одговориле позитивно (64,3%), а на прашањето „*Дали Вие лично се чувствувате религиозен* позитивно одговориле 57,6%, што може да се разбере како една, сепак релативно висока усогласеност, меѓу интимното верување во бога и чувството на религиозност.

На прашањето: *Ако се молите дали верувате дека тоа навистина би ви помогнало во животот*, добиени се интересни одговори.

Од вкупниот број анкетирани само 31,5% веруваат во тоа, 13,4% не се сигурни (на знаат) а 1,5% не веруваат, останатите никогаш не се молат.

Само пред една година пред распадот на социјализмот и почетокот на радикалните промени на општеството, во една исто така социолошка анкета каде беа поставени и прашања за религиозноста кај населението се покажа дека бројот на убедените верници е далеку помал (18,9%).

Во период на радикални промени на општеството во секој поглед, економски, политички, социјални и културни, каков што беше периодот по деведесетите по распадот на соцјализмот, настапи процес на брза конверзија на оние кои, од разни причини се изјаснуваа за нерелигиозни. Дел од оние кои се изјаснува за религиозни во соција-

лизмот тоа го правеа и од причини да се спротивстават на секуларно – атеистичкиот режим, религиозното изјаснување во себе содржи и одредена доза на конформизам; во посткомунизмот состојбата е обратна, нерелигозноста може да се интерпретира и како спротивставување на системот кој ја подржува религијата и во кој црквата се меша во политичките работи, каде да се биде религиозен значи на некој начин да се биде конформист (Секулиќ, Шпорер, 2006).

## Методолошки напомени

Анализата на религиозноста на студенската младина се темели врз емпириското истражување во рамките на проектот „*Модернизацијата и идентитетот на студенската младина во Македонија*“ спроведено во текот на мај и јуни 2007 година на примерок од 710 испитаници студенти од македонска националност, од повеќе факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Во анализата на религиозноста користена е Глок-Старкова димензија на религиозноста (верување, пракса, припадност). Користен е иструмент од тринаесет варијабли од кои со помош на факторска анализа добиени се три фактори (латентни димензии) и тоа христијанско верување, алтернативно верување и спиритизам кои со понатамошна анализа се доведени во врска со другите идентитети; националниот, еколошкиот и политичкиот. Основната идеја во анализата е да се покаже степенот на поврзаноста на религискиот и етничкиот идентитет, односно, дали кај оние кои е забележан висок степен на религиозност во исто време е присутен и висок степен на националистичка ориентација и степен на толеранција во однос на другите, во нашиот случај припадници на исламската вероисповед и албанската етничка заедница.

*Прашањето кое нужно се постави гласи: дали повисокиот степен на религиозност може да се поврзе со состојбата, на повисок или понизок степен на другите вредносни ориентации како што се национализмот, традиционализмот, односно дали со порастот на религиозноста се зголемува и степенот на нетолерантност, националистичка и традиционалистичка ориентација.*

*Имено, дали интензитетот на останатите вредности расте или опаѓа во однос на степенот на религиозноста. Тоа секако е тешко со сигурност да се констатира само од едно истражување. Прашањето е сложено и претпоставува далеку посериозни и посеопфатни истражувања и одговори. Вредносниот систем е сложен феномен, него можеме да го доведеме во врска со глобалните промени кои се случуваат последните дваесетина години. Поконкретно, кога станува збор за македонското општество, слично како и другите земји во транзиција, за последните дваесетина години помина низ еден сложен процес на трансформација проследен со тешки последици во економијата, сложен процес на меѓуетнички и меѓурелигиски односи и отворени судири кои уште долго време ќе продуцираат нетрпеливост и нестабилност (Ацески, И., 2002 ).*

Враќањето на религиозноста се случи во услови на продолжена економска, политичка, социјална и за македонското општество, криза во секој поглед. По деведесетите години се случи враќањето кон традиционалната конзервативна религија, која се доживува како фактор на зачувување на етничкиот, националниот и историскиот идентитет на македонската нација. За време на социјализмот религијата беше исполитизирана во негативна смисла, за разлика во периодот по деведесетите години кога се случува позитивна политизација, што доведе за кратко време, до застој на процесите на модернизација и до политичка злоупотреба на религијата. За многу кратко време, високо секуларизираното општество, какво што беше македонското, се соочи со изразита идентификација на националното и религиското, и со културен шок, за разлика од пред педесетина години, но сега во обратна насока во прифаќање на религиското како составен дел од од вредносниот систем за мнозинството.

Основната хипотеза на трудот е дека во македонското општество, во конкретниот случај, меѓу студенската младина, доминантено е традиционалното верување, верување во основните начела на христијанската религија и пракса и дека постои низок степен на религиска и етничка толеранција во однос на другите етнички групи, особено спрема Албанците. На прашањето: Колку високиот степен на религиозност влијае врз нискиот степен на мегуетничка толеранција не може директно да

се одговори. Постоењето на висок степен на нетолеранција и висок степен на религиозност не мора да значи дека нетолерантноста е директно поврзана со религиозноста за да заклучиме дека оние кои се убедени верници се понетолерантни во однос на другите, кои се различни од нив. Ако се сложиме со ставот дека постои еден тип на *плитка религиозност*, која ја сочинуваат оние кои за кратко време, од „убедени атеисти станале убедени теисти" од слични причини како и во времето на социјализмот, поврзани со конформизмот и опортунизмот, тогаш има вредност претпоставката дека не може да се очекува религиозноста да биде причина (инспиратор) на некои други вредносни ориентации вклучувајќи го и национализмот. Религиозноста најчесто се поврзува со конзервативното и со традиционалното однесување и општество, но не секогаш, бидејќи постојат општества, кои се во исто време и високо технолошки развиени и модернизирани и со висок степен на религиозност, какво што е американското општество, на пример.

Мултиетничките, мултирелигиските и мултикултурните општества се сложени и секое поедноставување во смисла на барање на еднострани причинско-последични влијанија и врски не е вистинскиот пат во анализата и може лесно да бидеме заведени дека, на пример, со зголемување на религиозноста се зголемува и националистичката ориенатација или обратно, поради очигледниот факт, дека најголем дел од припадниците на една етничка група се во исто време и припадници на една верска заедница.

## Преглед на резултатите од истражувањето

Резултатите од Табелата 2 не се изненадувачки и ако ги споредиме со слични истражувања во другите земји во транзиција ќе забележиме сличност во некои од елементите на верувањето, но и разлики, што не го доведуваат во прашање сознанието за изразито високата религиозност без разлика дали станува збор за млада или повозрасна популација.

*а) Екстремни вредности „целосно се сложува", и „целосно не се сложувам".* Само во однос на елементите на христијанското учење се

*Табела 2: Во што од долу наведеното верувате*

| Ставови | Целосно верува | Верува | Не е сигурен | Не верува | Воопшто не верува | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Човекот има бесмртна душа | 116<br>16.3 | 167<br>23.5 | 223<br>32.8 | 123<br>17.3 | 67<br>9.4 | 710<br>100.0 |
| Библијата е навистина божја реч | 147<br>20.7 | 243<br>34.2 | 179<br>25.2 | 77<br>10.8 | 48<br>6.8 | 649<br>97.7 |
| Црквата е создадена од бога | 106<br>14.9 | 167<br>23.5 | 197<br>27.7 | 131<br>18.5 | 95<br>13.6 | 696<br>98.0 |
| Еден ден Христос ќе дојде на Земјата | 74<br>10.4 | 92<br>13.0 | 231<br>32.5 | 186<br>26.2 | 102<br>14.4 | 685<br>96.5 |
| Исус во суштина бил човек, а не бог | 120<br>16.9 | 271<br>38.2 | 187<br>25.1 | 67<br>9.4 | 59<br>8.3 | 695<br>97.9 |
| Постои пекол и рај | 123<br>17.3 | 191<br>26.9 | 230<br>32.4 | 51<br>7.2 | 102<br>14.4 | 697<br>98.2 |
| Верува во духови | 56<br>7.9 | 118<br>16.6 | 154<br>21.7 | 190<br>26.8 | 175<br>24.6 | 693<br>97.6 |
| Верува во инкарнација | 63<br>8.9 | 112<br>15.8 | 206<br>29.0 | 169<br>23.8 | 149<br>21.0 | 699<br>98.5 |
| Хороскопот точно ја предвидува иднината | 11<br>1.5 | 59<br>8.3 | 202<br>28.5 | 236<br>33.2 | 199<br>28.1 | 707<br>100.0 |
| Постојат луѓе кои можат да фрлат проклетство и да не урочат | 71<br>10.0 | 238<br>33.5 | 159<br>22.4 | 128<br>18.0 | 109<br>15.4 | 705<br>99.3 |
| Некои луѓе можат да стапат во контакт со мртвите | 1<br>2.4 | 99<br>13.9 | 242<br>34.1 | 193<br>27.2 | 153<br>21.5 | 704<br>99.2 |
| Верувам во пророштвата на Нострадамус | 24<br>3.4 | 119<br>16.8 | 239<br>33.7 | 186<br>26.2 | 133<br>18.7 | 701<br>98.7 |
| Бројот 13 е несреќен број | 10<br>1.4 | 37<br>5.2 | 110<br>15.5 | 245<br>34.5 | 300<br>42.3 | 702<br>98.8 |

регистрирани највисок процент на прифаќање, но имајќи го предвид фактот дека процентот на оние кои веруваат во Бог се приближува до 90% од испитаниците. Мал е бројот на оние кои веруваат во повторното доаѓање на Христос на земјата или во постоењето на рај и пекол.

Само мал дел од испитаниците целосно се сложуваат или не се сложуваат од понудените ставови кои ја покажуваат религиозноста, но и во некое алтернативно верување или спиритизам.

б) Ако тргнеме од ставот дека еден значаен дел од испитаниците, околу 1/3, религијата ја прифаќаат „без некоја посебна причини" едноставно се приклонуваат кон однесувањето на мнозинството тогаш е разбирливо зошто процентот на оние кои немаат изградено мислење или едноставно немаат став за тоа е релативно висок. Веројатно најголем дел од нив го сочинуваат оние кои себеси се сметат за *„религиозни на свој начин"* и тоа дали, на пример, постои пекол или рај, или пак човекот има бесмртна душа и не им толку важно за нивниот однос спрема бог како виша сила. Инаку, која е смислата на верувањето на оние кои се убедени во постоењето на христијанскиот бог, ако се сомневаат во бесмртноста на душата или пак пак постоењето на рај и пекол?

в) Со факторска анализа од наведените елементи (ставови) добиени се три фактори (латентни димнезии) за типот на религиозноста и два фактора (ориентации) за национализмот и етноклерикализмот. За типот на религиозноста се издвоени следните ориентации; христијанско верување (традицинални верници), алтернативно верување и спиритизам. Првата ориентација е формирана од пет ставови кои се однсуваат на христијанската религија каде што влегоа следните ставови; Човекот има бесмртна душа; Библијата навистина е божја реч; Црквата е создадена од бог; Постои рај и пекол; Втората латентна димнезија која ја нарековме алтернативно верување е формирана од ставовите; Хороскопот точно ја предвидува иднината; Некои луѓе можат да стапат во контакт со мртви; Верување во пророштвата на Нострадамус; Бројот 13 е несреќен број; Некои амајлии носат среќа. Спиритизмот како фактор (латентна димензија) формиран е од следните тврдење; Верување во духови; Верување во инкарнација; Верување во луѓе кои можат да фрлат проклество;

Националистичката и етноклерикалистичката ориентација е формирана од ставовите – честички кои се дадени во Табелите 6 и 7.

*Табела 3: Корелација на фактори*

| Ориентација | Традиционално верување | Алтернативно верување | Спиритуализам | Национализам | Етноклерикализам |
|---|---|---|---|---|---|
| Традиционално верување | 1 | ,186 | ,395 | ,237 | ,482 |
| Алтернативно верување | ,186 | 1 | ,553 | ,218 | ,169 |
| Спиритуализам | ,395 | ,553 | 1 | ,112 | ,133 |
| Национализам | ,237 | ,218 | ,112 | 1 | ,390 |
| Етниклерикализам | ,482 | ,169 | ,133 | ,390 | 1 |

Корелацијата е значајна на ниво 0,01

Основниот заклучок кој се наметнува и со кој се зацврстува уверувањето дека секоја ориентација постои сама за себе, освен во односот на етно-клерикалистичката ориенатација и традиционалното верување, каде што е забележан нешто зголемен степен на позитивна корелација, но и тоа е под 0,50, што е ниско за ваков тип на корелација, а тоа значи и недоволно. Интересно е тоа што сите се позитивно корелирани, со зголемување на едната вредност регистрирано е зголемување на скорот и на другата ориенатција. Се разбира дека станува збор за „независност" која е статистички не/значајна. Во реалноста секако дека станува збор за испреплетени и меѓусебе условени феномени, особено кога станува збор за етноклерикалистичката и националистичката ориентација од една страна и традиционалната религиозност од друга страна. Врз порастот на национализмот може да влијаат мноштво други фактори, освен влијнието на религијата кое тешко може попрецизно да се определи, особено на оние кои ги окарактеризиравме како верници од алтернативен тип и мистицизам. Фактот дека е мал бројот на оние кои застапуваат некој од етноклерикалистичките ставови, но, самиот факт што е тоа присутно кај студенска популација упатува на некои поместувања на вредностите во таа насока.

## Степенот на религиозноста на студенската популација

Резултатите од истражувањето „*Модернизацијата и идентитетот на студентската младина на Македонија*“ покажуваат дека мнозинството од испитаниците за себе смета дека се религиозни, но она што е карактеристично за студентите, скоро половина од оние кои се изјасниле за религиозни, односно 42,3% се изјасниле дека се *религиозни на свој на начин*, што е за неколку проценти помалку (42,55) од оние кои се религиозни во согласност со учењето на верата на која и припаѓаат. Процентот на нерелигиозни е смо 6,1% што е навистина низок процент и е приближно еднаков на оние кои пред дваесетина години се изјаснувале за религиозни!

***Табела 4: Определете ја Вашата религиозност***

| Став | |
|---|---|
| Религиозен во согласност со учењето на верата на која припаѓам | 321/45,2% |
| Религиозен на свој начин | 300/42,3% |
| Не е сигурен | 24/3,4 |
| Не е религиозен | 43/6,1 |
| Противник на верата | 11/1,5 |
| Вкупно | 700/98,6 |

Што значи определбата *религиозни на свој начин*? Пред се категорија на религиозни кои не се приклонуваат кон учењето на христијанаската религија, можеби практикуваат некои од обичаите кои се својствени на оваа религија, но главно суштината на разбирањето за постоењето на бог е индивидуализирана, и е надвор од институцијализираната религија. Станува збор за еден тип на нецрквена религија во која секој поединечно ја формира претставата за светото и неговото место и значење за сопствениот живот.

*Табела 5: Елементи за конституирање на религискиот идентитет во %*

| | да | не во % |
|---|---|---|
| Верува во бог | 87.0 | 11.0 |
| Редовно се моли | 46.9 | 52.4 |
| Барем еднаш неделно оди во црква | 21.7 | 76.3 |
| Живее според божјите правила | 46.9 | 50.0 |
| Активно членува во верска заедница | 7.0 | 91.4 |
| Целосно ги почитува учењето на црквата | 51.1 | 46.3 |
| Се труди што повеќе да сознае за верата | 63.4 | 35.6 |

Кога ќе се спореди процентот на оние кои веруваат во бога (87,0%) со резултатите од слични истражувања во другите земји произлегува дека Македонија многу не се разликува од другите земји. На пример во Европа просек на оние кои веруваат во бог е околу 70%, во Северна Ирска 88% Романија 91,6%, Хрватска 89,4. Верувањето во бог, бесмртноста на душата и слично, како една димензија на религиозноста претставува збир на ставови на поединците во однос на некое натчовечко суштество, суштество со натприродни сили спрема кое човекот се чувствува ограничен и немоќен. Верувањето во бог не значи дека човекот безрезервно ги прифаќа и другите ставови кои се непосредно поврзани со тоа. Имено, најголем број од оние кои веруваат во Бог на свој начин, односно се религиозни, но не во рамките на конкретната конфесија, нормално е да не ги прифаќаат оние елементи на верувањето кои ги припишува конкретната, во нашиот случај христијанската вероисповед. Така на пример, 17, 3% не веруваат во бесмртноста на душата, само 24,2% дека Христос еден ден ќе дојде на земјата и слично на тоа. Тоа говори за недоследност во верувањето но и за практичната димензија на религијата, која според Старк и Бејнбриџ претставува систем на генерални компензатори кои се базирани на натприродни претпоставки. Религијата се занимава исклучиво со награди, кои на поединецот во реалноста не му се достапни, а ста-

нуваат достапни исклучиво со помош на натприродна интервенција. Особено тоа се однесува за луѓето кои трпат неправди кои единствено можат да најдат рационален излез во верата, дека ако почитуваат одредени модели на однесување, натприродната сила ќе се погрижи да ги укине тие неправди а со тоа ќе настапи време на апсолутна правда. Во надеж за бесмртност единствена гаранција претставува верувањето (Stark, R., and Baibridge, W.S.1985, 37). Компензаторот е верата во награда која ќе биде постигната во далечната иднина и која не може да биде директно потврдена. Такви компензатори се создаваат, одржуваат и нудат во рамките на верските организации.

***Табела 6: Процент на одговори на испитаниците на ставови за клерикализмот***

| Ставови | Целосно се согласува | Се согласува | Нема мислење | Не се согласува | Воопшто не се согласува | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| МПЦ би требало да има свои претставници во Собранието | 58<br>8.2 | 107<br>15.1 | 242<br>34.1 | 179<br>25.2 | 116<br>16.3 | 703<br>99.0 |
| Законите би требало да се темелат врз учењето на верата и религијата | 51<br>7.2 | 111<br>15.6 | 200<br>28.2 | 229<br>32.3 | 111<br>15.6 | 702<br>98.9 |
| Ако МПЦ би имала поголемо влијание општеството би било поздраво | 51<br>7.2 | 165<br>23.2 | 236<br>33.2 | 162<br>22.8 | 90<br>12.7 | 704<br>99.2 |
| МПЦ е единствениот авторитет во нашата држава | 45<br>6.3 | 68<br>9.6 | 207<br>29.2 | 241<br>33.9 | 138<br>19.4 | 699<br>98.5 |

Од претходната табела може да се констатира следното.

Прво релативно е мал бројот на оние кои се убедени дека верските заедници би требало да имаат свои претставници во Собранието на Македонија, кој се движи во границите на приближно една четвртина. Само во однос на ставот за авторитетот на МПЦ тој процент е значајно понизок. Но по малку изненадува фактот што е голем процентот на оние кои немаат мислење, кој се движи за сите понудени ставови околу една третина. Да го нагласиме и фактот дека процентот на оние кои се екстремно настроени, кои се целосно убедени е далеку понизок и се движи меѓу 5–10% од испитуваната популација студенти.

Второ, дали во Македонија се зацврстува убедувањето за улогата на црквата во политичкото уредување на државата, се чини дека од презентираните податоци не можеме да заклучиме, но фактот дека станува збор за студенска популација тоа на некој начин не наведува на помислата дека сепак нешто значајно се движи во таа насока! Фактот што секој трет студент е убеден дека ако се зголеми улогата на МПЦ дека општеството би било поорганизирано и поздраво. Црквата е таа која треба да го исчисти општеството од злата од кои сериозно е нападнато. Тоа може да се разбере на различни начини. Во која мера присуството на овој да го наречеме етноцентрички клерикализам е значаен тешко може да се разбере, но останува фактот дека скоро секој петти студент застапува клерикалистичи ставови.

Во истражувањето беа опфатени само студенти од македонска националност.

Околу една третина од студентите покажуваат висок степен на националлистичка ориентација во смисла на нагласување на сопствената националност во однос на другите. Сомневањето кое се јавува кај 2/3 од испитаните студенти дека е можна соработка помеѓу националностите, но не и целосна доверба, или дека некои нации се повеќе вредни од другите, говори за состојбите во општеството на планот на етничките односи. И овде како и во претходните ставови за улогата на црквата, преовладуваат оние испитаници кои немаат изградено мислење.

Овде е интересно да го наведеме и ставот на студентите за Охридскиот договор, дали е тој добар или не за Македонија. Интересно е да се потенцира што за тоа најголем дел немаат изградено свое мислење; секој петти е убеден дека тоа е добро за Македонија, а скоро 40% го мислат спротивното.

***Табела 7: Ставови за националистичка ориентација на испитаниците***

| Ставови | Целосно се согла-сува | Се согласува | Нема мислење | Не се согласува | Целосно не се согласува | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Во Македонија сепак Македонците по националност треба да имаат предност пред другите | 269<br>37.9 | 181<br>25.5 | 81<br>11.4 | 102<br>14.4 | 69<br>9.7 | 702<br>98.9 |
| Човек може да се чувствува безбеден само ако во неговата околина живеат припадници на неговата нација | 119<br>16.8 | 161<br>22.7 | 115<br>16.2 | 238<br>33.5 | 69<br>9.7 | 702<br>98.9 |
| Не е во ред ако се каже дека сите националности се еднакви кога очигледно некои се повеќе вредни | 82<br>11.5 | 150<br>21.1 | 178<br>25.1 | 184<br>25.9 | 109<br>15.4 | 703<br>99.0 |

Интересно е да се потенцира сознанието, кое не се однесува само на ставовите кои ја покажуваат националистичката ориентација, туку и во однос на другите ставови дека процентот на оние кои немаат став или се неопределени е реалтивно висок. Дали тоа може да се разбере како навистина немање став или страв да се искаже сопственото мислење или станува збор за нешто трето, во секој случај говори во прилог на тезата дека добар дел од студентите сè уште се во фаза на формирање на сопствената вредносна ориентација. На

пример, да се нема сопствено мислење за Охридскиот договор кој повеќе години, од времето на неговото потпишување (2001) ја брануva македонската јавност говори во прилог на гореспоемената теза.

Во етнички и конфесионално хетерогени општества прашањето за етничката толеранција е посебно значајно. Прашањето дали со порастот на религиозноста се зголемува и степенот на нетолерантност спрема другите различни од нас, во нашиот случај, не можеме да го потврдиме или негираме. Точно е тоа дека постои виок степен на религиозност и изразита националистичка ориентација, но во кој степен тоа има влијание и врз карактерот на толеранцијата не можеме од добиените резултати ниту да го потврдиме ниту пак негираме

### *Дискусија и заклучоци*

*Дали врз површното читање на добиените резултати од истражувањето може да се заклучи, врз примерот на студенската младина, дека во Македонија не е присутен процесот на секуларизација, туку обратно се случува процес на масовно прифаќање на религијата, на на/враќање на религијата на општествената сцена на голема врата?*

Секако дека секој заклучок во таа насока би бил во голема мера оправдан, имајќи го предвид високиот процент на оние кои се самоизјаснуваат за религиозни, скоро 90%, но и фактот дека половината од нив се религиозни на „свој начин“ што во голема мера религиозноста, се мисли на црковната религиозност, ја изместува од нејзиното вообичаено значење. Присутен е висок степен на „нецрквена религиозност“ индивидуализација на разбирањето на бог, кое може да се разбере како творечка потрага по значењето на светото, што на Црквата и ја одзема посредничката улога, а со тоа го игнорира нејзиното значење во секојдневниот живот на човекот, но и евентуално во политичките процеси. Тоа впрочем можевме да го видиме и од доживувањето на степенот на авторитетот на Црквата во општеството, потоа во потенцирањето на значењето на законите во уредувањето на државата врз учењето на религијата или потребата од присуство на нејзини прет-

ставници во законодавниот дом. Дали фактот што секој четврти испитаник е верски фундаменталистички настроен укажува на нешто значајно што се случува или треба да се случи излегува од рамките од ова истражување и не може ништо попрецизно да се заклучи.

Дури, констатацијата дека религиозноста во Македонија на начин како таа се демонстрира, ја достигнала максималната граница и оптималност и дека следи период на намалување на процентот на приврзаниците на религијата, на црковната религиозност пред сè, на површно религиозните, зголемување на нерелигиозните и противниците на религијата има смисла да се брани. Истражувањето го наметнува основниот заклучок кој е содржан во следното: *религозноста ја нема силата на фактор кој може да влијае врз формирањето на другите аспекти на идентитетот на човекот, врз другите вредносни ориентации и оттаму и не/толеранцијата.* Таа констатација се однесува на религиозните со христијанска вероисповед и македонска националност, иако низ историјата верата и религијата одиграле клучна улога во зачувување на идентитетот на македонскиот народ.

Во тој контекст се надоврзува и прашањето за улогата ва религијата во процесите на модернизација и глобализација. Клучното прашање се однесува токму на религијата и нејзината улога во тој контекст? Дали религијата може да се носи со влијанијата што ги трпат малите култури и нации, и каде ќе застане процесот на обезличување и напушатње на сопствените културни и религиски обрасци на однеување, како препознатливи знаци за припадноста кон една религија и култура воопшто е прашање што излегува од рамките на нашата анализа, но е се чини многу значајно.

Тоа е она што се однесува на религијата како препознатлив и значаен елемент на една култура. Но во мултиетничките и мултиконфесионалните општества присутен е еден дополнителен факт; како е можно различните религии и култури да егзистираат и нормално да функционираат и врз кои принципи на толеранција и меѓусебно разбирање? Во која мера религијата треба да остане *„приватна работа“* на секој човек?

Во истражувањето се покажа дека нема доволно убедливи сознанија за постоење на меѓусебно влијание на високиот степен на религиозност и изразување на националистички тенденции. Факт е дека постои висок степен на религиозност и нагласена националистичка ориенатација, но од добиените резултати презентирани во текстот, но и други кои не се конкретно преставени, а беа направени, може да се заклучи дека станува збор за *религиозност која во основа е површна и која* значајно не влијае врз националистичката ориентација; односно дали некој е религиозен на свој начин, што единствено може да се разбере дека учењето на христијанската религија која е главно својствена за македионската нација го нема обврзувачкото влијание или не би требало да го има. Се покажа дека меѓу нив и оние кои се изјасниле за религиозни на начин како што тоа го пропишуваат нормите, својствени за христијанството не постои разлика во изразувањето и прифаќањето на националистичката ориентација.

Високиот степен на површна, неутрална, аполитичка, не би погрешиле ако кажеме „религиозност без последици" или „компензациска религиозност" е резултат на состојбата на општеството во Македонија кое дваесетина години од падот на комунизмот трага по сопствениот идентитет на општество, кое поради сложеноста– национална, религиска, културна, сè уште не може да го пронајде моделот на сопствената нормална егзистеницја во светот зафатен на силен бран на глобализацијата, која создава длабоко противречни состојби, со истовремено јакнење и слабеење на идентитетот вклучително и религискиот. Во тој контекст и секуларизациата може да се посматра: дека таа е пред сè, културно условен феномен и дека е составен дел од процесите на модернизацијата. Тоа, се разбира, ги надминува целите на едно емпириско истражување за да биде суштински објаснета, но останува фактот, кој е клучен дел од нашето истражување, а кој единствено може да се разбере само во рамките на тие процеси, дека враќањето на религиозното меѓу студентската популација е на површината на суштинските случувања, дека црквената религиозност ни оддалеку ја нема потребната поддршка од студентите, што во голема мера не се потврдува нашата хипотеза, односно дека религискиот

идентитет се формира и како индивидуална потрага по светото, и тоа како непосредувано и саморазбрано, кое често знае да биде инспирирано од други култури и субјективизирано, па дури неретко разбрано на еден мистичен начин и психолошки мотивирано, што е знак дека процесите на постмодерната длабоко навлегле во свеста на студентите. Во тој контекст може да се посматра и толеранцијата во мултиконфесионалните и мултикултурни општества. Религиското се симнува на субјективно, индивидуално рамниште или рамниште на непосредувана светост, но со световни карактеристики; тоа не би требало, или, не може да биде пречка за меѓусебен соживот на различните етнични и верски групи. Социјалниот живот, како сплет на безброј ситуации, кој вклучува сет на меѓусебно испреплетени елементи од културна, економска, етничка, религиска и било која друга природа, е можен само во толерантни средини, исчистени од националистички наслаги, средини на секое ниво, од соседството и спонтаните и секојдневните средби до највисоките органи на власта.

*(2007)*

## Користена литература:


1. Ацески, И., 2002, *Општеството и човекот во транзиција*, Трет дел, Филозофски факултет, Скопје
2. Кох, Н. 1984, *Religion in the secular City, toward a Postmodern theology,* New York, Simon and Schuster
3. Врцан, С., 2001, *Вјера у вртлозима транзиције,* Сплит: Далматинска книга
4. Шушнјиќ, Ѓ., 2003, *Религија I и II*, Београд: Цигоја
5. Хараламбос, М., Холборн, М., 2002, *Социологија,* Загреб: Голден маркетинг
6. Свидлер, Л., и Мојзес, П., 2005, *Изучувањето на религијата во ерата на глобалниот дијалог*, Темлум,
7. Муке са светим, *Изазови социологије религије*, 2007, Уредник, Ѓорѓевиќ, Б., Ниш: Нишки Културни центар
8. Stark, R., and Baibridge, W.S., 1987, *A Theory of Religion,* Peter Lang Publishing, New York, USA
9. Секулиќ, Шпорер, 2006, Религиозност као предиктор вредносних ориентација. *Ревија за социологију,* Загреб: Филозофски факултет

## Трет дел

- Демократијата и градовите во Античка Грција
- Град по мера на човекот
- Етничка и расна сегрегација во американските градови
- Пожелно соседство
- Вредноста на недвижноста и промените во соседството
- Култура на сиромаштијата
- Гето, слам, планирање
- Случајот Топаана, кон крајот на минатиот век
- Можностите за нова урбана политика

# ГРЧКИОТ ПОЛИС КАКО МОДЕЛ НА ДЕМОКРАТИЈАТА

Негде помеѓу шестиот и четвртиот век пр.н.е во подрачјето на Егејското Море се создава една нова, дотогаш непозната во стариот свет, урбана форма која, како што некои сметаат никогаш дотогаш на ниедно место и време до денешен ден не се повторила не само во обликувањето на социјалната заедница, туку воопшто во развојот на општеството и човековата мисла воопшто. Несомнено, таа извршила огромно влијание врз развојот на целокупната историја на европската цивилизација.

Потрагата по природата на грчкиот град – полис не нѐ ограничува само на откривањето на урбанистичко–архитектонските дострели, напротив, физичката структура на градот, е само еден од производите на конкретното општество, култура, религија на еден народ, кој низ колективните облици на животот ја остварува сопствената смисла на постоење, но и обратно, веќе еднаш формираната урбана форма нужно влијае врз животот на заедницата и на секој нејзин член. Градот е колективна меморија на културата на народот, во него се вградени творечките потенцијали, мудроста, слободата на неговите граѓани, но ако тоа не се случува или се случува на еден погрешен начин тогаш тоа не е добро и секако дека води во дегенерација. Човекот денес можеби не е свесен за идентитетот на градот во кој живее во онаа мера во која тоа биле луѓето од средниот или од античкиот свет. Кризата на градот денес предизвикува состојба на страв и сомнеж за тоа што е градот и во што тој може да се претвори во иднина. Нашата зачуденост достигнува степен на запрепастеност, како вели Богдановиќ, кога ќе констатираме дека и по десет илјади години урбана историја не знаеме како да го дефинираме градот и што всушност доаѓа по него? (Богдановиќ, 1976: 53).

Од мноштвото прашања кои се дел од темата која си ја поставив се однесува на природата на грчката демократија, а со тоа дире–

кно и на грчкиот град и, воопшто, за значењето на придобивките на грчката античка цивилизација. Во тој контекст едно прашање, меѓу мноштвото други, исто така значајни прашања, се однесува за тоа што старите Грци подразбирале под „добар и здрав живот во градот" За Платон, здравиот град е среќен град, и поради тоа што во него нема сиромаштија, принуда за војна или власт. Градот е среќен поради тоа што секој негов граѓанин е среќен, во него постои совршена хармонија меѓу она што е добро за поединецот и она што е добро за градот /заедницата, среќата доаѓа и од праведноста и природноста на градот (Платон, 1969:59; Страус, 2002:105).

Одговорот на прашањето што е добар живот во градот, Аристотел директно го вклучува во дефиницијата за природата на градот, во која неминовно би влегле, специфичните, конкретните, но и универзалните особини на добриот живот. Градот е заедница која опфаќа различни видови на помали и подредени заедници меѓу кои семејството и домаќинството се најважни. Градот е најсеопфатен и највисок облик на општество затоа што тежнее кон најсеопфатното добро кон кое општеството се стреми, а тоа е среќата. Целта на градот е да им овозможи на своите жители да разменуваат добра и услуги, да заштитува од можно насилство однадвор и одвнатре. Со изградбата на градовите луѓето само го прават тоа што им наложува нивната природа. Луѓето по природа се склони кон градот затоа што по природа се склони кон среќа, соживот кои им овозможуваат задоволување на природните потреби во согласност со нивното знаење. Демократијата е нормален облик на градот, односно градот тежнее кон демократија. Градот е или тежнее да биде задница на рамноправни и слободни луѓе. Тој во суштина е народот или припаѓа на народот (Политика, 1970: 1275 б; Страус, 2002, 43).

Целта излагањето е всушност да укажам и на тоа: што во еден период од развојот на грчкиот град – полис, во период од неколку векови , почнувајќи од шестиот век пр.н.е. се подразбирало под добар живот и колку тоа го овозможувал градот.

Трансформацијата на човекот и заедницата е дело на градот, со неговата појава настанува нова етапа во развојот на човечката

цивилизација, градот е тој кој на елементите на културата им дал нова димензија и значење, со него започнува динамичниот развој и суштински промени и во право се оние кои сметаат дека цивилизациите кои не создале градови или ги создавале на погрешен начин, биле осудени на пропаст и од нив денес скоро и ништо вредно не останало да се спомене.

Факт е дека во примитивните заедници се вршела интензивна трансформација во секој поглед, но еднаш создадената форма на заеднички живот тешко се менувала пред појавата на градот. Во градот напротив, постојано се обликувала и преобликувала личноста низ постојана промена на социјалните форми и односи. Секоја генерација во градот се соочува со нови можности, нови закони, обичаи, морални вредности.

Градот, античкиот град – полис пред сѐ, се претворил во место на разговор, дијалог, како прв чекор за излез, како што вели Луис Мамфорд, од племенскиот конформизам, кој претставувал пречка на спознавањето на свеста за самата себе и развојот на личноста. Дијалогот ја потикнува духовноста која го потиснува физичкото насилство, кое води во уништувачки судири во секој поглед.

Добриот живот на слободниот граѓанин, кој ништо не должел за милост од оние кои биле на власт, ни на сопствената економска или професионална положба секогаш бил во доменот на човековата мера, човековата природа. Тоа е живот во кој се бара среќата, задоволството, правдата, смислата на животот. Дијалогот разбаран на таков начин е можен само меѓу оние кои се еднакви и рамноправни меѓу себе, слободни граѓани. кај кои градот почнал да живее во личноста на граѓанинот. Сократ и Софоклѐ претставуваа инкарнација на новата идеја за целовитоста, симетријата и самодисциплината која го красела новиот тип на човек. Не случајно тие се вистинските мајстори на дијалогот кои останале ненадминати до денес.

Добриот живот можеме да го замислиме само во град по мера на човекот. Грчкиот град – полис е ослободен од „бесмислените претензии на дивинизираните владетели“ од оние застрашувачки обреди кои се практикувале во религијата, ниту пак бил оптоварен со

масовните работи засновани врз принудната работа, во која се трошела најголем дел од човековата енергија во служба на апсолутните владетели, во служба за нивната бесмртност (Mumford,1968:136).

Човечката мера е видлива, читлива во грчкиот град не само по големината, Во расправите за тоа колкав треба да биде градот, од страна на најголемите умови како што се Аристотел и Платон секогаш преовладувало мислењето за човековата мера: градот мора да обезбеди и да гарантира добар живот, а тоа може да го направи само ако луѓето имаат можност непосредно да управуваат со заедничките работи, се познаваат меѓу себе и секогаш работат за доброто на зедницата.

Грчкиот град не се истакнувал по големината на спомениците или храмовите, немал грандиозни споменици како што можеле да се пофалат градовите од тоа време во другите цивилизации. Неговатата сила и вредност се состоела во фактот дека не бил ниту преголем ниту премал, ни премногу богат ни премногу сиромашен. Тој како што смета Мамфорд ја зачувал личноста на човекот да не ја загушат нејзините колективни производи.

Во Атина, во златниот период на нејзината демократија, на едно место и за релативно кратко време ќе живеат и творат големите умови на литературата, уметноста и филозофијата. Секако дека тоа не можеме да го видиме во остварувањата во урбанизмот или архитектурата, во материјалните остатоци, но можеме да го прочитаме во делата на големите мајстори на дијалогот, на филозофската мисла, за да го претпоставиме духот на едно време и една човечка заедница, каде што на едно место олицетворено во градот, се сретнале луѓето и боговите да ја бараат смислата на животот, да го уредуваат заедничкиот живот, да ја бараат среќата и праведноста.

Духот на грчкиот град не можеме да го разбереме надвор од политичкиот живот, управувањето со заедничките работи и што е најважно од тоа како слободниот граѓанин ја разбирал демократијата, слободата, праведноста, моралноста без кои се разбира добриот живот не би можел да се замисли. Во говорот, кој Перикле го одржал над гробот на паднатите борци во Пелопонеската војна на најдобар начин ќе

го опише обликот на државното управување и организацијата на градскиот живот за кој ако треба да се положи и сопствениот живот.

Името на тој облик, се мисли на демократскиот облик на управување, е народно владеење, бидејќи ние живееме не обрнувајќи се на малиот број, туку на мнозинството граѓани. Во јавниот живот според законот секој е еднаков со сопствени работи, но првенствено добива тој кој според процена ужива некој добар глас во однос на заедницата , не на основа на неговата припадност на некоја фракција, туку врз основа на неговата вредност како човек“ (Поповски, 1975: 229).

Граѓаните на Атина во слобода го поминуваат секојдневниот живот без навреди и омраза, почитувајќи ги законите, покорувајќи се на оној кој во определен момент врши некоја служба од заеднички интерес. Бесполезен е човекот кој не учествува во јавниот живот, штетно е да се прави нешто ако пред тоа не било на јавна расправа, храбри се оние кои се свесни за тоа што е опасно но се свесни за неговата пријатност и корист, но сепак не ја избегнуваат опасноста.

Говорот на Перикле всушност е посветен на добриот живот на граѓаните на Атина, на начинот на живот кој произлегува од демократската, социјалната и политичка структура, начин на живот кој не се формира само во политиката туку, пред сè, во културата, уметноста, филозофијата.

За државата според Платон нема ништо подобро од тоа граѓаните да се познаваат: демократијата претпоставува луѓето да се состануваат во интимни мали групи. Обично старите Грци власта не ја доверувале на оние кои не ги познавале. Според Аристотел за тоа постојат повеќе причини: пред сè, одлуките кои ќе бидат донесени ќе бидат погрешни. „Најдобрата граница за населението на еден град е најголемиот број доволен за задоволување на животните потреби, кои притоа може да се опфати со еден поглед“. Еден поглед „упатува на тоа дека пред нас е присутно едно разбирање на естетското и политичкото од кои може да се формира урбаното единство. Тоа говори за град по мера на човекот, а не за мегалополис во кој не постои почеток и крај, каде што добриот живот е прилагоден на мистичните, непознатите сили, на неограничената власт на владетелите кои се заштитени

од божествените сили, надвор од погледите на обичните луѓе. Големината на градот не се однесува само на неговите физички карактеристики. Кога можеме да речеме за луѓето дека формираат „град“ и каде му е границата? За Аристотел градот по големината и опфатот мора да биде таков што на сопствените жители ќе им овозможи да живеат умерено и слободно, уживајќи во слободното време. Секој коментар на овој став на големиот филозоф,од положбата на човекот во големите градови денес се чини дека е непотребен.

Демократијата и градовите во античка Грција имаат сосема спротивно уредување од хидрауличните општества или од ориенталните деспотии, каде што власта била заснована врз теократски и деспотски принципи, каде што поставувањето прашање за власта било недозволено и се сметало за чин со кој се доведува во прашање власта, која се сметала дадена од бога. Но во Античка Грција поставувањето на прашање за карактерот на власта се сметало за право и за должност на секој слободен граѓанин. Боговите не им давале мандат на владарите, слободата е промовирана за составен дел од демократскиот поредок за кој одлучуваат сите слободни граѓани.

Владеењето на мнозинството се засновувало врз принципот на еднаквост на граѓаните пред законот и врз слободата на говорот. Еднаквоста се однесувала на сите слободни граѓани, но првенство добивал секој оној кој уживал добар глас во однос на заедницата врз неговата вредност како човек. „Во својот концепт за демократијата, Перикле ги задржал цврсто начелото на еднаквост и начелото на слободата во една складна целина. По него не е повеќе возможно да се зборува за демократијата без еднаквост или за демократијата без слобода. Демократијата почива подеднакво и врз еднаквоста и врз демократијата“ (Шкариќ, Иванов, 2006,198).

Основните принципи на политичкиот етос на атинската демократија се содржани во следното: државната власт се потпира на сите што имаат право на глас, законите важат за сите подеднакво, угледот и предноста во вршењето на државните функции не зависта од тоа колку поединците се богати, на кој сталеж припаѓаат туку на нивната заслуга за заедницата (Фрчкоски,1992:24).

Атинскиот граѓанини е толерантен, трпелив, во неговиот живот уметноста, литературата, филозофијата имаат истакнато место, а не натрупувањето на материјалните добра, тој себеси не се гледа како поданик на една личност или група, туку секогаш како поданик на законите кој ги разбира како закони за слободата, а не како израз на легализацијата на односите на власта. На ниеден граѓанин не смее да му се дозволи сопствената политичка моќ да ја развие повеќе од потребната мера, и секогаш треба да му се доделуваат мали и подолготрајни отколку големи краткотрајни почесни места затоа што тие го расипуваат човекот, смета Аристотел. Општеството треба да ја јакне средната класа, држава на многу богати на една и многу сиромашни на друга страна е нестабилна и е осудена на пропаст. Луѓето треба да се воспитуваат во духот на уставот.

Грчкиот полис – град– држава со право може да се смета за креација која е составен дел од европската идеја за слобода и демократија.

*(2007)*

**Користена литература:**


1. Аристотел, 1976, *Политика,* Култура, Београд
2. Богдановиќ, Б. 1976. *Урбс & Логос*. Градина. Ниш
3. *Мумфорд, Л. 1968.* Град у хисторији, *Напријед, Загреб*
4. *Страус, Л., 2002,* Град и човек. *Гутенбергова галаксија, Београд*
5. Платон, 1976, *Држава*, Култура, Београд
6. Поповски, В., 1975, *Социјално политичкиот живот и политичките институции,* ИСППИ, Скопје
7. Фрчкоски, Љ.Д., 1992, Теории за демократјата, *Трета програма-Радио Скопје*
8. Шкариќ, С., Иванов, Ѓ., 2006, *Политички теории - Антика.* Правен Факултет „Јустинијан Први", Скопје

# ЕТНИЧКА СЕГРЕГАЦИЈА ВО АМЕРИКАНСКИТЕ ГРАДОВИ

## Вовед

Во сите градови во САД постои високо и скоро непроменливо ниво на резиденцијална сегрегација во зависност од расната и етничката припаднст. Се разбира дека таа не е определена со закон.Таа постои, делумно како резултат на социјалната поделеност, но поради притисокот кој го врши белото население врз останатите расни и етнички групи, особено врз црнечкото малцинство да остане таму каде што живее и да не го менува местото на живеење.

Во нашата анализа ќе се обидеме да обработиме некои од соцолошките аспекти на феноменот на сегрегацијата на населението во американските градови, за кој не постои согласност за причините на неговото исполнување и последиците од неговото присуство во најголем број од градовите во Америка.

## Расите и етничките групи во САД

Населението во САД е составено од многу различни етнички групи, кои се доселувале низ еден подолг временски период. Белите Американци се доминатна расна група во САД не само во поглед на бројноста туку и во однос на економската и социјалната моќ, со над 70% од популацијата. Некои предвидувања говорат дека таа ќе се намали кон средината на 21 век. За разлика од неа, другите расни и етнички групи ќе се зголемат, а особено тоа се однесуваа на латиноамериканците. Сигурно дека промените на расната и етничката структура во 21 век ќе ја променат претставата што денес ја имаме за Америка и за американската култура воопшто.

За разлика од другите расни и етнички групи афроамериканците, во Америка не емигрирале доброволно туку биле донесени како робови,

почнувајќи од почетокот на седумнаесеттиот век. Во втората половина на дваесеттиот век започнува интензивна борба за признавање на нивните права за рамноправни граѓани на САД. Во почетокот на деведесеттите години црнечкото население има достигнато сериозен прогрес во изедначување со позицијата на белото население. Во 1997 г. средниот приход на црнечка брачна двојка изнесува скоро 90% од приходот на бело семејство. Но сѐуште процентот на сиромашните е далеку повисок од процентот на сиромашните бели семејства. Овие показатели некои од социолозите ги наведоа на заклучокот дека социјалните класни нееднаквости се позначаен индикатор отколку расизмот во објаснувањето зошто некои делови од популацијата на афроамериканците се обесправени. Сегрегирани и изолирани во сиромаштија особено во големите градови, каде што живеат најголем дел од црнечкото малцинство и даваат интресен белег на демократска Америка. Мнозинството од белото население и понатаму продолжува да ги избегнува блиски, чести или континуирани социјални контакти со црнците и силно се противат на расната интеграција во нивните училишта и соседства.

Нашата анализа има за цел да анализира дел од сложената стварност на урбана Америка, поконкретно, феноменот на расната сегрегација во градовите во Америка. За разлика од етничката група, во која припаѓаат поединци, кои се смета дека имаат заедничко потекло и елементи на заедничка култура, расата е група на луѓе кои ги третираме како посебни поради физичките карактеристики на кои им се придава општествено значење. И едната и другата, човекот ги наследува од родителите, од кои едната упатува на генетскиот пренос на физичките карактеристики, а другата се однесува на социјализацијата на културните карактеристики. Групирањето на луѓето и расната свест сами по себе не носат негативно значење. Проблемот се јавува кога тоа ќе премине во расизам, наследните физички карактеристики подразбираат присуство или отсуство на релевантни способности, што лесно преминува во етноцентризам–верување дека нивната група е супериорна во однос на другите .

Разликите меѓу групите полесно се одржуваат ако социјалната дистанца е проследена со сегрегација во просторот–физичко раз-

делување на членовите на мнозинската и малцинската група, што доведува до појава на гета, кинески квартови, ромски маала, мали Италии, каде што малцинствата живеат одвоени, со закон или навика, доброволно. Иако сегреагцијата ги ограничува малцинставата таа во исто време и ги штити, дозволувајќи им на членовите на малцинската група да ја чуваат својата заедница и култура и бидат заштитени од непријателствата на мнозинската група. Во општеството каде што дискриминацијата е нелегална и отворениот расизам е општествено неприфатлив, институционалните правила можат да ги држат малцинствата во потчинета позиција.

**Етничка сегрегација**

Истражувањето на етничката сегрегација има долга традиција во американската социологија, почнувајќи од дваесетите години на минатиот век во рамките на чикашката школа, во студиите за градот, истражувања кои се усмерени и во решавање на проблеми со кои се соочија градските власти во управувањето на големите градови кои претставуваа во вистинска смисла мелтинг пот на стотици етнички и културни групи имигранти од различни страни на светот кои се слеваа од сите делови на светот во американските градови.

Во истражувањата на американските градови етничките студии заземаат централно место, и не е можно, тоа да се претстави во кратка форма.

Пред да се обидам да презентирам дел од неколку, десетина истражувања, кои ќе не доближат до феноменот на етничката сегрегација само во неколку реченици да го свртам вниманието кон она што значи чикашка школа, која изврши големо влијание врз понатомошните истражувања на градовите, а со тоа и врз етничките студии воопшто.

Имено, градот претставува средина на социјално и културно хетерогени единки, во кој се исполнува посебна форма на живот, односно урбан начин на живот како ќе рече Вирт, кој се одликува со формални, безлични, интерперсонални односи, на хетерогени единки во секој поглед кои се организираат во просторот на начин кој го

потенцира фактот дека станува збор за луѓе кои припаѓаат на една етничка и на културна група што практикува посебен стил на живот и вредности. До кој степен денес се пореметени овие односи и состојби не е расправа на овој труд. И колку процесите на глобализација и воспоставувањето на т.н вмрежено општество не би навлегувал во расправа иако заслужува внимание, но ќе не оддалечи од темата која е посветена на состојбите на етничката сегрегација во американските градови, се разбира во повеќе трудови на американските социолози.

Во оваа прилика само накратко да го споменам само Редерик Мек Кензи (во оваа група на социолози треба да се споменат Роберт Парк, Ернст Барџес) кој посветува и најмногу внимание на феноменот на етничката сегрегација) неговиот еколошки пристап во проучувањето на човечките заедници, што е својствен и за останатите претставници на оваа школа. Човечката екологија ги проучува врските меѓу човечките суштества под влијание, како што вели МекКензи на селективните, акомодотивните и дистрибутивните сили на животната средина. Човечката заедница се разликува од животинската и растетилената по две доминатни карактеристики на подвижност и цел на живеење: моќта да изберат соодветно место за живеење и моќта да ги контролираат или да ги модифицираат условите за живеење (Чалдаревиќ, О., 1985,118–121).

Феноменот на етничката сегрегација е од самите почетоци од појавата на градот. Најчести форми на сегрегација се економската и сегрегацијата по етничка и расна линија. Обично под сегрегација се подразбира „различно вреднување на општествените групи во социјален поглед“ (услови за живеење) и нивно одвојување во меѓусебната комуникација. Сламот и гетото претставуваат највидлива форма на просторната сегрегација, која се сретнува секаде во светотот, а најкарактеристична е во поголемите градови каде што живеат претставници на повеќе етнички групи. Најчесто етничката сегрегација се истражува како „своевиден израз на класната и етничко–расната дезинтеграција на општествениот простор. Имено, повеќеетничкиот состав на населението често се однесува на неговата топографија во форма на територијална сегрегација, која може да биде апсолутна или рела–

тивна, односно сите припадници на една расна или етничка група да живеат во посебни делови од градот или да постои во некои делови изразита концентрација на припадници на некоја етничка група (Мариновиќ–Узелац, А., 1978, 33–102).

За потребите на ова излагање, етничката сегрегација се дефинира „како тежнение на луѓето од различно потекло да населуваат различни делови од метрополитенските области во поголеми концентрации". Во САД сегрегацијата е често поврзана со нивото на приходот што го има расната или етничката група. Во урбаните и етнички студии етничката поделеност на населението во просторот на градовите се разбира како „сложена игра од многу различни општествени и економски процеси" или едноставно кажано, таа не ја следи слепо економската моќ и класната припадност, ниту пак ги следи слепите сили на пазарот, односно врз нејзината појава делуваат многу фактори кои немаа никаква врска со етничките или расните карактеристики. Тоа во голема мера го отежнува воопштувањето на резултатите од емпириските истражувања, ниту пак можеме да говориме за некои општи карактеристики во развојот на градот или градовите во САД во поглед на етничката сегрегација во резиденцијалниот простор.

Како што претходно споменав, истражувањата на феноменот на резиденцијалната етничка сегрегација започнале во рамките на чикашката школа меѓу дваесеттите и триесеттите години, носени со идејата за реформи и влијание врз политиката на урбаните власти. Целта била да се влијае врз социјалните нееднаквости што се резултат на поделеноста по етничка линија и како да се прилагодат и се интегрираат полесно новодојдените имигранти во општеството.

Имено, сегрегацијата од страна на чикашките социолози е испитувана од аспект на едно „привремено гледиште за евентуални просторни, социјални и економски асимилации". Афроамериканската сегрегација секогаш била набљудувана како траен феномен. За Каплан и Халовеј треба да се промени концептот на размислување и да се прошири полето на истражување и на останатите групи од американското општество. Причините за тоа се наоѓаат во сознанието дека сегрегацијата е најчесто поврзана со расправите за асимилација,

особено првите неколку децении на дваесеттиот век, кога се сметаше дека огромната маса на луѓе која пристигнува од прекуокеанските земји дека кога било ќе биде асимилирана.

За разлика од овие истражувања, последните дваесетина години истражувањата не се обидуваат да влијаат врз политиката и наместо тоа се фокусирани на прецизна социолошка анализа и прибирање на документација за состојбите на градовите, поделеноста во просторот, причините за таа поделеност, а помалку за тоа како да се решаваат некои проблеми кои се поврзани со релокација на некои етнички групи. Во тој поглед, треба да се потенцира влијанието на новите технологии интегрирањето во поголеми заедници, предизвиците на глобализацијата, мултикултурализмот, на трансферот на капитал на далечина, односот на центар и периферија во нови констелации на односи, сајбер-простор и урбанизам, интернет-комуникација и воопшто експлозија на средствата за масовна комуникација, кои секако дека создаваат нова претстава за етничката сепарација во градовите што не е предмет на овој труд.

За Каплан и Халовеј (Kaplan H. David i Hollovey R. Steven, 2000) етничката сегергација е феномен кој се јавува во сите општества и тешко може да се дефинира. Имено, станува збор за специфична појава, која се однесува на групи, но и на поединци, и зависи од историските околности и развој на општеството што упатува на сознанието дека станува збор за универзален феномен предизвикан од огромна различност. Авторите си поставуваат за задача да ги соединат сите облици на расна подвоеност во еден единствен систем, кој би ги опфатил различните облици во минатото и денес. Основна позиција во истражувањето не поаѓа од сфаќањето на сегрегацијата како појава сама по себе, како нешто што се подразбира, туку во однос на нејзиното реално исполнување во смисла дали станува збор за феномен кој е постојан или привремен, потоа во однос на нејзиниот карактер, дали станува збор за групи кои се жртви на нивното време или пак се во позиција да ја искористат својата сегрегираност во просторот, потоа дали станува збор за доброволна или за принудна сепарација. Она што е важно да се потенцира е сознанието дека станува збор за фе-

номен кој нема постојана форма на изразување, дека нашето разбирање на сегрегациајта мора експлицитно да го препознае различниот концепт во кој се појавува подвоеноста и дека објаснувањето на сегрегацијата во еден склоп не мора да биде идентичен на сегрегацијата со друг склоп. Како што го менуваме набљудувањето од еден концепт на друг, дури и да се задржуваме на ист степен и иста фокусна група, нашето разбирање на сегрегацијата ќе се менува.

Но да видиме што покажуваат дел од социолошките исртражувања кои се реализирани последните десетина години, се разбира не со идеја дека тие може да се воопштат на градовите воопшто или пак на некоја популација посебно.

Во анализата, главно, се задржувам на неколку прашања, некои од нив може да имаат значење и за развојот и состојбите на македонските градови иако не сум убеден дека може да се повлече некаква паралела на состојбите во американските и македонските градови што се однесува до процесите на етничка сегрегација, сѐуште не сум во состојба да пронајдам што било заедничко, што компаративната анализа во тој поглед ја прави безначајна.

Прво, еден од најмногу истражуваните феномени е етничката резиденцијална сегрегација и за тоа навистина постојат бројни студии. Во анализата се земени предвид неколку истражувања за кои сметам дека ќе ни ја доловат состојбата на дел од американската урбана стварност, секако дека друга и не постои, во смисла на рурална, барем што се однесува до класичното значење на тој збор.

Во анализата се земени предвид повеќе истражувања меѓу кои: истражувањето на Дејвид Харис (Harris,D,.1999) од Универзитетот во Мичиген, посветен на расните и социоекономски детерминанти на пожелноста на соседството, со поднаслов „вредноста на земјиштето опаѓа штом ќе се доселат црнците“, потоа, студијата на Марк Фосет од одделот за социологија и институтот за расни и етнички студии од Универзитетот во Тексас посветен на расните склоности и расната резиденцијална сегрегација, потоа трудот на Roj Elliot Cundiff посветен на информационите системи за мерење на сегрегацијата во американските метрополитенски области и трудот на Franklin Wilson од

Центарот за демографија и екологија од одделот за социологија при Универзитетот во Висконсин и Рогер Хаммер од истиот Универзитет на одделот за рурална социологија и други трудови.

Ќе започнам со еден став, кој се наметнува од сите студии, кои не се насочени кон промени на политиката на властите или тоа го немаат како приоритет, туку станува збор, како претходно истакнав за студии кои се базираат на детаљни истражувања и согледување на состојби кои произлегуваат од етничката сегрегација во градовите. Тој став е следниот, дека во едно „безбојно" праведно општество со еднакви можности за сите граѓани, индивидуи, од кое било потекло би требало да имаат еднаков пристап во изборот на живеалиштето, работата и образованието. За жал, се чини дека праведно општество не постои. Американското општество изгледа дека има расни нееднаквости кои не можат лесно да се изменат, и постојаното менување на расната композиција на нацијата ќе создаде непредвидливи промени во идните практики на резиденцијалната сегрегација.

„Изгледа дека вредноста на недвижностите опаѓаат штом таму ќе се вселат црни семејстава", одговара една домаќинка од Детроит кога била прашана зошто би се отселила ако во нејзиното соседство живеат повеќе од три црни семејства. За Дејвид Харис овој коментар соодветсвува на конвенционалната мудрост за ефектите на интеграцијата на предоминантно белите соседства и е поддржано од емпириските истражувања кои докажуваат дека имаат аверзија од соседи црнци. Зборовите на жената откриваат ненаклоност кон живеење во близина на црнци што е рефлектирано во ниските проценки на цената на недвижноста, односно становите, овде се мисли пред сѐ, на становите.

Не навлегувајќи подлабоко во анализата на Харис, да го потенцирам неговиот став дека не е доволно јасно што е тоа „расен состав во пожелноста на соседството", односно дека пожелноста на соседството е поврзана со многу фактори кои немаат врска со расната припадност. Имено, според ова гледиште луѓето ги избираат соседствата во обид да ги избегнат соседите со низок социоекономски статус и проблемите кои произлегуваат од тоа. Оние со ниско образование

и слаба материјална состојба се сметаат за непожелни соседи и за кои владее мислење дека не им се својствени главните вредности, дека животот во тоа соседство создава дополнителни грижи околу децата што произлегува од околината, каде што има многу разведени бракови, криминал, и слично.

Харис, врз основа на прецизни статистички и емпириски истражувања доаѓа до заклучок дека навистина вредностите на становите реагираат на расниот состав, локациите губат најмалку до дваесетина проценти од вредноста кога се лоцирани во соседства со над десет проценти црно население, што упатува на заклучокот дека белците не преферираат црнечки соседи. Второ, дека домувањето во соседства со голем процент на црни жители е помалку вредно не поради аверзијата кон црнците како такви туку повеќе поради тоа што луѓето преферираат богати, доброобразовани соседи, а овие особини се почести кај белците отколку кај црнците. Кога црнците би имале сличен социоекономски стаус како белците не би требало расниот состав да има влијание врз вредноста на недвижностите и белците не би го напуштале соседството кога ќе почнат да се доселуваат црнци во нивна близина.

Во студијата на Марк Фосет посветена на резиденцијалната сегрегација се доаѓа до слични резултати со една јасна забелешка дека секогаш кога постои склоност кон сегрегација ќе постојат и сегрегирани делови во градовите, но секогаш кога постои можност за избор на местото на живеење, кој не е ограничуван од други неетнички или нерасни фактори, етничкиот состав на населбата нема доминантно влијание. Етничкиот состав на населбата е во корелација со другите неетнички фактори кои влијаат врз изборот на живеалиштето. Онаму каде што не постои меѓуетничка комуникација нормално е да се очекува висок степен на сегрегираност во просторот.

Вилсон и Хамер ја анализираат етничката резиденцијална сегрегација и нејзините последици за меѓучовечката комуникација во насока на одговорите на три прашања: склоноста на луѓето да живеат во сегрегирани населби, степенот на дискриминација и купувањето на станови во населби каде што доминира една етничка група,

односно дали постојат пречки при купување на станови на припадници на етничка група во делови каде што не се мнозинство или воопшто не се присутни. И најпосле дали може да се доведат во врска степенот на сегрегираност, квалитетот на живот и склоноста кон сегрегација. Степенот на сегрегираност укажува на реалната состојба, квалитетот на живот на економската состојба на луѓето, а склоноста за сегрегација е комплекс од многу фактори меѓу кои доминираат оние кои не мора да имаат врска со етничката припадност или економската моќ. Кога анализата на Wilson и Хаммер ќе ја ставиме во една рамка каде што јасно се препознаваат класните карактеристики на американското општество ќе се покаже дека постои висок степен на испреплетеност на класните и етничките фактори на сегрегацијата, или како е тоа констатирано во извештајот на Roy Elliot Curdiff, сегрегацијата произлегува од поделеноста на луѓето во општеството ..."се големи делови од градот да бидат подолго време „богати бели маала" и „сиромашни црни маала".

Во истражувањето на на расната и етничка сегрегација, од наведените трудови и многу други, некои од нив можеме да ги сретнеме и во македонски превод, почнувајќи уште од чикашките социолози, педесеттите и шеесеттите години во истражувањата на Оскар Луис, Херберт Ганс, Роберт Пал, кој говори на пример за руралното во урбаната средина и за урбаното во руралната средина, споменатиот Роберт Вилсон кој говори за градот – „како природно место за човекот од Запад", Wiliam Flanagan, кој говори за градот како мозаик на изолирани социјални и морални светови и за новите етнички групи, или пак за Розмари Мелор за градот како огледало на класната структура, или пак за Кингсли Дејвис, за градот како лежиште на злото, но и на прогресот, може да препознаат неколку теоретски гледишта во објаснувањето на расната и етничка сегрегација, со напомена дека многу трудови, кој се главно емпириски фундирани многу и не се внимава на доследноста на теоретска позиција (Ацески, И., 1996).

Првото гледиште расната сегрегација ја објаснува како природен феномен, имено според ова гледиште луѓето имаат вродени склоности кон оние кои ги перцепираат како слични на себе, а рас-

ната сегрегација и стратификација е начин како да се прикажат разликите. Гетоизацијата во просторот е нормална појава. Критиките на ова гледиште се насочени кон занемарувањето на социјалните фактори при формирањето на расната и етничката диференцијација и сегрегација во просторот.

Второто гледиште ја истакнува социјалната димензија на расната и етничката диференцијација и сегрегација, кои се продукт на социјализацијата, дека ставовите за расните и етничките разлики се учат уште во најраната возраст. На ова гледиште се упатени многу критики.

Третото гледиште е развивано во рамките на теоријата на конфликтот, во натпреварот за освојување на ретките ресурси, и во тој контекст расните и етничките разлики се земаат како доволен аргумент за оправданоста за постоење на тие разлики.

Промените на расната и етничката структура на 21-от век сигурно дека ќе го изменат она што се смета за американска култура. Но како што сметаат голем дел од американските социолози, врз основа на истражувањето на минатото и сегашноста, Америка би требало да ја гледаме повеќе како „казан кој врие" отколку како казан за топење или за салата. Каква навистина ќе биде иднината на американското општество, од аспект на етничките и расните односи, дали ќе биде доволно хармонично и каде ќе се почитуваат разликите или ќе се претвори во полигон на расни и етнички антагонизми, нема одговори кај американските социолози, и колку Охридски договори ќе им требаат, можеби илјадници, да формираат нормална заедница.

## Користена литература:


1. Ацески, Илија, 1996, Социологија на градот, (хрестоматија) Скопје
2. Ацески, Илија, 2002, Човекот и градот, Филозофски факултет, Скопје
3. Cunduff E. Roy, Using Geographic Information Systems to Measure Segregation in U. S. Metropolitan Area, file\; A:/Segregation.htm
4. Darden, T. Joe, Blacks and Other Racial Minorities: The Significance of Colour in Inequality, Institute for Social Science Research, Volume. IV The Conference on Comparative Ethnicity: The Conference Papers , June 1988, University of California, Los Angeles
5. Wilson, D. Franklin, Hammer, B. Roger, Ethnic Residential Segregation and Its Consequences, CDE Working Paper No.97-18
6. Fosset, A. Mark, Racial Preferences and Racial Residential Segregation: A Theoretical Analysis, Department of Sociology and Racial and Ethnic Studies Institute Texas A&M University College Station, Texas, January 1999
7. Harris R. David,. 1999, "Property Values Drop When Blacks Move In "Racial and Socio-economic Determinants of Neigbourhood Desirability, ASR, Vol.64, June 461-479
8. Kaplan, H. David, Holloway, R. Steven, 2000, Contingency and Segregation: Making Sense of a Global Phenomenon, Paper prepared for the Urban Affairs Association Conference, Los Angeles , California 2000.
9. Мариновиќ–Узелац, А., 1978, Социјални простор града, СНЛ, Загреб
10. Чалдаревиќ, О., 1985, Урбана социологија, социјална теорија и урбано питање, Глобус, Загреб

# ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ ВО УРБАНИОТ ПРОСТОР

## Вовед

Во градот населението секогаш било просторно поделено како во однос на етничката, расната или религиската припадност, така и во однос на класната и социо-професионалната положба во општеството (Мариновиќ-Узелац, А., 1978). Етничкиот состав на населението во градот влијае врз неговата топографија, односно градот добива форма на територијална сегрегација каде што секоја посебна етничка група или целосно или претежно се населува на еден дел од градот. Етничката сегрегација настанува како резултат на повеќе фактори, меѓу кои како најзначајни се сметаат етничко-расниот судир, разликите во културата, начинот на живот, религијата, поделеноста на населението во однос на автохтоноста и доселеноста, што најчесто влијае врз правото на користење на просторот и во рамките на една етничка група (J. Douglas Porteous, 1977, p. 278-288, Robert Wilson, David A. Schultz, 1972, p. 262-272).

Во градовите од периодот на средниот век е забележана изразито голема поделеност на луѓето во однос на етничката и религиозната припадност (Сјоберг, Г., 1948). Тоа особено е присутно во просторот на градовите кои се развивале на Балканскиот Полуостров каде што и денес се задржале некои елементи на таа поделеност (Зиков, М., 1975, Ацески, И., 1987).

Историјата на развојот на градовите со повеќеетнички состав на населението е исполнета со внатрешни судири за освојување на поповолна позиција во просторот на градот (еколошка, одбранбена и сл.) и скоро секогаш е во функција на доминација на една етничка група над останатите кои живеат на еден заеднички простор.

За модерниот град просторната сегрегација е „своевиден израз на класно-слојната и етничко-расната диференцијација на општес-

твениот простор". Причините за етничката поделеност во просторот на модерниот град, од една страна, се длабоко инспирирани од етносот, религијата и културата на живеење, од друга се социјално детерминирани и се јавуваат како директна последица на класната поделеност. Класната, етничката и религиозната поделеност во просторот на градот најчесто се испреплетени и меѓусебе условени, без разлика дали станува збор за средновековниот или модерниот град (Wirth, 1980, Шијаковиќ–Благојевиќ, Марина, 1985).

Сегрегацијата на општествените групи, во суштина, претставува „територијализација на општествените нееднаквости". Етничките (малцинските) групи во исто време се и најсегрегирани и најсиромашни. Во модерниот град, сите групи кои се социјално депривилегирани формираат посебни населби–сламови. Сламот претставува тип на класен зонинг. Гетото е ментална категорија, начин на живот, свет за себе. Кога постои гетоизација на животот значи дека во општеството постои длабоко пореметување на односите меѓу „малцинските" и „мнозинските" групи. За Луис Вирт, гетото претставува „физички симбол на морална изолација", а градот „мозаик на различно морално издвоени ставови" (Wirth, L., 1980, p. 30).

Кога еден дел од градот, во исто време претставува и слам и гето (сламот како опасно место за здравјето на луѓето, и гетото како состојба на свеста), тогаш, се соочуваме со феномен кој во социологијата е познат како „култура на сиромаштијата", кој по Оскар Луис во „исто време е и реакција и адаптација на маргиналната позиција во класното општество, но и свест за немоќта за излез од неа" (Lewis, Oscar, 1985).

Кога еднаш ќе се појави сиромаштијата, таа тежнее кон сопственото овековечување, пренесувајќи се од генерација на генерација. „На возраст од шест или седум години, децата од сламот веќе ја апсорбираат основната вредност и ставовите на сопствената субклултура, и не се психолошки подготвени да ги искористат условите кои се менуваат или можностите кои можат да им се укажат во животот", смета Луис. „Културата на сиромаштијата" најчесто доаѓа до израз во пеиодот кога еден општествен систем се заменува со друг,

за време на динамични промени во начинот на производството на материјалните добра.

Според Оскар Луис, едно од основните карактеристики на културата на сиромаштијата е недостиг на вистинско учество и интеграција на сиромашните во институциите на глобалното општество.

На ниво на местото (населбата) каде што живеат, сироамшните најчесто се соочуваат со лоши станбени услови, пренаселеност и минимум организација надвор од кругот на семејството.

Оскар Луис дошол до сознание дека во семејството на сиромашните најчесто доаѓа до отсуство на детството како „продолжен и заштитен степен на животниот циклус, прерано воведување во сексот, слободен брак, висок степен на зачестеност на напуштање на семејството од страна на мажите, силна предиспозиција за авторитарност, недостаток на приватност и сл." (Leh, Mruz, 1985).

Кога сиромаштијата се посматра на индивидуално ниво, за Оскар Луис основните карактеристики на културата на сиромаштијата се: силно чувство на маргиналност, беспомошност, зависност и инфериорност. Овие карактеристики тој ги забележал во истражувањата кои ги реализирал во Мексико Сити и Сан Хуан, во населби кои не се формирани од една расна или етничка група и кои не се резултат на расна дискриминација. Она што особено ја карактеризира „културата на сиромашните" е ниското ниво на аспирации кое помага да се редуцираат фрустрациите.

Теоријата на „културата на сиромаштијата" наидува на остри критики. Истражувањата на Кенет Литл (Kenneth Little) на градовите во Западна Африка не ги потврдуваат сознанијата на Оскар Луис, исто така и истражувањата во Перу, на примерот на сиромашните квартови кои ги опколуваат големите градови. Жителите на овие квартови покажуваат способност за јавна иницијатива, самопомош и организација на месните заедници (Хараламбос, 1989).

Втората сериозна критичка забелешка на теоријата на „културата на сиромаштијата", се однесува на „саморепродукција на соромаштијата", односно кога еднаш ќе заживее супкултурата на сиромашните дека ќе почне да живее со сопствен живот (Вилјем Рајан, 1975).

„Аргументот на 'силата на околностите' упатува на заклучокот, како што смета Хараламбос, дека сиромашните подготвено би го промениле своето однесување како реакција на нова низа на околности, штом ќе се отстрани принудата на сиромаштијата“ (Хараламбос, 1989, стр. 158).

## Случајот Топаана-социолошки и урбанистички аспект

Сламот може да биде предмет на проучување од социолошки и урбанистички аспект. Социолошкиот аспект главно се задржува на начинот на живот и карактеристиките на населението, а урбанистичкиот аспект главно се однесува на условите на живеење, квалитетот на станбениот фонд, условите на ниво на населба и сл.

Во истражувањето на сиромаштијата, препознатливи се два пристапи: првиот, главно се развива како „метод“ на објективно мерење на распространетоста на сиромаштијата, на определување на „линијата или границата на сиромаштијата“, и вториот пристап се однесува на испитувањето на социопсихолошките карактеристики на индивидуалниот и групниот живот во услови на сиромаштија (Радовановиќ, М., 1983).

Истражувањето на Топаана главно се однесува на урбанистичките и социолошките аспекти на животот. Топаана претставува едно од најголемите гета-сламови каде што живеат повеќе илјади Роми. Населбата е лоцирана во центарот на градот Скопје. Главно се формира по земјотресот од 1963 година, како „спонтана“ реакција на „обновата“ на разурнатиот град.

Истражувањето на Топаана е реализирано во периодот март 1990 до март 1993 година. Во него се опфатени околу стотина семејства, од кои за десетина се изработени монографски студии, во кои се опфатени скоро сите димензии на животот: од опременост на домаќинствата со елементи на животниот стандард до начинот на задоволување на културните потреби, неформалните контакти, религиозноста и сл.

Пред да поминеме на изложување на дел од резултатите од истражувањето, накратко ќе укажеме на некои поважни социодемографски и просторни карактеристики на населбата.

Во почетокот на 1990 година на просторот на Топаана се регистрирани 636 домаќинства, со 3131 жители, од кои 41,8% се деца, 10,8% се вработени, а 47,2% се издржувани лица. Просечниот број на членови по домаќинство изнесува 4,9 а густината на населеност 295 жители на квадратен километар. Тоа говори за висока густина на населеност и натпросечен број членови по домаќинство.

Најголем дел од станбените живеалишта во Топаана се неоформени, што значи дека им недостига по нешто (или скоро с") од главните елементи што го формираат едно човечко живеалиште. Од вкупно 557 станбени објекти (според Законот за урбанизам и архитектура во Скопје), 376 се неоформени живеалишта, скоро секој трет од нив се „едноособни" (чисто само со врата и прозор или без прозор), а 14,4% гарсоњери (што е неразбирливо што под тоа се подразбира). Тоа се карактеристики на оние што се „оформени" како живеалишта, а „неоформените" не се земени во анализата на градските институции за планирање, тие едноставно „не постојат". Најголем дел од „станбените објекти" се приземни, скоро 92% од вкупниот број, а скоро половина од нив се високи најмногу до 3,5 метри. Над 80% од објектите се наоѓаат во многу лоша сосотојба, а за нив не постои друг начин да се подобрат условите за живот освен да бидат отстранети и на нивно место изградени други, похигиенски живеалишта. Најголем дел од нив се изградени од слабо отпорен материјал (непечена цигла, картони, лим и сл.).

Топаана претставува етнички хомогена населба, населба на Роми. Таа во една социопсихолошка смисла претставува периферија, иако во просторна смисла се наоѓа во неговото централно подрачје. Состојбите во Топаана, во секој поглед, говорат за тоа дека тука владее една тотална сиромаштија на населението и тотална урбанистичка запуштесност. И колку јазикот на урбанистите кои се обиделе да ја опишат Топаана се чини дека е јасен, сепак, за да се опише она што егзистира во нејзините граници е многу тешко и бара многу повеќе информации и знаење.

Нашата цел не е сиромаштијата да ја анализираме во нејзиниот тоталитет, но би било недоволно само да останеме на препознатливите карактеристики, на просторот и општеството.

Една од суштинските страни на животот во овие населби е фактот што голем број од луѓето имаат чувство на илегалност. „Најголем дел од живеалиштата се изградени на „ничија земја", што внесува голема неизвесност за луѓето кои се наоѓаат во таа ситуација. Куќите, според анкетните истражувања, најчесто се градени набрзина (ден–два најмногу), а вселувањето во нив е извршено веднаш по завршувањето на изградбата. Локациите за градба (изградениот простор и дворот) во најголем дел не изнесува повеќе од 50 $м^2$. Скоро сите објекти се зафатени со влага, а кај еден поголем дел (околу 40%) нејзиното присуство, според изјавите на оние кои живеат во нив, животот го прави неподносливо тежок. Опременоста на домаќинствата е „релативно добра". Скоро сите имаат шпорети на дрва или струја, телевизор, а некои домаќинства се модерно опремени. Од останатите индикатори на квалитетот на живот, кој се вградува во сферата на основните физички потреби, посебно е интересно да укажеме на квалитетот на исхраната и квалитетот на здравјето и здравствената услуга. Скоро 90% од анкетираните изјавиле дека имаат тешкотии со подмирување на трошоците за прехрана. Повеќе од 2/3 од испитаниците изјавиле дека често се чувствувале уморни, дека наутро тешко стануваат, дека преку денот исто така се чувствуваат уморни, а навечер нерасположени и тажни. Само 17% сопствената здравствена состојба ја оценуваат за „добра", а повеќе од половината за „лоша или многу лоша".

Анализата на животот во Топаана не би била целосна ако не укажеме и на некои аспекти на задоволување на културните потреби, слободното време и неформалните односи. Најголем дел од населението има завршено најмногу четиригодишно основно училиште. „Културата на жителите на Топаана" просторно е во границите на населбата, а општествено во рамките на соседството, гледање телевизија и посета на пријателите, кои најчесто живеат во населбата. Скоро 90% од вкупно тринаесет активности за кои беа добиени податоци, единаесет никогаш не се практикувани, освен посета на соседите и гледање телевизија. Приближно еднаков процент е забележан и во однос на посетата на некои институции. Најголемиот дел од лу-

ѓето од Топаана никогаш не посетиле некоја институција, како што е банка, кино, театар и сл. За разлика од отсуството на интеграција на институциите на системот, забележани се интензивни меѓусоседски односи. Скоро половина од испитаниците секој ден меѓусебно се посетуваат, а сосема мал дел тоа го прават поретко, еднаш или двапати во неделата. Во суштина Топаана е една соседска единица каде што животот се сведува во интензивни односи. Дури 25% од нашите испитаници никогаш не ја напуштаат населбата.

На прашањето „Со кого најчесто се дружите", 80% одговориле дека нивните пријатели живеат во населбата, имаат слично занимање, повеќе од 1/3 се во роднински врски, и работат во иста работна организација, и скоро сите се Роми. Најголем дел од населението (повеќе од 2/3 од анкетираните) на прашањето „Дали би ја напуштиле населбата кога би имале можност и би се преселиле во друг град", одговориле дека не сакаат да се селат од населбата, а кога би морале да се селат, скоро исто толкав процент би сакале да се населат во непосредна близина на Топаана.

Уште еден факт добиен од истражувањето говори за длабочината на проблемот на гетото Топаана: скоро 2/3 не веруваат дека во блиска иднина може да започне процес на реконструкција на населбата. Чувството на маргиналност, беспомошност, инфериорност се манифестираат и во однос на верувањето за излез од оваа тешка материјална и духовна сиромаштија.

Анкетното истражување во целина ги оправда нашите настојувања да дојдеме до „општата претстава" за просторот и општеството во Топаана. Се разбира дека анкетните истражувања не се доволни за да се добие „вистинската претстава" за животот во Топаана, и најчесто тие се сведуваат на операција која статистички се обидува да ја „рационализира хаотичната состојба на сиромашните".

## Случајот со четирите домаќинства во Топаана

И колку анкетното истражување на објективен начин да ја покажува состојбата во Топаана, сепак без монографската анализа на

десетината домаќинства, претставата за животот во неа не би била ни приближно доволна за остварување на поставените цели на анализата. Во оваа прилика, изнесуваме само дел од истражувачкиот материјал за четири типични домаќинства во Топаана.

Домаќинството на С.А. го сочинуваат петнаесет членови и четири семејства. Деца до седум години има три. Ниедно дете кое наполнило 15 години не посетувало и не посетува основно училиште. Таткото (најстариот член во семејството) кој починал пред повеќе години го сметале за глава на домаќинството и неговото место останало празно. Во домаќинството има и кривично казнувани членови, најчесто за кражби. Алкохоличари нема, но немаат пари за ракија. Децата, често ги тераат да питачат. Често има караници во куќата, а не знаат зошто. Ниеден член од возрасните нема редовна работа и обично заработуваат како носачи на Бит-пазар или на железничката станица. Немаат претстава за тоа колку трошат и колку заработуваат. Сè што ќе заработат веднаш се троши за исхрана. Куќата во која живеат е купена пред повеќе од 20 години, но немаат никаков документ за тоа. Навистина е необично како живеат во неа. Таа нема повеќе од 20 м$^2$, со една настрешница, прозорците се со најлон. До неа имало уште една соба, но како што ни објасни еден од постарите членови, зимата се урнала од снегот и после тоа не успеале да ја поправат. Подот е од земја, а внатре освен постелнина која беше ставена на подот, и еден шпорет на дрва, со тепсија на средината и неколку лажици, друг прибор не забележавме. Дрва за огрев собираат од околината. Најчесто облеката и обувките ги „набавуваат“ од кантите за ѓубре. Жените често одат на Бит -пазар да соберат нешто што останало расфрлано околу тезгите, од што приготвуваат чорба или нешто слично. Сите се чувствуваат гладни и често се случува да немаат што да јадат. Не поседуваат ни телевизија ни радио и не чувствуваат потреба за тоа.

Децата се запоставени и често ги тепаат. Двете најмали деца се парализирани, а постарите членови на домаќинството скоро сите се болни од астма, болки во градите, ревматизам. Со соседите имаат добри односи и поради тоа, што како што рече еден од постарите

членови, еден од соседите им овозможил да приклучат една сијалица за струја, со што животот им станал подобар. Во населбата не им пречи ништо. И жалат за тоа што немаат барем уште една соба, зашто кога се сите дома, навечер не можат да легнат за спиење. Некои спијат преку ден. За тоа дали некој ги нарекува Роми или Цигани многу не обрнуваат внимание. Најголема неправда за нив е што немаат никакви услови за живот, немаат никаква егзистенција, немаат од што да живеат. Ова домаќинство навистина се наоѓа на дното на животот.

Домаќинството на Н. Х. Мажот пред неколку години го напуштил семејството. Често во семејството се присутни караници и тепачки. Тоа како што смета домаќинката настанува поради сиромаштијата. Примаат некој вид помош, која ја трошат исклучиво за храна. Куќата која е купена од приватно лице има две соби. Едната соба има а другата нема прозорец. Целата куќа е влажна од подот до таванот. Пред некоја година во дворот (пред куќата) донеле вода, а струја имаат од порано. Куќата се наоѓа на прометната улица, и меѓу неа и улицата нема ни еден метар растојание, затоа и не излегуваат надвор, иако им е тешко да седат внатре поради влажноста и миризбата. Сите боледуваат од некоја болест.

Домаќинството како што смета домаќинката е солидно опремено, има облека за сите, исто така и обувки. Од приложеното мени за претходната недела се гледа дека пристојно се хранат (чај, млеко, грав, ѓувеч, компир). Освен што гледаат телевизија и слушаат радио и не практикуваат ништо од т.н. сфера на културни потреби. Домаќинката смета дека невестата треба да се купува за пари. Најубаво е кога се прави свадба и таа традиција треба да се почитува. Животот нема смисла ако нема пари. Ниеден од возрасните членови не верува во задгробен живот, како што вели еден од постарите. Со соседите се во добри односи, често се посетуваат и си помагаат. Убедени се дека нивната населба не е лоша, постојат и други населби во кои се живее полошо. Кога би имале можност би се преселиле и во стан, но тој да се наоѓа на првиот или вториот кат. „Еднаш во денот да се качиш и слезеш, ќе речеш дека подобро е во нашите куќички“, смета домаќинката. Повеќе би сакале да ги нарекуваат Роми, одошто Цигани.

Домаќинството на И. И. Мажот работи како бравар, а жената е домаќинка. Имаат само едно дете, кое единствено преживеало од неколкуте кои им се родиле во текот на нивното заедничко живеење. Питачењето го сметаат за карактеристика на чергарите. Пари немаат заштедено, а целокупната заработувачка веднаш ја трошат за храна. Куќата ја купиле, но немаат никаков документ за сопственост. Таа има околу 25 $м^2$ и е без двор. Надворешната врата директно излегува на улица. Во неа има струја и вода. Во собата има два кауча. Преку денот во неа ретко престојуваат, зашто влагата и смрдеата тешко се поднесуваат. Домаќинството е доволно опремено со прибор за јадење, постелнина, обувки и облека. Обично јадат два пати во денот, а храната ја сочинуваат неколку продукти (грав, ориз и компир). Домаќинката смета дека мажот треба да плати за жената, таков бил и таков треба да остане обичајот. Сите членови се религиозни. Ги празнуваат Ѓурѓовден и Бајрам. За време на празниците имаат богата трпеза. За нив, како што велат, животот нема смисла, сите боледуваат од нешто. Не сакаат да ги нарекуваат Цигани зашто тоа ги навредува. Кога ќе ги наречат Роми, тоа „звучи покултурно". Со сите сакаат да се дружат, но не и со Албанците. Ромите треба да бидат рамноправни со сите други луѓе, но тие, како што смета домаќинот, се навредувани и никој не се грижи за нив, не примаат никаква помош. За нивната населба сметаат дека е најнечистата и најзапоставената населба во Скопје и нема иднина. Тие се осудени да живеат во неа.

Домаќинството на Џ. А. Брачниот пар Џ. А. има осум деца, четири машки и четири женски. Сите се мажени и женети. Од нив шест се на работа во Германија, а две, најмалото и најстарото, живеат во заедница со родителите. Во куќата на Џ. А., живеат пет членови: родителите, парализираната внука и најмалиот син со сопругата. Сите се издржуваат од пензијата на домаќинот која е нешто помала од просечната плата и од парите што ги добива како помош за парализираната внука. Во домаќинството не постојат караници, хармонијата ја сметаат за најважна работа. Никогаш нивните деца не проселе. Куќата во која живеат е купена уште во 1949 година од човекот кој не им дал никаков документ. Таа повеќе личи на колиба, со една соба 4x5

метри, со една доградба, нешто слично како претсобје и настрешница. Уште на влезот се чувствува непријатна миризба, што е последица на влагата која ја има од темелите до таванот. Подот е од земја, покриена е со картони и еден вид плетена черга. Во претсобјето-настрешницата има спроведено вода и канализација која сами ја изградиле. Домаќинството е опремено со шпорет на дрва, струја и телевизор во боја, кој го донеле синовите од Германија. Во собата нема кревети, столови или маса: се пие, јаде или седи на подот. Најголем дел од времето го поминуваат надвор, во малиот двор, или седат пред влезот до кој се наоѓа, на два-три метра, полски клозет. Во непосредна близина на нивната куќа купиле друга куќа со парите кои ги испратиле синовите од Германија. Семејството на Џ. А. е задоволно од животот. На прашањата одговараат главно воопштено, веруваат дека еден ден ќе се извлечат од лошите услови. Помошта која ја добиваат од синовите кои работаат во Германија ја сметаат доволна за еден нормален живот.

Што покажа истражувањето на Топаана, едно од најголемите ромски гета во Скопје?

Во Топаана се присутни сите социолошки, културолошки и урбанистички карактеристики кои формираат една населба-слам-гето. Населбата е целосно запуштена, без елементарни станбени услови и инфраструктурна опрема. Таа претставува затворен свет на Ромите, самодоволна и изолирана заедница на луѓе кои престанале да се надеваат, кои очајуваат.

Прво, живеат во една полулегална состојба, најчесто на „ничија земја", во супстандардни услови, во целосна материјална и морална сиромаштија. (На пример, скоро половината од домаќинствата (1991 г.) немаат ниеден редовно вработен член, а 1994 година скоро 2/3 не знаат чие е земјиштето на кое изградиле живеалиште, најголем дел од куќите се изградени од отпаден материјал и сл.).

Второ, истражувањето покажа дека луѓето од Топаана не ги користат јавните институции, освен кога се принудени и не партиципираат во јавниот живот. За најголемиот дел животот почнува и завршува во населбата, во соседството, во заедничките свечености (свад-

би, празници и сл.). Луѓето од Топаана не сакаат да ја напуштат населбата, да се преселат на друго место и под претпоставка дека ќе се подобрат условите за живот. Само мал дел се убедени дека во населбата ќе се подобрат условите за живот.

Трето, Топаана е етничка заедница на луѓе кои „доброволно" ги прифатиле условите за живот. Во неа е присутен висок степен на солидарност. Кога животот се посматра „одвнатре" се покажува дека постои висок степен на задоволство, но не поради тоа што се убедени дека може да биде уште полошо, туку едноставно што сите се заедно и на едно место и што сите се еднакви меѓу себе.

Четврто, дали е можно, и ако е можно, на кој начин може да се „подобри" животот во Топаана? Дали „подобрувањето" на животот ќе значи уништување на ромскиот начин на живот, култура, обичаи?

Постојат две насоки на размислување: првата која почнува и завршува со моралната осуда на општеството и политиката која овозможува формирање и постоење на овие населби, без разлика на тоа дали „ромскиот стил на живот" е специфичен или не, дали е можен некој друг начин или не, и, втората насока, која произлегува од „објективните околности" кои нужно ги продуцираат населбите од типот на Топаана, но и нужно ги „штитат" спецификите на ромската култура. Урбаната политика најчесто е во „прилог" на зачувување на ромскиот етнос, оставајќи ги Ромите „самите на себе".

Истражувањето на Топаана постави неколку прашања за дискусија. а) За мнозинството, луѓето од Топаана се „обвинети за жртви", само поради тоа што живеат на таков начин и во апсолутна сиромаштија. Виновни се самите, зашто не сакаат да живеат на поинаков начин! Создадена е состојба на „етничка дистанца" што за резултат ја има целосната изолација на Ромите во просторот. б) Дали е можна реконструкција на населбите од овој тип, а да не се доведе во прашање „културниот идентитет" на овие луѓе? Кај луѓето од Топаана постои свест за тоа дека многу повеќе ќе изгубат ако бидат раселени во урбанизираните населби. в) Дали е можен „етнички соживот" со луѓе кои се целосно деградирани и се на дното од општествената скала? За луѓето од Топаана постојат „тие" и „ние", како што за луѓето

надвор од Топаана постојат „наши“ и „туѓи“. Етничката дистанца меѓу Ромите од Топаана и оние другите е тотална. г) Случајот Топаана во себе содржи едно од фундаменталните прашања кога говориме за „културниот плурализам“ и општествената дезинтеграција, а тоа е прашање за суштината на етничките разлики кои се „материјализираат“ во просторот и се стремат во насока на гетоизација на животот. „Просторниот израз“ е само резултат на разликите кои реално постојат меѓу етничката (малцинска) и мнозинската (доминантна) група.

Резултатите од досегашните истражувања, на примерот на Скопје, говорат дека не постои доволен минимум на интегративна супстанца меѓу малцинските групи и мнозинската група, меѓу припадниците на различните религиски групи. Највпечатлив израз на тоа е гетоизацијата на животот кој, внатре во групата предизвикува висок степен на интеграција, но во однос на пошироката заедница предизвикува дезинтеграција и распаѓање на општествените институции. д) Дали е можна урбанистичка интервенција која би била во функција на општествената интеграција и провокација на повисок степен на меѓуетничка комуникација? Ако одговорот е позитивен, признаваме дека е можен „архитектонски детерминизам“ (последица се односите меѓу луѓето), а ако не, тогаш мораме одговорот да го бараме на друго место. Но сè дотогаш додека се издвојуваат само врз основа на религиските и етничките белези „културниот плурализам“ ја дезинтегрира заедницата“.

**Користена литература:**


1. Ацески, Илија, (1987), Социолошки аспекти станбене мизерије (на примеру града Скопља)
2. Ѓуриќ, Рајко, (1985), Ромска заједница, „„Култура“, бр. 71
3. Лех, Мруз, (1985), *Ознака етничке дистанце*, „„Култура“, бр. 71
4. Вилјем, Рајан, (1985), Како оквирите жртве, „„Култура“, бр. 71

5. Louis, Wirth, (1980), Le Ghetto, Presses Universitaires de Grenoble

6. Lewis, Oscar, (1969), A Death in the Sanchez Family, New Yorkk, Randon House

7. Мариновиќ-Узелац, Анте, (1978), *Социјални простор града*, СНЛ, Загреб

8. Oscar, Luis, (1985), Култура беде, „Култура“, бр. 71

Robert, Wilson, David A. Schultz (1972), Urban Sociology, Prentice Hall International, London

9. Радовановиќ, М., (1983), Има ли места социологије беде и пауперизације у савременом ЈУ-друштву, Зборник Филозофског факултета, Београд, књ. XIII

10. Радовановиќ, М., (1974), Социолошко-антрополошко проучавање „„културе беде“ у савременој граѓанској социологији и антропологији, „Социологија“, бр. 2, Београд

11. Предлог-нацрт на деталниот урбанистички план за локалитетот „Стара Топаана“, 1990, Завод за урбанизам и архитектура, Скопје

12. Sjoberg, G., (1960), *The Preindustrial City,* New York, MacMillan

13. Хараламбос, М., (1989), *Увод у социологију*, Глобус, Загреб

14. Зиков, М., (1975), Урбанизација као процес преображаја простора СР Македоније и класификација урбаних насеља, Архитектонски факултет Свеучилишта у Загребу (магистерски рад)

15. Шијаковиќ-Благојевиќ, Марина, (1985), Урбана сегрегација: слам и гето, „Култура“, бр. 71

## ОД УРБАНА ЦИВИЛИЗАЦИЈА ДО ГУБЕЊЕ НА ИНДИВИДУАТА

Кога се говори за градот во социјализмот, треба да се има предвид значењето на поимот „социјализам" кој неспоредливо е попроблематичен од поимот „капитализам". Лефевр, на пример, смета дека капитализмот дури во XX век создава простор кој одговара на неговата суштина, што значи по неколку столетија од неговата појава на историската сцена. Социјализмот уште не е дефинитивно конституиран како општествено-политички систем. Во оваа смисла нужно се наметнува потребата кога говориме за градот во социјализмот да се укаже на фактот дека социјализмот нема создадено сопствена основа (во политиката, економијата и културата) врз која ќе може да создава простор, а со тоа и урбан простор.

Што претставува градот во социјалистичкото општество, или што е тоа „социјалистички град" која е таа „нова просторна стимулација на целокупниот општествен прогрес" останува нејасно. Повеќето автори денес ја отфрлаат тезата дека градот со самото тоа што се развива во услови на изградба на социјалистички општествени односи може да се нарече „социјалистички град". Социјалистичката урбана алтернатива останува вон доменот на сериозни теориски истражувања и многу повеќе се говори што треба да биде градот, каков урбанизам треба да практикува социјализмот, односно се поаѓа од ставот дека градот не е доволно социјалистички, дека не одговара на социјалистичката практика, на „поставените цели" и сл., што во голема мера е нормативистички пристап и малку кажува за суштината на „новата урбана форма". За градот многу малку се говори низ еден аналитички пристап, кој не започнува со чудење над бездната која постои меѓу идеалното и стварното на градовите во социјалистичките земји туку ги запознава и анализира стварните карактеристики на градовите и врши една компаративна анализа на основните карактеристики и ги потенцира нивните специфичности.

На прашањето дали социјализмот создава адекватна просторно–физичка структура врз прифатените принципи на изградбата на општеството, имајќи ја предвид објективната состојба на градовите одговорот е негативен.

Компаративната анализа на развојот на градовите во социјалистичките и капиталистичките земји покажува дека покрај разликите се присутни повеќе сличности. Градовите во социјалистичките земји се судруваат со слични проблеми како и градовите во капиталистичките земји: пренаселеност, концентрација на средства и капитал, недостаток на станови, социјална сегрегација во просторот и сл.

## Урбанизацијата и културата

Ако под поимот култура подразбереме збир на „сите материјални и духовни вредности процеси и промени и творби кои настанале како последица на материјални и духовни интервенции на човекот во природата, општеството и мислењето" тогаш оправдано се наметнува прашањето за односот на културата и градот. Денес урбаната цивилизација се наоѓа пред нови предизвици кои ги поставува развојот на производствената моќ на човекот, значајно да интервенира во природните законитости од една, но и на планот на глобалната организација на општествениот живот на човекот од друга страна.

Прашањето за човековиот индивидуален живот во системот на глобалната организација на големиот град, на преден план го проблематизира ангажманот на човекот како слободно суштество. Дали човековата творба како што е големиот град е по својата суштина античовечка и дали со претераната „рационалност" на човековиот живот која го зафаќа и секојдневието на човекот ги уништува оние основни карактеристики на градот низ историјата како место во кое човекот најпосле се нашол самиот себеси?

Дали градот и културата најпосле се разидуваат како две спротивставени појави, а културата е можна само како антиградска култура, култура која ги надминува сегашните објективни претпоставки на развој? Дали темпото на сегашниот развој на урбаната цивилизација

нема еден ден да доведе до состојба на потполно губење на индивидуата и го претвори човекот-поединец во момент, дел на големиот механизам кој ќе функционира по законите на една строга законитост?

Градот секогаш ја носел со себе противречната улога: максимална слобода на човекот но и максимално потчинување на неговите индивидуални особини. Градот денес ја задржал и моќта да го зголемува материјалното и духовното богатство на општеството. Историјата изобилува со примери, дека секоја цивилизација која не изградила позначајни урбани центри била осудена на пропаст и заборав, но и тоа дека често цивилизациите се загушувале и пропаѓале во „грандиозноста" на урбаниот развој. Градот секогаш ја носел со себе противречната улога да создава, но и да разрушува, и секогаш бил цел на разрушување. Тој секогаш го уништувал традиционалното наследство, а ги рационализирал сопствените културни можности, до степен кога таа иста рационалност за човекот губеле секоја смисла.

На прагот на XX век во западната мисла сè помалку се говори за „град", а сè повеќе се говори за „урбанизирано општество". Животот на човекот практично се остварува во потполно „вештачка природа". Човекот живее во симболички свет, свет на диригирана потрошувачка. Градот се претвора во „духовна гробница" на неговите историски стремежи дека живее во „центарот на настаните". Дали настапува разочарување на сопствената рационалност, која ја имаше за претпоставка темата, да се има што може повеќе материјални средства, значи да се биде вистински среќен? Човековото материјално богатство нужно е разнишано од помислата дека тој (човекот) почнува да го губи богатството што произлегува од природната нерасипана средина: чистиот воздух и чистата вода, од една, и помислата за неговите духовни потреби како помалку вредни, унифицирани и лажни. Проникнатоста на човековиот живот во институциите и во нивните идеолошки манипулации и пропагандни цели се повеќе е присутна во големите градови.

## Нова урбана политика

Денес сè повеќе се наметнува прашањето за создавање на една нова урбана политика која ќе воспостави вистински однос меѓу човекот–поединец и големиот град, организацијата на урбаниот систем, потребите на човекот и ќе го постави прашањето за смислата на понатамошниот развој на големите градови. Во таа смисла, мора да се трага по нови сили кои ќе ја формираат урбаната стварност, сили надвор од економските законитости кои единствено го признаваат материјалниот раст за вистински резултат на општествениот и човечкиот развој. Социјализмот се уште ја има таа историска можност да создава поинакви човечки живеалишта од оние кои ги познава историјата: можеби не нови по надворешниот изглед или распоред на физичките елементи во просторот или функционалноста, туку по организацијата на општеството и задоволувањето на културните потреби, слободното време и сл. Вредноста на градот не е во физичката структура што најчесто погрешно се смета, туку во задоволството од животот, во остварување на човековите потенцијали на слободно суштество.

*(1989)*

# Четврт дел

- Екологија, средина, социјални промени
- Еколошка криза и модерно општество
- Нова еколошка парадигма
- Сиромаштијата и уништувањето на средината
- Плитка и длабока екологија
- Екоцентризам, антропоцентризам, био–центрична етика
- Еколошка глобализација
- Грижа за околината и социјалната наука
- Социјалната теорија и околината
- Еколошки ризик

# ЕКОЛОГИЈАТА, СРЕДИНАТА И СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОМЕНИ

## Вовед. Размислувања за околината

Уште Аристотел размислувал за опстанокот на човекот, но, како што вели тој „со одредена доза на добар живот" кој би бил овозможен од институции што тој би ги создал. Денес, по скоро два и пол милениуми, бројот на оние кои го поставуваат истото прашање е многу голем и практично не постои ниедна област на човековото теоретско и практично дејствување, која барем со еден дел од нејзината активност не се занимава со прашања кои се поврзани, директно или индиректно, со проблемите на животната средина.

Состојбата на животната средина драматично се менува во последните неколку столетија, особено во последните неколку децении, предизвикана од уништувањето на шумите, истенчувањето на озонската обвивка, покачувањето на нивото на јагленородниот моноксид во атмосферата, загадувањето на водите и воздухот, што сериозно го доведува во прашање не само опстанокот на многу животински и растителни видови туку и опстанокот на животот и планетата Земја воопшто, а со тоа се разбра и на самиот човек. (Delort and Walter, 2002). Англискиот филозоф Френсис Бекон (Francis Bacon) во почетокот на 17 век, на синтетички начин ќе ги изложи идеите за власта на човекот врз природата. Имено, Бекон се залага за формирање на човечка заедница која би требало да го реализира поврзувањето на експерименталните и рационалните методи. Развојот на техниката е патот по кој човекот треба да се движи и пат кој човекот ќе го направи да биде сличен на Бог. Во неговото дело „Нова Атлантида" антиципирал многу методи што подоцна ќе доживеат практична реализација.

Бекон, а подоцна и многу други кои ја прифаќаат оваа механичка парадигма, светот и природата ги разбираат како голем механизам што функционира по механичко- физички закони. Основно за овој поглед на

свет е тоа што природата се разбира како збир на квантитативни објекти што се движат по законите на механиката кои немаат цел и смисла.

Човековата безгранична вера во науката и технилогијата сѐуште, и на почетокот на 21-от век, го детерминира неговото практично однесување и ја определува неговата свест и вредности. Бекониовит став дека „знаењето е моќ" суштински го предвидел односот на човекот кон природата. Тој став сѐ уште силно го мотивира неговото однесување кон сѐ она што не е човечко и кое, според неговото убедување, не е во доменот на моралните норми, а може да биде предмет на искористување и уништување. Колку е во право познатиот американски мислител кога вели дека „ние сѐ уште живееме под знакот на њутоновската механичка парадигма" не е тешко да се согласиме и да го прифатиме, имајќи ја пред себе денешната состојбата на животната средина, предизвикана пред сѐ од деструктивните активности на човекот ,кои не се ограничуваат само на локално ниво, туку ја зафаќаат Земјата како целина. Пред сѐ се мисли на последици што се резултат на глобалното затоплување, ефектите предизвикани од феноменот стаклената градина,загадувањето на океаните и друго (Рифкин,1986: 4). Основата на тој поглед на свет, кој е во темелите на западната филозофија, во суштина ја нагласува човековата желба да се владее со природата и преку нејзиното искористување да се зајакнува неговата моќ, поглед на свет кој скоро и да не се сретнува во другите, незападни земји, за кои е карактеристично учење или учења кои проповедаат љубов кон природата, а не разбирање на природата како слугинка на човекот и извор на неговата моќ.

Скоро и да не постои сериозен мислител на 20 век, кој не го критикува разбирањето на природата само како извор на добра и услуги за човекот, како нешто што колку повеќе човекот го искористува и менува, во тој степен тоа го води (човекот) кон неговата среќа како крајна цел кон која се движи. Според оваа прадигма човекот тоа може да го оствари само ако натрупува што е можно повеќе материјално богаство, како што забележа уште познатиот филозоф Џон Лок. Во овој контекст да го спомeнеме и еден од претставниците на класичната политичка економија Адам Смит, кој смета дека човековата

преокупација во животот е главно мотивирана за неограничено стекнување на материјално богатство. Во економската анализа, тој го напушта поимот на моралност и го нагласува човековиот егоизам во однос на природата. Во деветнаесетиот век, развојот на идејата за потчинување на природата, но и нејзината реализација, ја доживува својата кулминација. Се живее со уверувањето дека човекот најпосле може да се ослободи од канџите на природата. Во времето на Смит се појавува либералниот економски модел, за кој долго време постоеше убедување дека е најдобриот модел што го измислил човекот и според кој општествениот систем најдобро може да функционира. Имено, станува збор за економија што е автономна во однос на природата, а пазарот е тој што го трасира целокупниот развој и претставува невидливата рака на општествената хармонија. Во тој контекст, основачите на марксистичкиот поглед на свет Макс и Енгелс, во нивното дело „Комунистичкиот манифест" (1848), ги констатираат заслугите на буржоаското општество што создало производни сили кои се побројни и поголеми од сè она што пред него го создале сите генерации заедно.

Развојот на науката се движи паралелно со оптимизмот и верувањето во техничко-технолошки прогрес се до 60-тите години на минатиот век, кога, основите на антропоцентризмот, гледиште според кое човекот е во центарот на светот, за првпат беа сериозно разнишани. Се разбира, кај некои автори и пред тоа ќе сретнеме сериозна загриженост за состојбите на животната средина предизвикани од човековата негрижа и агресивност кон природата, но на почетокот на шеесетите години, за првпат гласот на научниците, од скоро сите подрачја на науката, а особено од биологијата, започна длабоко да продира во свеста и однесувањето на луѓето и институциите на државата, а тоа е дека деструктивната улога на човекот врз природата достигнала загрижувачки размери. И пред тоа, во почетокот на 20 век ќе сретнеме автори кои ги набројуваат „последиците на деструктивната економија" и дека „уништувањето на природата е карактеристика на цивилизираните народи" (Delort and Walter, 2002: 84).

Критиката на индустриската револуција, која кулминира во втората на половина на 20 век, недвосмислено укажа на основите на

човечката деструктивност. Првите знаци за една радикална критика се присутни во делото на Луис Мамфорд „Митот за машината“ каде што аргументирано укажа на штетните последици на техничката цивилизација, и изврши дирекна, радикална и еколошка критика на техничката цивилизација (Mumford, 1986). Во педесеттите години тоа го направиле Фридман и Елил во Франција, Рудолф Баро во Германија, Озборн во САД, но секако, најголема загриженост, не само кај научниот свет, туку многу повеќе кај широките маси, предизвика книгата на Рејчел Карсон, *„Нема пролет“* (Silent Spring) која го осуди штетното дејство врз околината на ДДТ, заштитно средство против штетници (Carson,1962). Прашањето на Бери Комонер (Barry Commoner): „Зошто, по милиони години складен соживот, односите меѓу живите суштества и нивната околина започнале да се расипуваат“ и денес останува отворено и за него се бара одговорот. Секако дека голем дел од содржините и суштината на одговорот е познат, но останува многу да се направи во насока кон еден сериозен практичен приод во решавањаето на проблемите на средината и за враќање на изгубената хармонија меѓу човекот и природата.

Што е заедничко за одговорите на овие неколку прашања за природата на еколошката криза на модерното општество?

Прво, несомнено се наметнува ставот дека еколошката криза не се разгледува само во врска со промените што ги предизвикува индустриската цивилизација врз животната средина и опстанокот на Земјата, туку како криза што длабоко произлегува и е поврзана со состојбите на човековата култура воопшто, криза на неговите вредности, знаење, морал. Во тој контекст, се говори за социјална и еколошка криза и нивниот меѓусебен однос. Причините за еколошката криза сè почесто се бараат во односите меѓу главните социјални актери, но и обратно, во социјалните корени на еколошката криза. Сè повеќе надвладува уверувањето дека корените на еколошката криза се базираат на моќта и богатството од една страна и сиромаштијата, немоќта и очајот од друга страна, во свет кој е остро поделен и загрозен од резултатите на неколкувековниот пред сè, економски, научен и технолошки развој кој остави тешки последици врз состојбите на околината.

Второ, говорот за еколошката криза, која се согледува во неповолната состојба на разорената и деградирана животна средина, во себе ги инкорпорира човековите потреби, технологијата и сликата за себе што ја формира човекот, а која длабоко произлегува од неговата улога и однос кон светот кој го потчинил. Човекот сѐ почесто си поставува прашања од типот: Што е човечкиот живот? За што живееме ние? Дали и другите живи суштества имаат право на живот?

И најпосле, станува збор за еден екополитички и еманципаторски поглед на свет, кој има многу повеќе разбирање за граѓанското општество и за неговата улога во процесите за демократизацијата на општеството, а помалку за улогата на државата и нејзините институции. Имено, овој нов теоретски пристап пред себе си постави за задача како да најде начин да се стави крај на деструктивната логика на акумулацијата на капиталот и склоноста кон богатење во потрошувачкото општество и формирање на нов систем на вредности, каде што материјаното ја губи централната улога, но истовремено да стави крај на сите системи на доминација, како што се класната, расната, тоталитаризмот и секако, доминацијата врз природата од страна на човекот (Eckersey, 2000:20).

## Новата еколошка парадигма и теорија за средината

Последниве триесетина години се направени сериозни анализи за состојбите на природната средина и за нејзиниот однос со социјалната стварност. Тоа е сѐ почесто предмет на интерес на социјалните и политичките науки, особено оној дел што е поврзан со теоретското и практичното влијание врз политиката на заштита на животната средина.

Целта на нашата анализа е да се укаже на дел од истржувањата кои се обидоа да ја воспостават таа врска, од која произлегоа повеќе теоретски и политички ориентации кои во изминатиов неколкудецениски период извршија силно влијание врз научните проследувања, но предизвикаа и забележителни практични постапки, како во истражувањата, така и во креирањето на политиката на односот кон

животната средина, кој суштиски се разликува од оној од пред половина век, од времето на Рејчел, Левлок, Мамфорд, кои во почетокот беа осамени во обидите за промената на односот на човекот и институциите кон природната средина (Carson, 1962; Lovelock, 1999; Mumford, 1986).

Во овој контекст, само накратко, да укажеме на корените и потеклото на социјалната теорија која на радикален начин го промени односот кон средината, иако сме свесни за тоа дека е невозможно во една кратка анализа да се потенцираат сите релеванти елементи.

Пред сѐ, основната позиција на социјалната теорија за средината е надминувањето на поделбата на човекот и природата, односно несоодветната перцепција на човекот како супериорен вид кој се наоѓа на врвот на пирамидата на живиот свет. Во тој контекст, природата и целиот жив свет се ставени во функција на неговите егоистички потреби, што е карактеристично за една антропцентрична вредносна ориенатација, за која е значајно тоа што единствено човекот има внатрешна вредност, која произлегува од фактот што само тој, за разлика од сите други живи суштества, има чувство, свест, морал. Останатиот дел од природата има само инструментална вредност, односно има вредност само ако е во функција на зголемување на човековата благостојба. Природната средина, според ова разбирање на светот, ја игра улогата на капитален магацин за човечката економија, обезбедувајќи основни извори на суровини и услуги, односно сѐ она што е потребно за еден човечки живот но и многу повеќе од тоа, за еден помалуброен дел од човечката популација што живее во богатите општества. Економската активност моментално протекува низ овој магацин (Грул, 1985 ).

Според Пол Кенеди, Земјата е нападната од страна на човечките суштества од две насоки: претераните барања и расипничките навики на богатите од развиените земји, но во исто време, од милијардите гладни усти во неразвиените земји и земјите во развој. Ако не се направи нешто значајно за да се стабилизира порастот на населението во светот, да запре расипничкото трошење на енергијата и останатите ресурси и да се стави контрола врз пореметувањето и загрозу-

вањето на природната средина, наскоро може да се случи да имаме пренаселена и ограбена планета (Кенеди, 1997: 49).

За разлика од антропоцентричната вредносна ориенатација врз која се базира модерната цивилизација и за која природата е само ресурс за човековиот егоизам и расипништво, последните неколку децении од минатиот век, се создоа основи за нов поглед на одност на човекот кон средината. Имено, се појави нова филозофија на природата и се направи радикално превреднување на улогата на техничкиот развој во прогресот на општеството позната како нова еколошка парадигма, за разлика од старата механистичка парадигма, се развива нов радикално различен поглед кон природата и кон живиот свет воопшто.

Основните елементи на оваа нова вредносна ориентација позната и под поимот биоцентризам, според Тејлор (Taylor, 1981: 86), се содржани во следново: Прво, човекот е член на животната заедница како и секое друго нечовечко суштество. Второ, екосистемите на Земјата се посматраат како сложена мрежа на меѓусебно поврзани елементи, со стабилно биолошко функционирање. Трето, секој биолошки организам е разбран како телеолошки центар на светот, извршувајќи ја сопствената улога на свој начин. Четврто, неосновано е тврдењето дека човекот е центар на светот и дека претставува супериорен вид кој треба да владее над другите живи суштества и природата како целина.

За разлика од една социологија на постизобилство (post-exuberant), каде што доминаира претпоставката за човекот–господар над природата (хуман еџептионалист парадигм), дека луѓето се фундаментално различни од сите други живи суштества на Земјата, дека светот дава неограничени можности за луѓето и дека постои решение за секој проблем, претпоставките на новата еколошка парадигма (new ecological paradigm) произлегуваат од радикално различното разбирање на односот човек–средина. Имено, иако луѓето поседуваат исклучително различни карактеристики во однос на другите живи битија, сепак тие се само едни од многубројните кои егзистираат во глобалниот екосистем. Човекот е дел од сложената мрежа на интеракции во природата и тој е зависен од биофизичката средина, која ги лимитира неговите активности. Тоа што луѓето понекогаш со својата

креација ги надминуваат ограничувањата на средината, сепак не им дава за право да сметаат дека еколошките закони можат да бидат негирани (Catton and Dunlap,1980: 34, vo Hall,199: 209).

За теоријата што е во блиска врска со промените на односот на човекот кон средината и е во блиска врска со идејата за биоцентризмот и одржливиот развој важно е да се потенцира следното, а е поврзано и со содржините на социјалната теорија.

Пред сè, неизбежен е интердисциплинарниот и мултудисциплинарниот пристап, поради фактот што односите внатре и меѓу општеството и средината се многу комплексни и не може во рамките на една или во неколку дисциплини да бидат успешно проучувани.

Вториот елемент се однесува на темпоралната рамка на социјалната теорија. Во проучувањето се вклучени и потребите на идните генерации , не само потребите на сегашните, туку и на оние кои сè уште не се родени, а за кои треба да се зачува дел од богатството на земјата. Динамиката на трошење на ресурсите, според согледувањата на голем број научници, за кратко време, за генерациите во иднина ќе предизвика редукција, а некои од ресурсите можат да бидат целосно потрошени и да исчезнат. Концептот за одржливо општество директно се потпира на потребите на идните генерации, кои не би требало да бидат загрозени од сегашните генерации. Во тој контекст, се развива идејата за едно можно еколошки одржливо општество што може (или би требало ) да се развие во блиска иднина.

Одржливиот развој е нормативна идеја што се користи за пропишување и оцена на промените на животните услови. Имено, тоа е развој кој бара да се задоволат основните потреби на сите и се прошират можностите на сите луѓе да ги задоволат сопствените стремежи за добар живот (Carter,2004 :217). Идејата за одржлив развој е сложена. Во литературата се сретнуваат неколку десетици дефиниции, а најчесто е употребувана онаа од Брундланд извештајот (Our Common Future,1987), која го става нагласокот на идните генерации: тоа е развој кој ги задоволува потребите на сегашните генерации, а во исто време не ја загрозува способноста на идните да ги задоволат сопствените. Она што посебно треба да се нагласи, и е составен дел

на идејата за одржливост во развојот, е промената на моделот на потрошувачка во развиените богати земји.

Третата област се соочува со суровиот факт дека еколошките проблеми не ги почитуваат националните и културните граници. Еколошките проблеми се глобални. што претпоставува и глобален пристап во нивното истражување и решавање (Beck, 2001).

Глобализацијата условува нови култури, судири, создава нова политичка конфигурација на национални идентитети, каде што е доведена во прашање привилегијата на богатите и моќните. Денес јасно се идентификувани три вида глобални закани (Bek, 2003: 52-53).

Првата закана е производ на еколошката деструкција што ја предизвикуваат технолошкиот и индустрискиот развој на планетарно ниво, како што се озонските дупки, ефектот на стаклената градина, генетскиот инжинеринг итн.

Втората закана е предизвикана од сиромаштијата: уништувањето на животната средина предизвикано од изобилие, подеднакво распострането низ глобусот, додека уништувањето на животната средина како резултат на сиромаштијата главно се појавува во одредено време и место и станува интернационално само во форма на последица (Majkl Zurn, во Бек, 2003: 53). И на крај, третиот вид закана доаѓа од оружјето за масовно уништување.

Она што е значајно да се потенцира е сознанието дека во ерата на глобализација потенцијалните штети повеќе не се ограничени во време и простор: тие се глобални и трајни, нема јасна и конкретна одговорност, ниту пак штетата финансиски може да биде надополнета. Глобалната опасност е завиена во сложен систем на конфликти што се резулат на сиромаштијата, етничките судири, економските интереси на моќните групи на национално и интернационално ниво.

И накрај, социјалната теорија за свој предмет не би требало да го има само човечкото општество, туку и неговиот однос со другите нечовечки видови. Во контекст на ова интересно е да се каже нешто повеќе и за идејата на длабинска екологија (deep ecology) главно развиена од познатиот норвешки филозоф Арне Нес (Devall and Sessions, 1985).

## Плитка и длабинска екологија, егоцентрична и биоцентрична етика

Расправата за смислата на поделбата на екологијата на „плитка“ и „длабинска“ директно не води во средиштето на суштинските проблеми на модерната цивилизација. „Плиткото“, наспроти „длабинското“ ја потенцира позицијата во разбирањето на односот човек–природа во временска, идеолошка , вредносна и теоретска ориентација, иако се чини дека е невозможно да се повлекуваат остри линии внатре во модерните теоретски гледишта, исто како и меѓу, на прв поглед различните ориентации. „Плиткото“ или „површинското“ упатува на антропоцентризмот, човекот е разбран како единствена вредносна категорија. Тој е она што значи вредност, право, обврска, морална одговорност и тој единствено одлучува што е вредно а што не е. Природата е само инструмент на неговите потреби (Pepper,1996 :35). Секако дека од тој однос на човекот кон светот што го опкружува произлегува и адекватна етичка позиција за која ќе кажеме нешто повеќе во излагањето.

Накратко, што е суштината на длабинската, наспроти плитката (или површинска) екологија (shallow ecology)? Во платформата на длабинската екологија, на прво место се наведува ставот дека секоја форма на живот претставува вредност сама по себе, независно од нејзината корист за луѓето. Нес е инспириран од идејата за симбиоза, што значи дека секое суштество има вредност затоа што е потребно за барем уште некое друго суштество. Идејата за биоцентричката еднаквост лежи во ставот дека сите суштестсва имаат право на живот и се еднакви ако ги посматраме од аспект на нивната внатрешна вредност. Нес сугерира дека иако биоцентричката замисла во принцип е точна сепак, во процесот на преживување сите видови се користат меѓусебно како храна (Devall and Session,1985).

Биоцентричниот егалитаризам, блиската идентификација на човекот со природата која ја застапува Нес, ќе го доведе човекот во состојба на повисока еколошка свест. Тоа е став што го негира дуализмот меѓу природата и човекот и тоа дека човекот е господар на природата. Кога човекот ќе се доживее себеси како дел од природа–

та, но и тоа дека таа е дел од него, доаѓа до самореализација врз која тој ќе може да развие морална должност кон светот надвор од него, исто како што ја доживува кон светот на кој припаѓа.

Накратко, за разлика од плитката екологија која е развивана врз една антропоцентрична и механицистичка парадигма на разбирање на односот на човекот кон природата, за длабинската екологија, различноста во природата има свои вродени вредности и според тоа животинските видови треба да бидат сочувани поради нивната вродена вредност. Човечката популација е преголема и за кратко време ќе предизвика исцрпување на ресурсите на земјата, што негативно ќе се одрази не само за животот на идните генерации, туку и врз исцрпувањето на ресурсите воопшто, разбрани и како ресурси за живите нечовечки суштества, што ќе го доведе во прашање опстанокот на животот воопшто. Најдобар доказ за тоа е загрозувањето на опстанокот на екосистемите. Потоа, потребна е нова прераспределба на богатството на Земјата, богатите држави треба да отстапат дел од богатството што егоистички, расипнички го трошат во овој момент. Во тој поглед, длабинската екологија е во тесна врска со идејата за одржливост, барем во оној дел каде се говори за одржливост во користењето на енергетските извори, воздржување од загрозување на екосистемите и во барањето за порамноправна распределба на богатството на Земјата. Тоа е насочено кон намалување на сиромаштијата во неразвиените земји и подобрување на квалитетот на живот, кој е во голема мера резултат и на здравата животна средина, доволно питка вода, здрава храна, хигиенски живеалишта, незагаден воздух и слично.

Во рамките на сфаќањето на длабинската екологија се издвојуваат две суштински работи, кои ја прават различна од секое друго разбирање на односот на природата и човекот, а тоа се самореализацијата на човекот и биоцентричкиот егалитаризам. Самореализацијата се однесува на идентификацијата на човекот со останатиот жив свет со природата, како едно и неделиво, а биолошкиот егалитаризам упатува на еднаквоста на сите живи суштества. Еднаквоста е тесно поврзана со самореализацијата во смисла, ако човекот прави штета на другите

видови и ја уништува природата, тогаш си наштетува и себеси. Ваквото разбирање на светот, во основа ги негира алчноста, егоизмот, расипништвото на човекот, кои се смртни непријатели на средината. Практичните последици на биолошкиот егалитаризам сугерираат на однос кон другите видови и максимално воздржано влијание врз нив.

Во средиштето на расправите длабинските еколози ја ставаат улогата и значењто на технологијата во модерното општество. Во духот на една екоцентрична ориентација нема место за технологија што е опасна за средината, која не само што ја загрозува средината до степен кога таа не е во можност да се обнови и да дојде во нормална состојба, туку, технологија која е опасност за опстанокот на живиот свет на Земјата како целина. Техничкиот оптимизам, кој повеќе од два века ја грее човековата желба за моќ над природата, денес секој сериозен човек го зема со резерва. За мнозинството научници денес идеологијата на технократизмот и слепото верување во науката и технологијата дека можат безрзервно да ги решат проблемите, се чини дека е минато, иако не треба да се заборави фактот дека за една сеопфатна, реална и практично остварлива екополитика врз принципите на одржливост не може да се говори. Постојат сегменти, волја, првични резултати, глобални согледувања, но сè уште постои голема колебливост кај главните актери на светската политичка сцена за посмели чекори во таа насока.

Мурај Букчин (Bookchin,1988: 130) еден од острите критичари на длабинската екологија смета дека таа ги редуцира луѓето од социјални суштества во едноставни видови, до зоолошки ентитети што се поистоветуваат со мечките, бизоните, елените или пак со растенијата и микроорганизмите. Длабинската екологија во суштина ја игнорира социјалната природа на човечноста и со тоа социјалните почетоци на социјалната криза. Длабинските екологисти според Букчин, не покажуваат интерес за општеството и неговата организација, за начинот на производство, едноставно, учењето на таоистичката и будистичката побожност ја заменува потребата за социјална и економска анализа и самообзирните (self-indulgent) конфликтни групи ја заменуваат потребата за политичка акција и организација. Во ова

учење се губи погледот кон социјалните разлики што го сегментираат човештвото во мноштво делови– мажи и жени, етнички групи, експлоатирани и експлоататори. Таа претставува една космичка екодемагогија која ја проповеда идејата за „реализација на себе во себе, каде што „себе“ значи органска целина“. Човечките суштества не се овошни плодови. Нивната репродуктивна особина е условена од страна на културните вредности, стандардите на живеење, традицијата, половите односи, религиозното убедување и социјалните разлики. Со други зборови, доколку им се обезбеди достоинстевен живот, и што е најважно од се друго, ако се истакне улогата на жената во општеството, динамиката на порастот на популацијата ќе почне да се стабилизира и таа ќе ја промени насоката на пораст во обратна насока.

За Букчин, социјалната екологија не е ниту длабока, висока, дебела ниту пак тенка. Таа е социјална, што значи дека не гледа на биосферата како на небеско божество или пак подземно божество. Станува збор за една револуционерна наука од социјален аспект, од политички таа е радикално зелена, а од морален–хуманистичка. Таа не ја крие нејзината критичка позиција и не се плаши да го нарече модерното општество капиталистичко–збор кој го дефинира потеклото на еколошките проблеми,поглед кој не ги игнорира класните и етничките разлики. Основното прашање што си го поставува социјалната екологија гласи: дали може да се создаде едно еколошки ориентирано општество од страна на моментално антиеколошки ориенатирано општество?

Учењето на длабинската екологија е многу критикувано, особено, во разбирањето на човекот како „грешник“, кој ја уништува земјата, еден „вид вирус“ кој е штетен за Земјата, „глобален рак“ кој се шири неконтролирано или можеби „хив вирус“ и слично на тоа. Очигледниот проблем на длабинската екологија, според критичарите на ова гледиште е во тоа што човекот се разбира како заразно, смртоносно и деструктивно суштество, што логично води во нужен заклучок: решението се бара во елиминација на човекот од лицето на Земјата. Според Ал Гор оние кои го прифаќаат ова гледиште, пропагираат војна на човечката раса како начин да се заштити планетата Земја.

Она што е значајно да се нагласи и се однесува на полето на истражување на социјалната теорија, а што произлегува од сфаќањето на односот на човекот и природата или попрецизно на човекот како дел од природата е содржано во одбивањето да се оддели општеството од средината и да се потенцира моралната одговорност на човекот кон останатиот свет. Полето на истражувањата во екологијата ги обединува природните и социјалните науки кон една нова адаптација на мулти и интердисциплинарен пристап во научната анализа, во која природното и социјалното ќе имаат рамноправен статус.

## Еколошката криза и социјалните промени - кон една социологија на ризикот

Во природните науки прецизно се анализира што, каде, како и за колку време се трошат природните ресурси, каде и како се врши загадување и какво е неговото влијание, обем и значење за стабилноста на екосистемот вклучувајќи го и човекот како живо битие. Социјалните науки, пред сè, се занимаваат со прашања од типот како се трошат ресурсите, кои се нивните корисници, како е распределена потрошувачката по региони и држави, каков е односот меѓу развиените и неразвиените земји, како да се надмине сиромаштијата или врамнотежи стапката на раѓање во однос на степенот на развиеноста и слично. Станува збор за еден нов начин на поимање на стварноста, каде што се обединети и поврзани многу дисциплини, се сретнуваат различни пристапи, кои не се карактеристика на повеќе научни подрачја од социјалните, природните и хуманистичките науки.

Промените на модерното општество, разгледувани во контекст на еколошката трансформација, а со тоа и модернизација, може да се посматра како промена на улогата на науката и технологијата, зголемување на важноста на механизмите на пазарот, но во овој случај, како носители на еколошките реформи, потоа како, трансформацијата на улогата на државата–нација, во услови на глобализација, и најпосле, модификација на позицијата, улогата и идеологијата на општествените движења. Во тој контекст, се наведуваат и новонаста–

натите идеологии и практики кои имаат легитимност во рамките на општеството (Mol and Sonnenfield, 2000).

Како можат да се минимизираат, спречат, драматизираат и за се канализираат ризиците и опасностите, систематски произведени како дел од процесот на модернизацијата, се прашува Урлих Бек (Beck, 2001: 32). Модерното општество е општество на ризик, за разлика од времето на Маркс и Вебер пред стотина години, кога поимите „индустриско“ или „класно општество“ се однесуваа на прашањата поврзани со општествената распределба и нејзината легитимност, ризичното општетство ги поставува истите прашања, но на сосема друг начин.

Во високоразвиените општества на Запад борбата за материјалната егзистенција на луѓето го изгубила значењето, во споредба со периодот во првата половина на 20 век или како што е случај денес во неразвиените земји. Но што е она што ризикот од загрозување на средината денес, суштински го прави различен од ризикот пред модернизацијата- се прашува Бек. Загрозувањето на средината и секоја друга опасност со која се соочувал човекот во минатото, или била лична или ограничена во простор и време, за разлика од ризиците денес, кои имаат глобален карактер и се закануваат на самоуништувањето на Земјата (Бек, 2001: 34). Тоа се ризици на модернизацијата и глобализацијата и се производ на индустрискиот развој. По својата природа тие го загрозуваат животот на земјата во сите негови форми. Својата аргументација во врска со ризичото општество, Бек ја базира пред сè на разбирањето на ризиците кои најчесто се невидливи и отворени за перманентно редефинирање. Иако во принцип ја следат социјалната положба на оние кои се погодени, сепак и оние кои ги произведуваат, моќните, богатите и привилегирани слоеви, не се во состојба да ги избегнат бидејќи во нив е вграден ефектот на бумеранг. Потоа, станува збор за ризици на модернизацијата што се поврзани со big business, ризици кои цивилизцијата ги подарува на човекот, каде што се создава социјална ситуација во која свеста го детерминира битието, за разлика од индустриското општество каде што битието ја детерминира свеста. Во тој контекст, Бек заговара една

социолошка теорија за постанокот и развојот на знаењето за ризиците. И најпосле, она што е карактеристично за едно ризично општество е сознанието дека е потребна нова реорганизација на моќта и власта. „Во помали или поголеми удари–во најава од опасноста од смог, изливање на отров итн.; – значи она што се појавува во ризичното општество е политички потенцијал на катастрофите. За заштита од катас–трофите и за нивното совладување потребна е реорганизција на власта и моќта. Ризичното општество е општество на катастрофи“ (Beck, 2001: 37).

За еколошките проблеми не се говори само од аспект на загадување на средината, туку пред сè за објективни проблеми на општеството, на луѓето, семејството, на човековиот однос кон светот, проблеми на политичкиот, економскиот и социјалниот систем. Општеството не може да се разбере надвор од природата, тоа не може да биде тема сама за себе во социјалните науки. Природата се анализира со помош на политичките категории, дури и кога е предмет на природните науки не е можно да се избегне вредносната димензија на расудувањето. За улогата на сите науки во иднина, вклучувајќи ја и социологијата, централно место зазема сознанието, „дека е потребен институционално зацврстен и заштитен морално плитички потпирач, за да може да се изврши валидно истражување, кое свесно ќе го поднесе и прифати товарот на политичките импликации. Бек во тој поглед, како што за себе мисли, е оптимистички песимист (Beck, 2000).

## Користена литература:


1. Carter, Neil, 2004, *Стратегија заштита околиша*, Загреб: Б.А. Р.Б.А.Т.
2. Carson, Rachel.1962, *Silent Spring*, Harmondsforth: Pengun Books.
3. Bookchin, Murray.1988. “Social Ecology Versus Deep Ecology“ *Socialist Review*, 88
4. Devall, B. and Sessions,G. 1985, *Deep Ecology*, Sailt Lake Peregrine Smith.

5. Milbrath Lester.W., *Envisioning a Sustainable Society*, *vo*, Joel Jay Kassiola
6. Eckersey, R. 1988, *Environmentalism and Political Theory*, State University of New York.
7. Грул,Х. 1985. *Једна планета је оплачкана*, Београд: Просвета.
8. Hall, Tim, 1998, *Urban Geography*, London and New York: Routlege.
9. Мумфорд, Л. 1986, *Мит о машини,* 1 и 2. Загреб: Накладни Завод Хрватске.
10. Кенеди, Пол. 1997, *Припрема за двадесет и први век,* Београд: Новинско издавачка установа Службени лист СРЈ.
11. Цифриќ, И., 2002, *Околиш и одржливи развој*, Загреб:Хрватско социолошко друштво.
12. Lovelock, James. 1999, *Taj zivi planet Geja*, Zagreb: Izvori.
13. Delort R., Walter. F., 2002, *Povijest europskog okolisa*, Zagreb: Naprijed.
14. Интервју со Урлих Бек, *Република,* 2000, 228–229.
15. Бек, Улрих. 2001. *Ризично друштво.* 2001, Београд: Филип Вишнјиќ.
16. Бек, У. 2003. *Што е глобализацијата,* Скопје: Тера Магика.
17. Macnagheten, P. and Urry, John. 1995, „*Toward a sociology of nature*", Sociology ,Vol.29 N.2.
18. Pepper, David. 1996. *Modern Environmentalism* . An introduction, Routleg, London.
19. Paul W. Taylor,1981, The Ethics of respect of Nature, *Environmental Ethics*, 3 Artur P.J. Mol and
20. David A Sonnenfield, 2000" „Ecological Modernization Araund the World : An Introduction, vo *Environmental Politics* 9 (1) 3-16. Spring ).
21. Rifkin, J., 1986, *Posustajanje buducnosti*, Zagreb: Naprijed.

## ЕКОЛОШКА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ГРИЖА ЗА ОКОЛИНАТА СОЦИЈАЛНА ТЕОРИЈА

### Еколошката криза во глобалниот свет

Расправите за еколошките аспекти на глобалиацијата или уште поконкретно за ефектите на глобализцијата врз состојбата на животната средина последните десетина-петнаесет години се во центарот на вниманието на научните расправи, но и во програмите на владите на многу земји во градењето на стартегија за заштита на средината во национални рамки и регионални и меѓународни размери.

Глобализацијата наједноставно можеме да ја разбереме, во духот на нашата тема на расправа, како „ширење, продлабочување и забрзување на меѓузависноста во светот во сите аспекти на модерниот општествен живот, од културата до криминалот, од финансиите до духовноста" (Хелд, 2003:48).

За расправата за карактеристиките и суштината на еколошката глобализација , прашањата од типот дали таа ќе ја разбереме како процес или проект, мит или стварност се чини дека не се толку значајни и не е суштински врз која теоретска позиција ќе ја втемелеме анализата. Поимот еколошка глобализација упатува на една состојба која настанува како резултата на повеќедеценискиот динамичен економски развој базиран врз начелата на неолиберализмот, кој катастрофално се одрази во разни области на социјалниот живот: односно една филозофија на развој во која економијата зазема клучно место во општествените процеси, што доведе до дехуманизација, разни видови на отуѓеност и експлоатација на човечките природни ресурси без преседан во историјата. Иронијата да биде уште поголема, како смета Рифкин, на технологијата човекот почнал да гледа како на нешто независно од природата, како енергијата да се создава од сама себе, а не од природата. Модерниот човек живее со верувањето дека „технологијата создава хармонија во светот, но фактот дека

секогаш кога ќе се потроши корисната енергија се зголемува хаосот на друго место во просторот. Колку побрзо ја развиваме технологијата толку побрзо ја трошиме необновливата енергија и предизвикуваме зголемување на нередот“ (Рифкин, 2002: 95).

Состојбата на модерната цивилизација, посматрана од аспект на глобалните економски процеси упатува на една оправдана загриженост за иднината на човештвото воопшто и како што истакнува еден од пионерите на еманципаторскиот пристап Теодор Рошак, за една можна екополитика. Еколошката мака на Земјата во нашите животи влегла како радикална трансформација на човековиот живот и дека потребите на личноста и потребите на планетата Земја станаа едно исто и заедно почнаа да делуваат на главните институции на нашето општество со сила која е длабоко потикнувачка и која ветува културна обнова (Roszak,1992:19; vo Eckhresly,19).

Слично гледиште застапува и Рудолф Баро кој укажува на еколошката криза која ќе не принуди да го преиспитаме развојот кој го базираме на сфаќањето за Земјата како бесконечен извор на енергија и суровини. Еколошката криза не принудува не само да ја преиспитаме психошката цена на конкурентниот и експанзивен етос на нашата материјалистичка култура, туку и на другите аспекти на човековиот живот. Освен глобалната економија и нејзините непредвидливи опасности за светот, исто така се глобални еколошките опасности и глобалниот техниолошки развој станал објект на глобално политички предизвици и ветувања (Beck, 2004:278).

Што е во основата на феноменот на глобализацијата кој во исто време е предмет и на демонизација и на уважување, предмет на критика и на прифаќање?

Секако дека станува збор за пред се, цврста интеграција на земјите и народите на светот, до која се доаѓа со огромно намалување на трошоците на транспортот и комуникацијата како и уривањето на вештачките бариери за проток на стока, услуги, капитал, знаење и луѓе преку границите (Stiglic, 2002:25). Но најголемиот предизвик не е во воспоставувањето на институциите сами по себе, туку во нивната ментална поставеност: грижата за животната средина, обезбеду-

вање на сиромашните да имаат одлучувачки збор за нештата кои ги погодуваат, промоција на демократијата и фер трговија, што е неопходно да се остварат потенцијалните користи од глобализацијата (Stiglic, 2002:27).

Роберт Гудланд (Gudland, 2003:208-222) аргументирано докажува дека денес човештвото ги достигнало границите на растот во однос на трошењето на суровините и дека тој пораст може да го ублажи сиромаштвото во денешниот свет. Глобалните граници се надминати поради прекумерната потрошувачка на индустриските земји.

За познатиот американски физичар и филозоф Капра драматичниот цивилизациски пресфрт што се случува денес, во иднина може да постане уште подраматичен поради тоа што современите промени уште подлабоко, сестрано и посеопфатно ќе ја опфатат целата планета и секој момент сме поблиску до точката на пресврт, која го означува оној момент кога сме влегле во „чист културен модел на сеопфатна интеракција и општествена организација, која го означува почетокот на новата информатичка ера која ќе се карактреизира со автономија на културата наспроти материјалните основи на нашиот живот“ (Castells, 1996-1999). Денес човекот е исправен пред неизбежното прашање: под кои фундаментални услови може да преживее човечката цивилизација и на кое следи единствениот нужен одговор: човекот мора сопствениот потенцијал да го искористи за создавање на хумано општество и за зачувување на природата.

Постојат повеќе докази од кои може да се извлече заклучокот за границите на растот пред сѐ во економска смисла. Грунланд нив ги сместува во неколку групи и тоа: во степенот на присвојување на биомасата, климатските промени, дупките во озонската обвивка, уништувањето на земјата (претворањето на плодната земја во неплодна) и во губењето на биолошката разновидност.

Последната деценија–две во научните кругови сѐ повеќе преовладува песимизмот во одржливоста на капиталистчкиот модел и во неговата трансформација во неолиберализам како „состојба на праведно и одржливо општествено–економско уредување“. За Стиглиц капиталистичкиот модел е на раскрсница, за Кастелс неговата Ахи–

лова пет е содржана во заострувањето на дихотомијата и спротивноста помеѓу капиталот и трудот и додека „капиталот се здружува, се глобализира се концентрира и станува сѐ помоќен, а работничката класа се наоѓа во состојба на фрагментација и разединување и со изгубен идентитет. Бек решението на глобалните проблеми го бара во формирање сојуз меѓу државите и организациите на цивилното општество кои можат да се спротивстават на хегемонијата на меународниот капитал.

Според проценката на една екипа биолози од Станфорд од почетокот на деведесетите години на минатиот век, човекиот род консумира или уништува 40% од вкупното производство на планетата Земја што е скоро целата енергија асимилирана преку фотосинтеза (Worster,1993:203-219). Прашањето кое Ворстер си го поставува се однесува на големината на богаството што го поседува планетата Земја и до кога тоа може да трае под претпоставка ништо да не се промени во обемот и динамиката на неговото користење. „Можеби единствениот најимпресивен час по историја е и покрај нашата научна експертиза, дека сите наши инвестиции во продуктивна машинерија, целото богатство што сме го постигнале, се содржани во фактот дека сѐуште не сме го надминале недостигот на нашето знаење. Напротив, секоја година се сретнуваме со справувањето со еколошките проблеми отколку порано и со кои не сме подготвени да раководиме. А оваа криза со управувањето се заканува да продолжи и да станува сѐ посериозна и подлабока и во наредниот век (Worster, 1993). Бесмртноста на модрната ера е содржана во нејзините материјалистички цели, дека успехот на кој било поединец или народ најдобро се проценува преку големината на сопственото богатство и неговата економска продуктивност. „Низ целата рана историја постоеле поедници кои живееле со материјалистички стандарди, но не можеме да најдеме ниту една цела култура каде што материјализмот беше дефиниција на доминатниот систем на вредности сѐ додека не дојдеме до современата ера, која што е крајно, бесрамно материјалистичка во нејзините конечни цели и секојдневни стратегии" (Worster, 1993). Современата ера всушност започнува со Рене Декарт и Франсиз Бекон. Бекон го истакнуваше значењето на научниот материјализам за подобрување

на економската положба на човекот со искористување на идеите за практични цели, за да го претвориме светот во моќ и богаство користејќи го нашиот разум да ги зголемиме границите на „човековата империја и да искорисиме сè што е можно". Земјата е создадена за човекот, а не човекот за земјата, констатира Бекон.

Кризата на модерната цивилизација, погледната од аспект на загрозување на човековата средина брзо се претвора во криза на современата култура, пазарната економија која ја формулира приказната за човечкиот триумф над останатиот дел од природата. Решението за кое се залага Ворстер е содржано во надминувањето на фундаменталниот поглед на свет содржан во материјализмот, во нов постматеријалистички поглед на свет, кој почива врз изгубената мудрост на минатото кој ја признава супериорноста на науката врз суеверието. Мислам на поглед каде алчноста е секогаш мана, а не добрина, дека неограничениот економски пораст или „развиток" стана фанатична сила против Земјата" (Worster, 1993). Каде ќе се појави таквиот поглед кон светот, дали во развиените или пак во неразвиените тешко може да се претпостави но тоа и не е толку важно.

Некои автори појавата на „новиот поглед на свет" директно го поврзуваат со економијата, поконкретно со појавата на една „нова економија" која нема да се базира врз принципите на механичкото разбирање на светот во духот на Декарт и Бекон. Односно, економија која ќе делува во согласност со принципите на природата на „правото нештата да постојат онака какви што се дадени" која ќе го почитува светот каков што е и која наоѓа доволно метафизика во него. „Ние сме странци во светот, ние не му припаѓаме, ние сме сè само не негови родени жители. Ние сме освојувачи, го купуваме она што ништо не ни значи и го фрламе кога ќе ни се здосади од него... Но, се разбира, во последен момент светот нè бира и ние одиме назад во земјата, но не одиме помудри и сме многу поосамени странци на крајот" (Matheys, 1999;).

Средината значи пред сè дом, живеалиште за човекот, но исто така и за сите други животински и растителни видови. За човекот, сè до појавата на индустриската револуција природата претставуваше неисцрпно богаство кое само од себе непрекинато се регенерира. Модената

цивилизација односот на човекот и средината ги доведе до радикално нови состојби во поглед на структурните промени: средината не е само природниот свет туку и вештачкиот (антропоморфен) свет (урбано-индустриски комплекс), потоа просторна промена во насока на создавање на глобална претстава за средината и најпосле, во функционална смисла каде што средината е разбрана само како ресурс за економски развој и создавање на повисок животен стандард. „Просторното ширење и структурните промени на средината како последица од човековата експанзија се потчинети на вреднувањето на неговите функционални улоги и инструментални вредности. Последиците се познати: уништување на екосистемите, редукција на разноликоста на животот во нив и загрозување на глобалната животна рамнотежа" (Цифриќ, 2000:32).

Значајно е да се потенцира придонесот на антропологијата во проучувањето на средината барем од две причини. Знаењето што произлегува од доменот на антропологијата за човечката култура може да биде значајно за решавање на проблемите на средината. Имено, гледиштето на културата како еколошки механизам содржи две форми: едната е содржана во разбирањето на културата како медиум, луѓето се во активна интеракција со нивната средина, културата е есенција за нивниот опстанок и без која не би биле способни да го добијат од средина во која живеат она што им е потребно. Во својата основа овој став го содржи антропоцентризмот кој последната деценија-две е остро критикуван од позициите на биоцентризмот (Ацески, 2006). Второто гледиште културата ја посматра како посредник со чија помош луѓето се адаптираат отколку што се во интеракција со својата средина. Првото гледиште ја третира средината како извор за човековата егзистенција, второто упатува на тоа дека таа го обликува човековото општество со поставување на условите за неговиот развој. Некои антрополози на средината гледаат како на" главен двигател" во човековата еволуција (Милтон, 1996:22-23). Проблемите врзани за човековата околина според Милтон најчесто се дефинираат како еколошки, бидејќи тие го опфаќаат начинот на кој организмите се во интеракција со сопствената околина. Човековата активност општо се смета за најважен учесник во промените на околината.

## Грижа за околината и социјалната наука

Постои едно општоприфатено гледиште дека грижата за околината суштински се разликува во прединдустриските од онаа која е својствена во индустриските урбанизирани општества. Некои од сфаќањата за заштита на средината во неиндустриските општества се именувани како „модели на одржливо 'или' конзервирачко општество". Спиритуалните врски меѓу човекот од прединдустриското општество и земјата која ја обработува се споредува со начинот на кој индустриското општество ја претвора земјата во комерцијално добро „чија вредност се проценува само врз тоа колку може да даде принос". Овие спротивности на користење на природата создадоа впечаток дека луѓето од неиндстриските општества живеат во хармонија со природата, а индустриските процеси функционираат против природата.

Оваа состојба на односот на човекот спрема природата во зависност од степенот на економската и технолошката развиеност кај Дасман ја сретнуваме како состојба на „луѓе или општества од екосистемите" и состојба на „луѓе или општества од биосферата". Луѓето од екосистемите се оние кои живеат во рамките на еден или неколку екосистеми и се карактреистични за неиндустриските општества, за разлика од нив луѓето од биосферата се оние чиј начин на живот е тесно поврзан со „глобалнте еколошки системи". Тие ги користат ресурсите од целокупната биосфера: кафе од Бразил, автомобил од Јапонија, чај од Индија, нафта од Иран. „Опстанокот на луѓето од екосистемите зависи од нивниот сопствен екосистем и само доколку тие ги сфаќаат еколошките последици од нивните активности може да се очекува дека тие ќе водат грижа за тоа да не ја уништат животната средина. Со други зборови, може да се очекува дека економијата на некој екосистем создава чувство на одговорност спрема животната околина. Луѓето од биосферата не ги чувствуваат овие ограничувања. Тие од голем број екосистеми извлекуваат ресурси за да ги здоволат сопствените потреби и доколку залихите од некој извор се потрошат или уништат, тие се свртуваат кон друг. Луѓето од биосферата најверојатно не би почувствувале потреба да заштитат некој

од овие екосистеми; економијата на биосферата најверојатно повеќе би создала експлоататорски однос отколку чувство на одговорност спрема животната средина. Еден од централните аргументи на теоријата на заштита на околината во индустриските општества е тој дека последиците од овој став сега добиваат на важност и дека целата биосфера е загрозена како резултат на нерационалната експлоатација на нејзините ресурси“ (Милтон, 1996).

Прашањето за тоа дали постои нешто што може да се нарече грижа за средината, во некое конкретно општество, зависи од тоа што се разбира под поимот средина. Ставот дека средината треба да биде заштитена не соодвествува со претпоставката дека таа е бесконечна и неисцрпна со ресурси. Митот за „примитивната еколошка мудрост“ и колку да е неразбирлив за современиот човек сепак е од голема корист да се сврти вниманието кон фактот за негативните ефекти на човековите активности. Грижата за околината несомнено според Милтон претставува дел од културата, или со други зборови таа е „дел од начинот на кој луѓето го сфаќаат светот и нивното место во него. Таа припаѓа во сферата која ги опфаќа чувствата, мислите, интерпретациите, знаењата, идеологиите, вредностите на човекот. Таа е еден вид ‘културен’ став земајќи ја културата во нејзината потесна смисла, особен начин на сфаќање на светот“ (Милтон, 1996). На пример, пред дваесетина години природното производство беше оценувано како заостанато, нецивилизирано и ненапредно; знак за социо-економска инфериорност. Да се живее близу во природа, во рурално-земјоделска средина, или да се консумира природно произведена храна пред педесетина години значело дека некој не бил напреден или културен, за разлика од оние кои живееле во градот и ги уживале сите добра на цивилизацијата. Тоа говори за сознанието дека нема неутрално вредносно разбирање за средината и кога некој ја опишува средината како нечовечка природа во тоа се содржани имплицитно некои вредносни судови.

Лестер Милбрат (Milbrath, W. Lester, 1993:261-269) го анализира добриот живот во едно одржливо општество. Иронично, како вели тој, човечкиот успех во подигањето на животниот стандард ги принудува луѓето да го редефинираат поимот „добар живот“. Пред сè, тоа

се должи на подобрувањето на здравјето и продолжување на животот како резултат на присвојување на добра од природата. Пред човекот се поставува неизбежната дилема: или ние смислено ќе ја ограничиме сопствената деградација или самата природа ќе постави граници со гладување и болести. Зголемената популација создава отпад кој сериозно ги оштетува екосистемите. Промената на глобалната клима ќе ја разорат екомомијата, ќе ги уништат изворите на храна и вода, и ќе донесат смрт за милиони луѓе.

За Милбрат едно е сигурно: оние кои посакуваат квалитетен живот мора на прво место да ја стават заштитата на животната средина и екосистемите, а на второ место да се заложат за добро функционирање на општеството.

„Можеме од точката каде што сме сега да стигнеме до нов, но сепак стар начин на дефинирање на добриот живот, со меѓусебно помагање со надоградување на нашето социјално знаење. Во оној момент кога ќе стане очигледно дека потрошувачката на материјални добра не води кон подобар живот, или дека таа не е можна, ќе ни биде многу полесно да ја направиме трансформацијата во однос на новиот начин на размислување. Живот без било каков пораст на материјалните блага би бил во секој случај подобар од фанатично трошење на пари и материјални добра кои сега го уништуваат нашиот живот и екосверата: во секој случај нашиот живот на оваа планета би бил поодржлив“ (Milbrath, W. Lester, 1993:261-269).

### Средина, сиромаштија, заштита

Како ќе изгледа светот во иднина ќе зависи од економските услови за кои ќе се определи човештвото. Дали економијата ќе ги реши горливите прашања на модерната цивилизација е најчесто поставуваното прашање не само од страна на економистите. И одговорот на мнозинството не е само од редовите на економистите туку и пошироко, е главно негативен. Несомнен е фактот дека економскиот пораст предизвиква огромен притисок врз животната средина, доведувајќи го во прашање и опстанокот на Земјата во глобални размери. Сè пома-

лку сме убедени дека постојаниот економски развој, без почитување на еколошките законитости и елементарна грижа за животната средина може да биде одговор на решавање на горливите прашања на модерната цивилизација. Развојот сè помалку се перцепира само во неговата економска страна: сè поголем е бројот на оние кои се убедени дека развој по секоја цена може да биде погубен за иднината на човештвото. Песимизмот за опстанокот на земјата не е без основа. Тој длабоко навлегува во карактерот на модерната цивилизација и во нејзината еколошка компонента која суштински влијае врз развојот во целина. Оттаму и логиката на прашањето: зошто сиромашните земји би се грижеле за ефектот на стаклената градина врз животната средина, во услови кога реално се соочуваат со проблеми какви што се: ерозијата на земјиштето и неговото претворање во пустина, недостатокот на вода за пиење, голема задолженост кон развиените земји, а кои, бесомнение се најголеми виновници за феноменот стаклена градина и воопшто за загрозувањето на средината. Тоа не упатува на суштината на односот на развиените и неразвиените земји во доменот на заштита на животната средина во глобални размери (Кенеди, 1997:138). Глобалното затоплување ги вклучува прашањата за создавањето и распределбата на богатството, непосредната корист која ја извлекуваат развиените земји од неразвиените, наспроти долгорочните добивки, традиционалните претпоставки и начин на живот, наспроти новите реалности на глобализираниот свет, интернационалната соработка наместо независна изолационалистичка политика, со право констатира Кенеди. Глобалното затоплување ги принудува државите да се соочат со проблемите на светот кој е поделен на богати и сиромашни. Потребен е нов пристап кон решавање на проблемите, во насока на драстични промени во економските очекувања, во пораст на стандардот и начинот на живот и социјалните односи за да се избегнат штетните последици за генерациите во иднина. Секако дека нациите кои се економски развиени и доволно богати можат да се грижат за сопствената животна средина и да живеат со убедување дека секој човек има право на здрав и продуктивен живот во хармонија со природата, но како што вели Ролстон, тие повеќе се грижат за нивните

права отколку за состојбите во природата (Ролстон,1977). Несомнено е дека во тие околности луѓето добиваат, а природата е таа која губи. Но не секогаш луѓето излегуваат како победници, ако тие ја жртвуваат природата без која очигледно не можат да живеат. „Луѓето победуваат ако ја чуваат природата, а во победниците се вклучени и сиромашните и гладните". За да се постигне одржлив развој заштитата на средината треба да биде составен дел од развојот на општеството во секој поглед и во глобална смисла.

Светот е полн со општества кои безмилосно ги трошат сопствените богатства, општества со неправедно распределено богаство, општества кои ја деградираат природата и кои се ставени во искушение да ги доведат во опасност природните богаства, кои остануваат како алтернатива за решавање на тешките социјални проблеми (Ролстон, 1977).

Сознанијата за состојбите на животната средина се застрашувачки. На пример, скоро 70% од земјата која се користи за земјоделие е загрозена и може да се претвори во неплодна земја; употребата на пестициди достигнува огромни размери и стигнува до скоро 5 милијарди тони годишно; површините под прашуми во текот на минатиот век се намалиле за половина. „Предноста која ја даваат шумите – биолошката разновидност, штедење на водата, почвата, плодната земја за градинарство, како и изворите на енергија за локалната индустрија која интензивно употребува работна сила – се на располагање на сите, вклучувајќи ги и сиромашните кои немаат моќ на пазарот. Но комерцијалните плантажи, сечењето на шумите за материјал и сточарските фарми ги поништуваат тие предности во корист на оние кои претежно припаѓаат на постоечката елита и ситуираните групи кои главно ги застапуваат странските интереси. Постојаната и широко распространета корист се дава во замена на привремена и високо концентрирана. Целиот тој процес одржува многу нееднаква распоред на моќта на локално и на меѓународно ниво" (Лапе, Колинс, Росет, 2005:112–113).

Залагањето на еколозите за радикална промена во начинот на однесување кон животната средина е насочено кон сите без разлика на степенот на развиеност. На пример, основен услов за намалување на штетните гасови кои го предизвикуваат ефектот на стаклена

градина е тесната соработка помеѓу развиените и неразвиените земји, меѓу богатите и сиромашните, во ситуација кога секоја земја без разлика на нејзината развиеност придонесува кон влошување на состојбата на животната средина (Кенеди, 1997:136). Нема сомнение дека развиените земји се тие кои многу повеќе ја загадуваат средината од неразвиените и имаат поголема одговорност.

## Заклучок: социјалната теорија и околината

Во овој труд концепциски тргнавме во одговорот на прашањето: дали е можно да говориме за една социјална теорија за средината (green social theory) или социологија на природата во потесна смисла (Sociology of Nature) каде што значајно место ќе добие односот на човекот спрема природата во неговото суштинско значење (Wilkinson, 2002:201-217; Macnaghtten and Urry,1995:203-220).

Во економијата, на пример се говори за теорија на вредноста базирана врз природните ресурси, која се разликува од другите теории на вредност по тоа што на природната вредност или вредности и дава поголемо значење од другите вредности кои луѓето ги потрошиле или произвеле (Mol Arthur p.J. and Sonnenenfeld D.A. 2000:3-16).

Потоа, се говори за теорија на еколошка модернизација базирана врз согледувања, кои, иако се широко поставени, имаат неколку значајни заеднички карактреистики. Пред сè, се мисли на состојбата на животната средина како резултат не само на непромислените последици од индустријализацијата туку, во еден поширок контекст на културни, политички и социјални промени. Средиштето на проучувањето е фокусирано во насока на реформирање на институциите на системот во функција на создавање на едно одржливо општество.

Несомнено, денес, во секое промислување на односот на човекот спрема животната средина доминира сознанието за опасноста во која се наоѓа Земјата како целина како резултат на човековата активност. Џемс Левелок на почетокот на седумдесетите години ќе констатира дека „ние (луѓето) сме само една од многубројните видови , не сме ни сопственици ни чувари на оваа планета. Нашата иднина

многу зависи од нашите добри односи со Геја отколку од исходот од бесконечната драма на човечките интереси (Lovelock,1979). Овој холистички пристап во размислувањето денес е својствен за сите кои сриозно размислуваат за односот на средината и човекот.

Пред сè основите на зелената социјална теорија се содржани во надминувањето на поделеноста на човекот и средината (природата) и напуштање на уверувањето дека човекот е супериорен во однос на другите живи суштества, но и нежива природа и дека не може да се говори за развој на едно општество (и човештвото) во целина без тоа да се поврзе со условите во средина во која тоа општество егзистира. Во светот кој се глобализира, проблемите со средината можат да се решаваат само како проблеми на човештвото, а не парцијално и регионално. Проблемите со загадувањето, драматичното предупредување за глобалните климатски промени, упатува на нужноста за една социјална теорија која во пристапот кон проблемите е глобална и транснационална.

## Користена литература:


1. Ацески, И., 2006, *Екологијата, средината и социјалните промени,* Годишен зборник на Фолозофскиот факултет Скопје, Книга 59.
2. Beck, Urlich, 2004, *Моќ против моќи у доба глобализације*, Загреб: Школска књига
3. Castells, Manuel, (1996-1999), *The Information Age: Economy, Society and Culture, Blakhvelle*
4. Cifric, Ivan, 2006, Bioeticka ekumena, Potreba za orijentaciskim znanjem, Soc.ekol.,Zagreb Vol.14.No 4( 283-210)
5. Cifric, Ivan, 2000, Bioetika i ekologija, Zagreb: Matica Hrvatska, Zapresic
6. Гудланд, Роберт, 2003, *Раст је достигао своју границу,* во: Менде, Голдсмит. Глобализација, Београд: Клио
7. Rifkin, *Entropija*, 2002, Zagreb: Misl

8. Eckersley, Robyn, 1997, *Environmentalism and Political Theory*, State of University of New York Press
9. Lovelock, James, 1979, Gaia, *A new look at life od Earth*, New York
10. Held, Dejvid. 2003. *Дебате о глобализацији*, Во: Владимир Вулетиќ. (ур.), Глобализација & Мит или стварност, Београд: Завод за уджбенике и наставна средства.
11. Кенеди, Пол, 1997, *Припрема за двадесет и први век,* Службени лист СФРЈ: Београд
12. Лапе Франсес Мур, и др. 2005, *Двадесет митова о глади у свету,* Београд: Клио
13. Matheus, Freya, 1999, *Letting the World Grow Old*: An Ethos of Countermodernity. Worldviews 3
14. Mol Arthur, P.J., and Sonnenenfeld D.A., *Environmental Politics*, 9(1), Spring 2000
15. Macnaghtten and Urry, 1995, *Towards A Socilogy of Nature, Sociology,* Vol.29.No2
16. Milton, Key, 199, *Environmentalism and Cultural Theory*, London: Routledge
17. Milbrath, W. Lester, 1993, *Redefining the Good Life in a Sustainable Society.* Environmental Values 2
18. Rolston, Holmws, 1977, *Feeding People Versus Saving Nature, in:* WorldHunger &Morality 2 and ed.W.Aiken and H. LaFollet
19. *Стиглиц, Джозеф Е., 2002, Противречности глобализације, СБМ: Београд*
20. Woster, Donald, 1993, The Wealth of Nuture, *Oxford, New York*
21. Wilkinson, David, 2002, *Environmental and Law*, Routledge: New York and London

# ПОГОВОР

## МОЖНОСТИТЕ И ДОМЕНОТ НА СОЦИОЛОГИЈАТА

Прашањето што секој би си го поставил читајќи ги овие трудови создавани во период од дваесетина години е дали заслужуваат да се најдат на едно место и, што е уште позначајно, дали тие имаат нешто заедничко, имајќи го пред себе фактот дека третираат теми кои се од различни подрачја на социолошката наука. Се разбира дека потребата да се соберат на едно место трудови што се пишувани по различни поводи и на различни теми, упатува и на една сосема практична димензија – кога се на едно место стануваат лесно достапни за читателите.

Во „Социолошки огледи“ на едно место се наоѓаат два типа трудови.

Првиот тип го сочинуваат трудови кои се обилно емпириски фундирани, кои настанале како резултат на истражувања и говорат многу повеќе со силата на емпириските аргументи, кои упатуваат на една состојба која постојано, брзо и радикално се менува и тие се навистина од голема вредност за оние кои ги проучуваат и имаат можност сопствените резултати да ги компарираат со резултати од слични истражувања од пред десетина и повеќе години. Таков е случајот со прашања кои се однесуваат на религијата, промените на вредностите во услови на драматични промени во првите години од транзицијата, потоа промнеи те во политиката и економијата, ризиците со кои се соочи општеството во транзиција.

Втората група трудови имаат понагласена теоретска ориенатација и се обид да се одговори на некои прашања кои се денес во фокусот на интересирањето, а главно се поврзани со мултукултурализмот, глобализацијата, модернизацијата, проблемите на животната средина, проблемите на демографскиот развој во едно мултикултурно општество, урбаното прашање во постсоцијалистичката трансформација, драматичниот пораст на религиозноста и масовно свртување кон традицијата.

Заедничката карактеристика на трудовите во книгата „Социлолошки огледи“, ако воопшто може да се говори за тоа, е препознатлива

по својата емпириска втемеленост на анализата и теоретската широчина во пристапот: најголем дел од есеите се теоретски фундирани или се прави сериозен обид тоа да бидат, но, и со висок степен на чувство за она што со себе го носи времето на драматични промени и со едно секогаш неизбежно прашање, без разлика дали тоа е поставено на директен начин или се подразбира: промени кон што. Тоа прашање подразбира јасна теоретска позиција: карактерот на промените се промислуваат и разбираат, понекогаш и вредносно се оценуваат, од крајниот резултат, попрецизно, колку се тие во функција на подобрување на состојбите во општеството, од тоа колку луѓето се задоволни од животот.

Во тој контекст, скоро секогаш анализата не заборава на еден основен факт: дека промените, и колку да се тие радикални, се мисли на промените во периодот на постсоцијализмот, дека во нив секогаш главната улога ја играат поединци, луѓе кои имаат свои вредности, сопствен поглед на свет, но кои се ставени во една „експериментална“ состојба. Тие се принудени да го променат коренито животот во сите негови елементи, да се помират со сопственото минато и да усвојат нови правила на игра во име на едно препознатливо – културно, политичко, цивилизациско приближување кон демократски и економски развиениот свет. Тоа приближување или уште поконкретно приклучување кон економски и декократски развиениот свет оди преку нужно откажување и напуштање на многу нешта кои го формираа системот, секојдневието и воопшто животот на луѓето во изминатиот скоро полувековен социјалистички развој, на едно непазарно, еднопартиско и тоталитарно општество.

Беше потребно многу труд и знаење барем на почетокот на транзицијата, да се објасни дел од тој цивилизациски скок, да се прифатат нормите, вредностите и правилата на новиот поглед, и во нивно име да се започне со демонтирање, мудро и стрпливо, минатото на социјалистичката идеолошка матрица, а не само да се отфрли, и да се негира кака непостоечка. Затоа што таа , сакале или не, живее и ќе живее уште долго, ќе се генерира одново, понекогаш и во форма на практична реализација, ќе опстојува како вредност длабоко вкоренета во погледот на свет, или ориентација во животот на луѓето, како

алтернатива и решение на проблемите. Тое дека таа навистина живее несомнено го потврдуваат емпириските истражувасња кои се правени последните години и на популација која се родила кога започнува распагањето на социјализмот.

Во тие околности, во ситуација на радикални промени, социолошката анализа формира свој препознатлив метод, каде главно место зазема критичката опсервација во која преовладуваат оние вредности без кои анализата и не е можна во нејзината суштина, а тоа се потврдените вредности низ кои се развива или се обидува да се развива модерното општество: демократијата, плурализмот, пазарната економија, човековите права и слободи, слобода на говорот и мислата и слично. Социолошкиот говор во почетокот на транзицијата беше главно насочен кон демонтирање на наслагите од социјалистичката идеолошка вредносна ориентација и со неа нужно поврзаните практични манифестации, за да продолжи и денес со уште поизострена критичка опсервација, за тоа – зошто вреднстите на новото во толку безначајна димензија се присутни, дали тоа значи враќање назад, дали значи губење на надеж за иднината, или,поинаку кажано, што е она што движењето кон напред го забавува и зошто чувството за свртеност кон вредностите на минатото бавно ја менува насоката и се трансформира во реални очекувања дека во блиска иднина нешто позитивно ќе се случи.

На социологот, во тие околности не му останува ништо друго, туку да формулира една идеално–типска конструкција на предметот на сопственото истражување која носи „вонвременска димензија“ која во промените на општеството препознава нешто кое е својствено за развиениот свет или нешто кое води кон подобар живот, посреќна иднина на лугето, повисок степен на слобода. Ако тоа го нема или анализата не може да го идентификува, тогаш единствена логичка смисла за нејзиното постоење е отворена и остра критика вперена кон оние кои во свои раце ја држат моќта и власта, работат за егоистички цели и ги урнисуваат темелите на демократијата и човековата слобода.

Социологијата има една незаменлива, па би рекол и неизбежна мисија да го ублажи ударот на културната траума која безмилосно се урна врз мнозинството во општествата во транзиција, да ги разобличи

центрите на моќ, олигархиските структури, оние кои во име на човековите слабости, алчност, и богатење, заборавија на правата на другите луѓе, на помалку моќните, сиромашните, обесправените. Тоа не би требало да се разбере како повик за обнова на некои колективистички, егалитаристички, идеолошки ориентации и најмалку можни практични решенија за проблемите на постранзициската ситуација. Тоа е само дел од долгот кој социологијата треба да го исполни во конструирањето на почовечки цели , побогато општество, поголема праведност , но и слобода и рамноправност. Никој нема право во име на некои повисоки економски цели или „ефикасност" безмилосно да гази врз достоинството на човекот, за да се стигне „во кругот на развиените", нешто слично како и пред деведесетите години на дваесетиот век, во ерата на социјализмот

Во најголем дел од трудовите, врз основа на нужноста на фактите и недвосмислената теоретска позиција, но и вредносна ориентација, се препознава смислата и значењето на она кон што треба да се движи едно општество, какво што е македонското, кое се наоѓа ( или се наоѓаше) во состојба на транзиција .

Иако, денес е тешко да се признае, навистина и тешко да се препознае во што е содржана природата на социолошката анализа и метод, особено тоа се однесува на состојбите на социологијата во малите држави и култури. Мислам на оние трудови кои се нарекуваат (себеси) социолошки , на резултатите кои ги презентираат по разни поводи. За жал во Македонија има сосема малку трудови од сферата на социологијата, уште помалку за појавите кои се суштински за транзицијата, а уште помалку за македонското општество во вртлозите на глобализацијата и културната траума опседната со мултикултурализмот, губењето на суверинитетот, тешкотиите со толеранцијата и што уште не во тој поглед.

Ако судиме по некои дискусии и објавени трудови во поново време, се чини дека некои од социолозите во Македонија и не само тие, не ги надминале почетните лекции од теоријата на заговор, понешто од марксизмот во неговата варијанта од почетоците на империјализмот како највисок стадиум на капитализмот, се разбира, сето тоа зачинето со многу цинизам и самозадоволство.

Во позитивна конотација, анализите јасно кажуваат што не е постсоцијалистичката трансформација не е, но скоро и да нема анализа што таа во суштина претставува, во можност да ги идентификува реалните актери, кои ја водат играта на општествената сцена. Односно, отсуствува елементарно разбирање за тоа, се разбира поткрепено со научна методологија и врз теоретски основи, што всушност, се случува во општетсвото во кое живееме, зошто не живееме во поуредени градови, зошто го губиме чувството за повисока правда, поголема праведност, чувство за посреќна иднина, за заедница на луѓе со различна култура и етнос: едноставно луѓето се претвораат во контејнери за песимизам и отпадоци од трауматична разочараност и безидејност, но и на деривати на културата и вредностите на развиените демократски општества се разбира во една искривоколчена форма.

Прашањето „Како општеството најпосле да влезе во фаза на консолидирани институции и повисок степен на демократија, на повисок степен на права и слободи, но и повисока заработувачка и побогата трпеза" за поголемиот дел од населението, не е повеќе прашање на тегобите карактеристични за почетоците на транзицијата на кои одговорот се бараше во наследството од минатото.

Суштината на прашањата и одговорите со кои се соочува транзицијата денес треба да се бара од субјектите, актерите кои го формираат посттранзициониот амбиент кој во Македонија за мнозинството се претвора во секојдневна грижа за тоа како да се преживее. Не дека нема одговори, ги има во изобилие, одговори од политичари, бизнисмени, економисти, интелектуалци од секој тип но, за жал, сосема малку одговори се дадени од социолози. Затоа што социолозите се меѓу ретките кои одговорите на поставените прашања не ги оптоваруваат и не ги мешаат со егоистичките интереси на моќните структури или со интереси и смисла која не е во интерес на човечноста и прогресот на општеството.

Всушност, нема сериозни одговори и анализи на тие прашања, нема ни погрешни одговори, има изобилие на исполитизиран говор кој ја обесхрабрува и секоја помисла за сериозност во пристапот или ја спречува во нејзината основа затоа што од него се бара уште на поче-

токот да се стави во рамка на некоја моќна структура, која единствено ја интересира моменталниот успех и е многу осетлива на секоја критика кој што не е во нејзина корист. Не дека нема критика, ја има, но ја нема во нејзината авторитетна и творечка форма, изведена по принципите на научната анализа, со силата на аргументите, што значи ослободена од разни политички, партиски или партикуларни интереси.

Во Македонија скоро и да не е изводливо да се поттикне или материјално или морално подржи таквиот говор, не како желба на некого , или некои кои го забрануваат тоа да се направи, едноставно нема систем во кој би заживеал таковиот говор – отворен, непристрасен, но и доволно стручен, научен. Тоа го нема во доволна мера ни во МАНУ, тоа го нема ни на ниво на Универзитетите во Македонија. Доказ за тоа е празниот список на сериозно реализирани проекти во последните десетина години, од областа на општествените науки, а тоа што го има најчесто завршува во некоја фиока во институциите, никому непотребна , неупатена никаде.

Се разбира, социологот, во тој поглед и во тој контекст, не би требало да создава или да додава уште поголема доза на сомничавост и недоверба дека ништо не може да се направи, но мора да продуцира изобилие на креативна критичност – безмилосно аргументуирана и со јасно насочена цел кон оние кои се ретроградно и егоистички насочени, оние кои влечат назад со својата неспособност, кои се нетолерантни и изгубени за целите кои не приближуваат до развиениот свет.

Ако социолошката анализа не е во можност тоа да го препознае, ако не е во можност не само да ги детектира насоките на едно демократско општество,тоа впрочем и не е така тешко и ако се стави во служба на моќните и силни структури , ако е секогаш додворувачки насочена на страна на власта и моќта без разлика во каков облик тоа се манифестира, тогаш, во тој случај, нема социологија, или отсуствува една нејзина исклучително важна димензија, која се претопила во другите сфери без разлика на нивната сериозност.

Декември, 2007

# СОДРЖИНА

## Прв дел


СОЦИЈАЛИЗМОТ И ПОСТСОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ РАЗВОЈ.....5

УМИРАЊЕ НА РАТИ.....5

ВРАЌАЊЕ ВО ИДНИНАТА.....9

КОКТЕЛ ОД ИЗМЕШАНИ СМЕТКИ И ИДЕИ.....14

ВРАЌАЊЕ ВО ИДНИНАТА 2.....18

ПРИВАТИЗАЦИЈА, ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА,
МОЖНОСТИ И ЗАБЛУДИ.....22

СИРОМАШТИЈА.....41

КУЛТУРА, ДЕМОКРАТИЈА, КОРУПЦИЈА.....56

ДЕМОГРАФИЈАТА ВО МУЛТИЕТНИЧКИТЕ ОПШТЕСТВА.....72

БАЛКАНОТ ВО ПРОЦЕСИТЕ
НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ТРАНЗИЦИЈАТА.....84

СТРАВ ОД ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И МУЛТИКУЛТУРА.....92


## Втор дел


РЕЛИГИОЗНОСТА БАРА ШАНСА.....101

МАКС ВЕБЕР ЗА РЕЛИГИЈАТА.....106

РЕЛИГИОЗНОСТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА.....113

СЕКУЛАРИЗАЦИЈА, ТРАНЗИЦИЈА, ТОЛЕРАНЦИЈА.....129

## Трет дел

ГРЧКИОТ ПОЛИС КАКО МОДЕЛ НА ДЕМОКРАТИЈАТА..........149

ЕТНИЧКА СЕГРЕГАЦИЈА ВО АМЕРИКАНСКИТЕ ГРАДОВИ..........156

ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ ВО УРБАНИОТ ПРОСТОР..........168

ОД УРБАНА ЦИВИЛИЗАЦИЈА ДО ГУБЕЊЕ НА ИНДИВИДУАТА..........182

## Четврт дел

ЕКОЛОГИЈАТА, СРЕДИНАТА И СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОМЕНИ..........187

ЕКОЛОШКА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА,
ГРИЖА ЗА ОКОЛИНАТА СОЦИЈАЛНА ТЕОРИЈА..........204

ПОГОВОР - МОЖНОСТИТЕ И ДОМЕНОТ НА СОЦИОЛОГИЈАТА..........218